# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 25 јули 1973
Скопје
Број 29 Год. XXIX

Претплатата за 1973 година изнесува 150 динари. Овој број чини 6 дин. Жиро сметка 40100-601-128


**299.**

Врз основа на член 152, став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕКРШОЦИТЕ

Се прогласува Законот за прекршоците, што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор, одржана на 12 јули 1973 година, и на седницата на Соборот на општините, одржана на 12 јули 1973 година.

Број 03-1935
13 јули 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ПРЕКРШОЦИТЕ

**Прв дел**

**МАТЕРИЈАЛНОПРАВНИ ОДРЕДБИ**

Глава прва

ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Поим на прекршокот**

Член 1

(1) Прекршоците се повреди на јавниот поредок утврдени со закон и други прописи за кои се предвидуваат казни и заштитни мерки.

(2) Казни и заштитни мерки изрекуваат државните органи определени со закон.

**Начело на законитоста**

Член 2

За прекршок може да се казни само ако, пред да е сторен прекршокот бил предвиден со закон или со друг пропис заснован на закон и за него била пропишана казна.

**Пропишување на прекршоци**

Член 3

Прекршоци може да се пропишуваат:

1) со закон;

2) со одлука на општинско собрание;

3) со уредба и одлука на Извршниот совет;

4) со правилник и наредба на старешина на републички орган на управата кога е посебно овластен со закон.

**Временско важење на прописот**

Член 4

(1) Одговорноста за прекршок се определува според прописот кој важел во време на извршувањето на прекршокот.

(2) Ако по сторениот прекршок се измени прописот за прекршокот, ќе се примени новиот пропис ако е поблаг за сторителот.

**Просторно важење на прекршоците**

Член 5

Прописите за прекршоци донесени од Републиката важат на територијата на Републиката, а прописите донесени од општината важат на подрачјето на општината што ги донесла.

**Цел на казнувањето**

Член 6

Целта на казнувањето за прекршок е:

— спречување вршење на прекршоци;

— спречување на сторителот во вршење на прекршоци и негово поправање;

— воспитно влијание на другите да не прават прекршоци;

— влијание на развивањето на општествената дисциплина на граѓаните и општествениот морал.

**Начин на извршување на прекршокот**

Член 7

(1) Прекршокот може да биде извршен со сторување или со несторување.

(2) Прекршокот е извршен со несторување кога сторителот го пропуштил дејствието што бил должен да го изврши.

**Време на извршување на прекршокот**

Член 8

Прекршокот е извршен во време кога сторителот работел или бил должен да работи без оглед кога последицата настапила.

**Место на извршување на прекршокот**

Член 9

Прекршокот е извршен во местото каде што сторителот работел или бил должен да работи, доколку со овој закон или со пропис за прекршокот не е определено поинаку.

Глава втора

ОДГОВОРНОСТ И КАЗНУВАЊЕ ЗА ПРЕКРШОЦИ

**Пресметливост**

Член 10

(1) Не е одговорно лице што ќе стори прекршок во состојба на трајно или привремено душевно заболување или на привремена душевна растроеност или заостанат душевен развој, доколку поради овие состојби сторителот не можел да биде свесен за значењето на своето дејствие, или за пропуштањето, или не можел да управува со своите постапки.

(2) Сторителот е одговорен ако со употреба на алкохол, дрога или на друг начин сам се ставил во состојба на привремена душевна растроеност

**Умисла и небрежност**

Член 11

(1) За одговорност доволна е небрежност на сторителот, доколку со пропис за прекршокот не е определено дека ќе се казни само за умисла.

(2) Прекршокот е сторен од небрежност кога сторителот бил свесен дека со своето дејствие можел да го повреди јавниот поредок, но и покрај тоа лекомислено сметал дека до тоа нема да дојде, или кога не бил свесен за можноста за повредата на јавниот поредок иако според околностите и своите лични својства бил должен и можел да биде свесен за таа можност.

(3) Прекршокот е сторен со умисла кога сторителот бил свесен дека со своето дејствие може да го повреди јавниот поредок и на тоа се согласил.

**Казнување за прекршок**

Член 12

За прекршок не може да биде казнето лице кое во кривична постапка или во постапка по стопански престап е прогласено за виновно за дело кое опфаќа и обележја на прекршок, а не може да се казни ни лице кое веќе е казнето за тој прекршок.

**Дипломатски имунитет**

Член 13

Прекршочна постапка нема да се води ниту ќе се изрекува казна за прекршокот против лицата кои уживаат дипломатски имунитет.

**Нужна одбрана и крајна нужда**

Член 14

(1) Не е прекршок дејствието што е сторено во нужна одбрана или во крајна нужда.

(2) Нужна е онаа одбрана што е неопходно потребна сторителот од себе или од друг да одбие истовремен противправен напад.

(3) Прекршокот е сторен во крајна нужда ако е сторен заради тоа сторителот од себе или од друг да отстрани истовремена опасност за која не е виновен, а која на друг начин не можела да се отстрани, и ако притоа стореното зло не е поголемо од она што се заканувало.

**Сила, закана, присилба и стварна заблуда**

Член 15

За прекршок не е одговорно лице кое го сторило дејствието под влијание на сила, закана или присилба или кое во времето на извршувањето на прекршокот погрешно сметало дека постојат околности според кои, кога тие навистина би постоеле, тоа дејствие би било дозволено.

**Правна заблуда**

Член 16

Сторителот на прекршокот може да биде поблаго казнет ако од оправдани причини не знаел дека неговото дејствие е прекршок.

**Поттикнување и помагање**

Член 17

(1) Тој кој со умисла ќе поттикне друг или ќе му помогне да стори прекршок ќе се казни како да го сторил самиот.

(2) Поттикнувачот и помагачот нема да се казнат ако прекршокот не е сторен.

(3) Поттикнувачот и помагачот се одговорни во границите на својата умисла.

(4) Со оглед на природата на прекршокот како и на начинот и околностите под кои што е извршено поттикнувањето или помагањето и со оглед на степенот на одговорноста поттикнувачот и помагачот можат да бидат поблаго казнети или да се запре постапката против нив.

**Одговорност на правни и одговорни лица**

Член 18

(1) За прекршок може да биде одговорно правното лице и одговорното лице во правното лице.

(2) За прекршок правното лице е одговорно ако до извршувањето на прекршокот дошло со дејствие или со пропуштање на должен надзор од страна на органот на управување или на одговорното лице во правното лице или со дејствие на друго лице што било овластено да постапува од името на правното лице.

(3) Општината, Републиката и државните органи не можат да бидат одговорни за прекршок.

(4) Со законот со кој е пропишан прекршокот може да се пропише одговорност на одговорното лице во органот на управата, другите државни органи и стручните служби на општествено-политичките организации.

Член 19

(1) За прекршокот на правното лице одговара и одговорното лице во правното лице, ако е тоа определено во прописот за прекршокот.

(2) Одговорно лице, во смисла на овој закон, е лице на кое му се доверени одреден круг работи во име на правното лице (управител, раководител на комерцијална служба, директор, книговодител, касиер, магационер, кондуктер и др.)

(3) За одговорното лице одговорност за прекршок постои, ако до извршување на прекршокот дошло со негово дејствие или со негово пропуштање.

(4) Одговорноста на одговорното лице за сторениот прекршок не престанува со престанокот на работниот однос во правното лице, ниту затоа што настанала невозможност за казнување поради престанокот на правното лице.

Глава трета

## КАЗНИ И КАЗНУВАЊЕ ЗА ПРЕКРШОЦИ

**Видови казни**

Член 20

(1) За прекршоци можат да се пропишуваат парична казна и казна затвор.

(2) За еден прекршок може да се пропише и парична казна и казна затвор, но само алтернативно, а за прекршоците сторени заради здобивање со материјална корист можат со закон да се пропишат обете казни, така што да можат да се изрекуваат заедно.

(3) За прекршок сторен од правно лице и одговорно лице на правното лице може да се пропише само парична казна.

(4) Под условите предвидени со овој закон на сторителот на прекршокот, наместо пропишаната казна затвор, може да му се изрече парична казна, а наместо парична казна може да му се изрече укор (член 35 и 36).

Член 21

(1) Парична казна за прекршок, по правило, се пропишува во распон или во сразмерен или сличен однос спрема определената основа.

(2) За определени прекршоци паричната казна може да се пропише и во утврден износ.

Член 22

(1) Казната затвор може да се пропише само со закон.

(2) Казната затвор не може да се пропише во траење пократко од еден ден, ниту подолго од 30 дена.

(3) Со закон може за потешки прекршоци да се пропише казна затвор во траење до 60 дена.

Член 23

Парична казна не може да се пропише во износ помал од 20 динари ниту поголем од 70.000 динари.

Член 24

(1) Со закон и со пропис на Извршниот совет парична казна може да се пропише:

1) за поединец во износ до 10.000 динари;

2) за правни лица во износ од 100 до 70.000 динари.

(2) Со прописите од претходниот став парична казна може да се пропише и во утврден износ за поединци до 150 динари, а за правни лица до 700 динари.

(3) Со закон или со пропис на Извршниот совет за даночни и други прекршоци што претставуваат потешка повреда на прописите, а се сторени заради здобивање со материјална корист, може да се пропише парична казна за поединци најмногу до 20.000 динари, а за правни лица најмногу до 100.000 динари или може да се пропише парична казна во сразмерен или сличен однос спрема определената основа.

Член 25

Општината може да пропише парична казна:

1) за поединец до 1.000 динари;

2) за правно лице од 100 до 10.000 динари;

3) во утврден износ до 100 динари — за поединци, а за правни лица до 300 динари.

Член 26

Со пропис на старешината на републичкиот орган на управата парична казна може да се пропише: за физичко лице до 5.000 динари, а за правно лице од 100 до 25.000 динари, и во утврден износ за поединци до 100 динари, а за правни лица до 500 динари.

Член 27

Износите на наплатените парични казни за прекршоци се приход на Републиката.

**Примена на казните**

Член 28

(1) При изрекување парична казна во решението за прекршокот се определува и рокот за плаќање на паричната казна кој не може да биде покус од петнаесет дена, ниту подолг од три месеци сметајќи од денот на правосилноста на решението за прекршокот.

(2) Во оправдани случаи органот што го донел решението за прекршокот во прв степен може да дозволи паричната казна да се исплати во рати. Во тој случај органот ќе го определи начинот на исплатувањето и рокот на исплатата. Овој рок не може да биде подолг од шест месеци, доколку со посебен закон не е определено поинаку.

Член 29

(1) Ако казнетиот не ја плати паричната казна во определениот рок, таа ќе се замени со казна затвор. Замената на паричната казна со казна затвор се врши со посебна констатација на првостепениот орган дека паричната казна не е платена и дека ќе се изврши казната затвор.

(2) Ако за прекршок е изречена парична казна над 1.000 динари, а казнетиот во определениот рок не ја платил паричната казна, ќе се наплати присилно. Ако не може да се наплати присилно, паричната казна, односно остатокот од паричната казна ќе се замени со казна затвор.

(3) Ако паричната казна не ја плати во определениот рок казнетиот кој е подофицер, офицер, или воено службено лице, паричната казна ќе се наплати присилно.

(4) Ако казнетото правно лице не ја плати паричната казна во определениот рок, таа ќе се наплати присилно.

Член 30

(1) При заменувањето на паричната казна со казна затвор, се сметаат секои започнати четириесет динари во еден ден затвор, но казната затвор не може да надмине 30 дена.

(2) Кога за прекршок, покрај паричната казна алтернативно е пропишана и казна затвор помала од триесет дена, казната затвор со која се заменува изречената парична казна не смее да ја надмине највисоката мера на казната затвор пропишана за тој прекршок.

(3) Кога за повеќе прекршоци е изречена и казна затвор и парична казна, казната затвор со која се заменува паричната казна не може заедно со изречената казна затвор да биде поголема од 60 дена.

(4) Кон извршување на казната затвор со која е заменета паричната казна нема да се пристапи ако казнетиот ја исплати паричната казна или дел од неа во кој случај остатокот на неплатената парична казна сразмерно ќе се замени со казната затвор.

(5) Извршувањето на казната затвор со која е заменета парична казна ќе се прекине ако казнетиот го исплати остатокот на паричната казна по засметувањето на делот од таа казна што ѝ одговара на издржаната казна затвор.

Член 31

Казната затвор се изрекува на полни денови.

**Одмерување на казната**

Член 32

(1) Органот надлежен за постапката, казната за одреден прекршок ја одмерува во границите на пропишаната казна за тој прекршок. Притоа е должен да ги земе предвид сите околности што влијаат казната да биде поголема или помала (отежнувачки и олеснителни околности), а особено тежината на сторениот прекршок и неговите последици, употребата на поопасни средства за извршување на прекршоците, побудите поради кои е сторен прекршокот, околностите под кои е сторен прекршокот, степенот на одговорноста на сторителот, личните прилики и држењето на сторителот по сторениот прекршок, како и околноста дали сторителот на прекршокот е во поврат.

(2) Како отежнувачка околност не може да се земе предвид правосилно изречена казна или заштитна мерка, ако поминало повеќе од една година од денот на издржаната или застарената казна или заштитна мерка, доколку со закон не е определено поинаку.

Член 33

При одмерувањето на паричната казна ќе се земе предвид и имотната состојба на сторителот.

Член 34

Кога казната затвор е пропишана алтернативно со паричната казна, таа ќе се изрече само откога претходно ќе се утврдат такви отежнувачки околности кои укажуваат на тоа дека пропишаната парична казна е недоволна за да се постигне целта на казнувањето (кога настанале тешки последици, поголема степен на виновност, безобзирност на сторителот, нечесни мотиви, прекршок извршен во поврат, употребени опасни средства во извршувањето и др.), што ќе се образложи во решението.

**Ублажување на казната**

Член 35

Органот надлежен за постапката може на сторителот да му одмери казна под пропишаната најниска мерка од определениот вид на казна, или наместо казна затвор да му изрече парична казна, или наместо парична казна и казна затвор да изрече само една од овие казни, ако најде дека со сторениот прекршок не се предизвикале потешки последици, а постојат такви олеснителни околности кои укажуваат на тоа дека и со ублажената казна ќе може да се постигне целта на казнувањето. Вака ублажената казна не може да оди под општиот законски минимум од односниот вид на казна.

Член 36

Ако сторениот прекршок според околностите под кои е извршен е од мало значење, или ако со него не се предизвикани никакви или само очигледно незначителни последици, или ако постојат други околности кои во значителна мера ја намалуваат одговорноста на сторителот, така што да може да се очекува дека сторителот во иднина ќе одбегнува вршење на прекршоци и без изрекнување на пропишаната казна, органот надлежен за постапката може на сторителот наместо парична казна да му изрече укор.

Член 37

(1) Кога прекршокот се состои во неисполнување на пропишаната обврска или наредената мерка, или со прекршокот е сторена штета, органот надлежен за постапката може, ако сторителот пред донесувањето на решението за прекршокот ја исполни пропишаната обврска, односно ја извршил наредената мерка или ја надоместил сторената штета и ако со оглед на природата на прекршокот, на личните особини на сторителот и на околностите под кои е сторен прекршокот, смета дека сторителот во иднина ќе го одбегнува вршењето на прекршоци и без изрекување на пропишаната казна, да ја запре постапката.

(2) Органот надлежен за постапката, ако смета дека со оглед на природата на прекршокот, на личните својства на сторителот и на околностите под кои е сторен прекршокот, сторителот во иднина ќе го одбегнува вршењето на прекршоци, пред донесувањето на решението за прекршок, со писмена опомена да го повика сторителот пропишаната обврска или наредената мерка да ја изврши, односно сторената штета да ја надомести во определениот рок кој не може да биде подолг од триесет дена, и да ја запре постапката против него ако тој во тој рок ја исполни обврската или ја изврши наредената мерка, односно ја надомести штетата.

Член 38

Казна затвор не може да ѝ се изрече на бремена жена по наполнети три месеци бременост и на мајка — до наполнетата една година живот на детето односно за време од шест месеци по породувањето, ако детето е родено мртво.

**Одмерување на казна во стек**

Член 39

Ако сторителот со едно дејствие сторил повеќе прекршоци, или со повеќе дејствија сторил повеќе прекршоци по кои не е донесено решение, а постапката се води пред еден орган, претходно ќе се утврди казната за секој прекршок, па ќе се изречат сите така утврдени казни, а ако тие казни се од ист вид, ќе се изрече вкупна казна која е еднаква на збирот на одделно утврдените казни, со тоа што вкупната казна не може да го надмине општиот максимум на соодветниот вид на казната.

Кога во случајот од став 1 на овој член за повеќе прекршоци е изречена казната затвор над триесет дена и парична казна, казната затвор со која се заменува паричната казна не може заедно со изречената казна затвор да надмине три месеци.

**Пресметување на задржувањето и притворот**

Член 40

(1) Времето за кое е задржан обвинетиот пред да се донесе решение за прекршокот му се засметува во изречената казна. При засметувањето, задржувањето што траело подолго од 12 часа се смета во еден ден затвор, односно во 40 динари парична казна.

(2) На обвинетиот кој бил ставен во притвор, времето поминато во притворот ќе му се засмета во казната затвор изречена за прекршокот, ако не е поведена постапка или против него е запрена кривичната постапка, а за истото дејствие е казнет во прекршочната постапка.

Глава четврта

## ЗАШТИТНИ МЕРКИ

**Видови заштитни мерки**

Член 41

(1) Заштитните мерки се пропишуваат со закон.

(2) Заштитните мерки се пропишуваат кон казната. Со закон може да се определи пропишаната заштитна мерка да може да се примени и без изрекување на казната.

(3) Заштитна мерка може да пропише и општината во случаите предвидени со овој закон.

Член 42

(1) За прекршоци може да се пропишуваат следните заштитни мерки:

1) одземање на предмети што се употребени за извршување на прекршокот или се прибавени со прекршокот, или настанале со извршувањето на прекршокот;

2) одземање на имотната корист;

3) одземање на дозволата за вршење на определено занимање или дејност во траење до една година;

4) одземање на возачка дозвола во траење до една година, забрана за здобивање со возачка дозвола и забрана за управување со моторно возило на лице кое има странска возачка дозвола во траење до една година;

5) одземање на дозвола или забрана за добивање дозвола за поседување и носење оружје во траење до три години;

6) задолжително лекување на алкохоличари и наркомани;

7) протерување на странец од Социјалистичка Федеративна Република Југославија за определено време.

(2) Општината може да пропише заштитна мерка од став 1 точка 1.

(3) Со закон можат да се пропишат и други заштитни мерки. Со законот ќе се предвиди и начинот на извршувањето на тие мерки и органот што ќе ги изврши.

**Примена на заштитните мерки**

**Член 43**

(1) Спрема сторител на прекршок може истовремено да се изречат повеќе заштитни мерки кога постојат законски услови за нивна примена било да се од ист вид или различни.

(2) Кога со едно решение за повеќе прекршоци се изречени повеќе заштитни мерки од ист вид, за кои е пропишано дека ќе се изречат во определено временско траење, ќе се изрече една заштитна мерка, што е еднаква на збирот на поединечно утврдените мерки, со тоа што да не смее да се надмине времетраењето на соодветниот вид заштитна мерка определена со законот.

**Одземање на предмети**

Член 44

(1) Заштитната мерка одземање на предмети што се употребени за извршување на прекршокот, или се прибавени со прекршокот, или настанале со извршување на прекршокот, може да се изрече само ако тие предмети се сопственост на сторителот.

(2) Предметите од претходниот став можат да се одземат и кога не се сопственост на сторителот, ако тоа го бараат интересите на општата безбедност или причини на јавниот морал, како и во други случаи определени со посебен пропис Со ова не се засега во правото на трети лица за надомест на штета од сторителот.

(3) Органот надлежен за постапката во решението за прекршокот ќе одреди дали одземените предмети ќе се уништат, продадат или предадат на соодветна установа, доколку со посебен пропис не е поинаку определено.

(4) Продажба на одземените предмети се врши по прописите што важат за даночното извршување, доколку со посебен пропис не е поинаку определено.

(5) Парите добиени со продажба на предметите што се сопственост на сторителот се приход на Републиката.

(6) Парите добиени со продажба на одземените предмети што не се сопственост на сторителот му се предаваат на сопственикот. Ако сопственикот е непознат и не се јави во рок од една година од правносилноста на решението, добиените пари од продажба на одземените предмети се приход на Републиката.

**Одземање на имотна корист**

Член 45

(1) Кога спрема сторителот на прекршокот се изрекува заштитна мерка одземање на имотна корист, ќе се одземат парите, предметите од вредност и секоја имотна корист што е остварена со извршувањето на прекршокот.

(2) Доколку обвинетиот во определениот рок не го плати паричниот износ од претходниот став, заштитната мерка се извршува по присилен пат.

(3) Одземената имотна корист е приход на Републиката.

(4) Ако во прекршочната постапка е одлучено за надоместок на штетата на оштетениот, органот ќе ја изрече заштитната мерка одземање на имотна корист, само доколку таа корист го надминува износот за надоместокот на штетата.

(5) Оштетениот кој во прекршочната постапка по однос на своето барање за надоместок на штета е упатен на спор, може да бара да се намири од износот на одземената имотна корист, ако поведе спор во рок од шест месеци од правносилноста на решението со кое е упатен на спор и ако во рок од три месеци од правносилноста на одлуката со која е утврдено неговото барање побара намирување од одземената имотна корист.

**Одземање на дозволата за вршење на определено занимање или дејност**

Член 46

(1) Кога на органот надлежен за постапката му е оставено сам да одлучи за целесообразноста за примената на пропишаната заштитна мерка одземање на дозвола за вршење на определено занимање односно дејност, оваа мерка ќе ја изрече кога ќе утврди дека сторителот го злоупотребил своето занимање односно дејност заради вршење на прекршоци, или ако основано може да се смета дека натамошното вршење на занимањето односно дејноста би било штетно.

(2) Лицето спрема кое е изречена оваа мерка, не смее да се занимава со определено занимање односно дејност од денот на правносилноста на решението со кое оваа мерка е изречена. Времетраењето на оваа мерка се смета од денот кога е издржана казната, а во случаите кога е изречена парична казна, укор или самостојно е применета, од денот на правносилноста на решението.

**Одземање на возачка дозвола**

Член 47

(1) Кога на органот надлежен за постапката му е оставено сам да одлучи за целесообразноста за примената на пропишаната заштитна мерка одземање на возачка дозвола или забрана здобивање со возачка дозвола или забрана за управување со моторно возило лице што има странска возачка дозвола, органот ќе ја изрече кога ќе најде дека со оглед на околностите под кои е сторен прекршокот или поранешните повреди на прописите за безбедност на сообраќајот од страна на сторителот на прекршокот укажуваат дека е опасно да има возачка дозвола.

(2) Времето на одземањето на возачката дозвола односно забраната за управување со моторно возило на лице кое има странска возачка дозвола и забрана за здобивање со возачка дозвола, се смета од денот кога казната затвор е издржана, а во случај на изрекување на парична казна или укор или самостојна примена на оваа мерка од денот на правносилноста на решението за прекршокот со кое оваа мерка е изречена.

**Одземање на дозвола или забрана за добивање дозвола за поседување и носење оружје**

Член 48

(1) Кога на органот надлежен за постапката му е оставено сам да одлучи за целесообразноста за примената на пропишаната заштитна мерка одземање дозвола или забрана за добивање дозвола за поседување и носење оружје ќе ја изрече кога ќе најде дека со оглед на околностите под кои е сторен прекршокот и личните својства на сторителот е опасно да има дозвола за поседување и носење оружје.

(2) Времето на одземањето на дозвола за оружје ќе се смета од денот кога дозволата е одземена.

(3) Времето на забраната за добивање на дозвола за оружје ќе се смета од денот кога казната затвор е издржана, а ако оваа мерка е изречена самостојно или со парична казна или укор, од денот кога решението станало правносилно.

**Задолжително лекување на алкохоличари и наркомани**

Член 49

(1) Пропишаната заштитна мерка задолжително лекување на алкохоличари односно наркомани, органот надлежен за постапката може да ја изрече ако најде дека сторителот го извршил прекршокот поради оддавање на употреба на алкохол или опивни дроги, а постои опасност дека повторно ќе врши прекршоци.

(2) При изрекувањето на заштитната мерка од претходниот став органот надлежен за постапката ќе прибави мислење од вештаци. Ако сторителот без оправдани причини не постапи по налогот, присилно ќе се приведе на лекување, а може да се казни и со парична казна до 500 динари. Во случај ако сторителот дополнително постапи по налогот за лекување, изречената парична казна доколку не е извршена, нема да се извршува.

(3) Трошоците за примена на мерката од овој член се обезбедуваат во пресметката на Републичкиот секретаријат за здравство и социјална политика.

(4) Ако сторителот без оправдани причини не постапи по налогот за лекување, оваа мерка ќе се изврши присилно.

Глава петта

## ОДГОВОРНОСТ И КАЗНУВАЊЕ НА МАЛОЛЕТНИЦИ

### Одговорност на малолетници

Член 50

(1) За прекршок не е одговорно лице кое во времето на извршувањето на прекршокот не наполнило 14 години.

(2) Ако лицето од претходниот став стори прекршок, органот надлежен за поднесување барање односно органот надлежен за постапката ќе ги предупреди за тоа родителите на малолетникот односно старателот заради преземање на воспитни мерки.

Член 51

(1) Ако прекршокот го сторил малолетник кој наполнил 14 години, но не наполнил 16 години (помлад малолетник) може да му се изрече само укор.

(2) Органот надлежен за постапката ќе достави препис од решението до родителите односно старателот на сторителот и на органот надлежен за работите на старателството заради засилување на воспитниот надзор над малолетникот.

Член 52

(1) Спрема малолетникот кој во време на извршувањето на прекршокот навршил 16 години, а не навршил 18 години (постар малолетник), може да се изречат укор, парична казна и казна затвор, како и заштитна мерка.

(2) Укор се изрекува ако е достаточно поради сторениот прекршок малолетникот само да се укори.

(3) При изрекувањето на укорот ќе му се укаже на постариот малолетник на штетноста на неговото дејствие и ќе се предупреди, дека, во случај на повторно извршување на прекршок спрема него може да се примени казна.

(4) Малолетник може да се казни само по исклучок ако се утврди дека, со оглед на природата на прекршокот и на неговите лични својства, е потребно да се применат овие казни. Казната затвор не може да биде подолга од 15 дена, било да се изрекува таа непосредно, било да се заменува паричната казна со казната затвор.

Член 53

(1) Пред да се изрече казна на малолетникот. за неговата личност, по правило, ќе се побара мислење од органот надлежен за работите на старателството.

(2) Органот од претходниот став е должен ова мислење да го достави во рокот определен од органот надлежен за прекршочната постапка, кој не може да биде подолг од 15 дена.

(3) Мислењето на органот надлежен за работите на старателството содржи податоци за средината и приликите во кои живее малолетникот, за здравствената состојба на малолетникот, неговата душевна развиеност, психичките својства или склоности и други околности што се однесуваат на неговата личност.

(4) На органот надлежен за работите на старателството му се доставува примерок од правносилното решение со кое малолетникот е казнет.

Член 54

Со прописот за прекршокот може да се определи дека родителот односно старателот на малолетникот кој ќе го стори тој прекршок ќе се казни со парична казна ако ја пропуштил должноста да се грижи за малолетникот.

Глава шеста

## ГАСНЕЊЕ НА КАЗНАТА И ЗАШТИТНИТЕ МЕРКИ

### Застареност за поведување на постапката

Член 55

(1) Прекршочната постапка не може да се покрене ако помине една година од денот кога е сторен прекршокот.

(2) Застарувањето се прекинува со секое дејствие на надлежниот орган покренато поради гонење на сторителот на прекршокот. По секој прекин почнува одново да тече застарувањето, но прекршочната постапка во никој случај не може понатаму да се води по истекот на двојното време одредено во став 1 на овој член.

(3) Гонењето за прекршоци за кои се пропишани казни во утврден износ, што ги наплатуваат на лице место одредени службени лица, застарува за 6 месеци, а во случај на прекин на застаренеста во смисла на одредбите од претходниот став за една година.

(4) Со закон можат за одредени прекршоци да се одредат подолги рокови од роковите од став 1.

Член 56

(1) Изречените казни и заштитните мерки не можат да се извршат ако од денот на правносилноста на решението за прекршок помине една година.

(2) Ако заштитната мерка е изречена самостојно, таа не може да се изврши по истекот на една година од денот на правносилноста на решението.

(3) Застареноста се прекинува со секое дејствие на надлежниот орган преземено поради извршување на казната или заштитната мерка. По секој прекин почнува одново да тече застареноста, но казната и заштитната мерка не можат во никој случај да се извршат по истекот на двојното време одредено во ставовите 1 и 2 на овој член.

(4) Со закон може за одредени прекршоци да се определат рокови подолги од роковите од ставовите 1 и 2 на овој член.

### Дел втори

## ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА

Глава прва

### Основни начела на постапката

Член 57

Постапката предвидена со овој закон се применува на сите прекршоци, доколку со посебен закон за одделните прекршоци не е определена посебна постапка.

Член 58

(1) Прекршочна постапка се поведува само по барање на надлежниот орган или оштетениот (подносители на барањето).

Член 59

(1) Органот надлежен за водење на прекршочната постапка (понатаму во законот: органот надлежен за постапката), е должен вистинито и наполно да ги утврди фактите што се важни за донесување на решението. Тој е должен со еднаква грижливост да ги испита како околностите што го товарат обвинетиот, така и околностите што му служат за одбрана.

(2) Органот надлежен за постапката е должен да се грижи незнаењето или неукоста на странките да не биде од штета по нивните права.

Член 60

(1) Прекршочната постапка се спроведува брзо и економично, но така што со тоа да не се попречува донесувањето правилна и законита одлука.

(2) Докажувањето ќе се ограничи само на фактите што се од значење за утврдување на вистината.

Член 61

Во прекршочната постапка органот надлежен за постапката ги оценува доказите по слободно уверение.

Член 62

(1) Пред да се донесе решение, лицето против кое е поднесено барање за поведување на прекршочна постапка мора да биде испитано за предметот на постапката што се води против него.

(2) Во случај уредно повиканиот обвинет да не дојде на испитување, а не го оправда изостанокот, органот надлежен за постапката може да донесе решение за прекршокот и без испитување на обвинетиот, ако најде дека неговото испитување не е нужно за правилно утврдување состојбата на работата.

(3) Решение за прекршокот може да се донесе без испитување на обвинетиот и во случајот предвиден во член 167.

Член 63

Обвинетиот во прекршочната постапка има право да се брани сам или со стручна помош на бранител.

Член 64

(1) Прекршочната постапка се води на македонски јазик.

(2) Обвинетиот, подносителот на барањето, оштетениот, бранителот, сведокот или друго лице кое учествува во прекршочната постапка, ако е државјанин на СФР Југославија има право да го употребува својот јазик и на својот јазик да се запознава со фактите.

(3) Органот надлежен за водење на постапката ќе обезбеди толкувач и на лице што не е државјанин на СФР Југославија, ако не го знае македонскиот јазик.

Член 65

Во прекршочната постапка обвинетиот не може да биде ставен во притвор, а може да биде задржан пред да се донесе решението за прекршокот само во случаите предвидени со овој закон.

Член 66

(1) Против решението за прекршок може да се изјави жалба до второстепениот орган.

(2) Решението на второстепениот орган е правносилно.

Член 67

(1) Државните и други органи во прекршочната постапка се должни да укажуваат едни на други правна помош.

(2) Доколку обвинетиот и другите учесници во постапката живеат надвор од подрачјето на органот надлежен за постапката, можат да бидат испитани односно сослушани по замолен пат од органот надлежен за постапката во местото на живеењето.

Член 68

Лице кое неоправдано е казнето или задржано во прекршочната постапка има право на надоместок на штетата што со тоа му е сторена.

Глава втора

## ОПШТИ ОДРЕДБИ НА ПОСТАПКАТА

### Органи за водење на прекршочната постапка

Член 69

(1) Прекршочната постапка по сите прекршоци ја води во прв степен првостепениот орган надлежен за постапката (првостепениот орган), а по жалба одлучува второстепениот орган надлежен за постапката (второстепен орган).

(2) Со посебен закон ќе се регулираат организацијата и другите прашања во врска со органот надлежен за водење на прекршочната постапка.

Член 70

Судиите за прекршоци донесуваат самостојно одлуки врз основа на Законот и на други правни прописи.

### Стварна надлежност

Член 71

Првостепените органи се надлежни:

1) да решаваат во прв степен по прекршочните предмети;

2) да решаваат по барањето за повторување на постапката;

3) да вршат и други работи што со закон им се ставени во надлежност.

Член 72

Второстепениот орган е надлежен:

1) да решава во втор степен по жалбите против одлуките на првостепените органи;

2) да решава за изземање на старешината на првостепениот орган;

3) да врши и други работи што со закон му се ставени во надлежност.

### Надлежност за воените лица

Член 73

(1) Постапката за прекршоците што ќе ги сторат воените лица ја води судијата за прекршоци во органот надлежен за постапката, со исклучок за прекршоците што тие ќе ги сторат на место кое е под контрола на воените органи и за прекршоците што ќе ги сторат во воена состојба.

(2) Ако судијата за прекршоци најде дека на воено лице за сторен прекршок би требало да му се изрече казна затвор, ќе му го отстапи предметот на старешината на воената единица односно установата на која ѝ припаѓа тоа лице.

(3) За поведување прекршочна постапка против воено лице органот надлежен за постапката ќе ја извести воената единица, односно установата на која тоа лице ѝ припаѓа.

### Месна надлежност

Член 74

(1) За водење на прекршочната постапка е надлежен, по правило, органот на чие подрачје е сторен прекршокот.

(2) Органот надлежен за правното лице, надлежен е и за одговорното лице во правното лице.

(3) Ако прекршокот е сторен на домашен брод или воздухоплов, за водење на прекршочната постапка е надлежен органот на чие подрачје се наоѓа домашното пристаниште или воздухопловното пристаниште во кое се завршува патувањето на сторителот на прекршокот.

(4) Ако прекршокот е сторен на разни подрачја, прекршочната постапка ќе ја води надлежниот орган што прв ја почнал постапката.

Член 75

Ако не може да се определи надлежноста според местото на извршувањето на прекршокот, таа се определува според живеалиштето односно престојувалиштето на сторителот, доколку важноста на прописот со кој е определен прекршокот се простира и на подрачјето на кое се наоѓа неговото живеалиште односно престојувалиште.

Член 76

(1) Органот надлежен за сторителот на прекршокот е надлежен и за соучесниците.

(2) Против сите лица, по правило, се води единствена постапка и се донесува една одлука. Кога е тоа целесообразно, може да се одвои постапката против одделни соучесници.

(3) Кога за ист прекршок одговараат како соизвршители или соучесници граѓански и воени лица, а за постапката против воените лица се надлежни воени органи (член 73), постапката против граѓанските лица се води одвоено од постапката против воените лица.

Член 77

(1) Органот надлежен за сторителот на прекршокот може предметот да му го отстапи на органот надлежен за постапката на чие подрачје сторителот живее или престојува, ако со тоа се олеснува постапката и ако важноста на прописите со кои прекршокот е определен се простира и на тоа подрачје.

(2) Органот што го отстапува предметот должен е да ги изведе потребните докази до кои може да се дојде.

Член 78

Надлежниот орган е должен по службена должност да води сметка за стварната и месна надлежност. Ако најде дека за водењето на постапката е надлежен друг орган за прекршоци или друг орган, ќе му го отстапи предметот без одлагање на тој орган.

**Пренесување на месната надлежност**

Член 79

(1) Кога надлежниот орган од правни или фактички причини е спречен да постапува, должен е за тоа да го извести надлежниот второстепен орган кој што ќе определи друг стварно надлежен орган доколку важноста на прописот за прекршоци се простира и на тоа подрачје.

(2) Против ова решение не е дозволена жалба.

**Судирање на надлежноста**

Член 80

(1) За судирањето на надлежноста меѓу првостепени органи решава второстепениот орган.

(2) Против решението со кое е расправено судирањето на надлежноста не е дозволена жалба.

(3) За судирањето на надлежноста меѓу органите надлежни за водење прекршочна постапка и други органи решава Врховниот суд на Македонија.

**Изземање**

Член 81

(1) Судијата или друго службено лице не може да учествува во прекршочна постапка:

1) ако е оштетен со прекршокот;

2) ако обвинетиот, неговиот бранител, подносителот на барањето, претставникот на правното лице, оштетениот и неговиот застапник односно полномошник му е брачен другар или роднина во права линија до било кој степен, во странична линија до четвртиот степен или се наоѓа по сватовство до втор степен, или во однос на старател, стараник, посвоител, посвоеник, хранител или храненик;

3) ако во истиот прекршочен предмет учествува како лице кое поднело барање за поведување прекршочна постапка, како бранител, законски застапник или полномошник на оштетениот или претставник на правното лице, или е сослушан како сведок или како вешто лице;

4) ако постојат други околности што предизвикуваат сомневање во неговата непристрасност.

(2) Судијата на второстепениот орган ќе се изземе ако учествувал во донесување на првостепената одлука.

Член 82

(1) Судијата за прекршоци е должен сам да се изземе штом ќе дознае дека постојат причини за изземање. Другите лица се должни самите да бараат изземање штом ќе дознаат дека постојат причини за изземање;

(2) Барање за изземање може да поднесе обвинетиот и подносителот на барањето сè додека не се донесе решение за прекршок. Лицето чие изземање се бара може, додека не се донесе решението по барањето за изземање, да ги преземе само оние дејствија што не трпат одлагање.

(3) За изземање на судијата на првостепениот орган решава старешината на тој орган, а за старешината второстепениот орган.

(4) За изземање на судиите на второстепениот орган решава старешината на второстепениот орган.

(5) Второстепениот орган решава за изземањето на судијата за прекршоци и во случај кога во постапката по жалбата се истакне барање за негово изземање.

(6) За изземањето на другите службени лица кои учествуваат во постапката решава судијата за прекршоци кој постапува по конкретниот предмет.

(7) Пред да се донесе решението за изземање, ќе се земе изјава од лицето чие изземање е во прашање.

(8) Против решението со кое се усвојува изземањето не е дозволена жалба, а решението со кое се одбива изземањето може да се напаѓа само со жалбата против решението во прекршокот.

Глава трета

ОБВИНЕТИОТ ВО ПОСТАПКАТА

Член 83

Обвинетиот е лице против кое се води постапката.

Член 84

Обвинетиот има право да поднесува докази, да става предлози и да изјавува жалба, како и да употребува други правни средства предвидени со овој закон.

Член 85

(1) Обвинетиот има право во текот на постапката да зема бранител. Бранителот е должен да му поднесе полномошно на органот за прекршоци што ја води постапката.

(2) Бранителот е овластен да ги преземе во корист на обвинетиот сите дејствија што може да ги преземе обвинетиот.

Член 86

(1) Во прекршочната постапка против правно лице учествува негов претставник овластен да презема дејствија што може да ги презема обвинетиот.

(2) Претставник на правното лице е лице кое по својата положба е овластено да го претставува и лице кое врз основа на посебно овластување го застапува правното лице, што му се поднесува на органот што ја води постапката.

(3) Претставник на правното лице може да биде само едно лице.

Член 87

(1) Претставник на правното лице не може да биде одговорното лице против кое се води прекршочна постапка.

(2) Претставник на правното лице не може да биде лице кое во иста работа е повикано за сведок.

(3) Во случаите од ставовите 1 и 2 од овој член органот што ја води постапката е должен да го извести правното лице заради определување на друг претставник.

(4) Кога претставникот на правното лице во исто време е и одговорно лице против кое се води прекршочна постапка, органот што ја води постапката е должен за тоа да го предупреди правното лице.

Глава четврта

ОШТЕТЕНИОТ ВО ПОСТАПКАТА

Член 88

(1) Оштетениот е физичко или правно лице чие право, е повредено или загрозено со прекршокот.

(2) Оштетениот има право самиот или преку свој застапник да бара поведување прекршочна постапка, да поднесува докази, да става предлог за остварување на имотно-правно барање за надоместок на штета или враќање на предмети во прекршочната постапка, да изјавува жалба на решението кое е донесено по повод неговото барање за поведување на постапката или по повод одлуката за трошоците на постапката.

(3) Оштетениот има право до донесувањето на решението за прекршокот да се откаже од барањето за водење на постапката и во таков случај нема право повторно да поднесува барање за гонење.

Глава петта

ПОДНЕСОЦИ

Член 89

(1) Поднесоците (барањата за поведување на постапката, предлозите, правните лекови и другите изјави и соопштенија) се поднесуваат писмено.

(2) Обвинетиот и оштетениот поднесоците можат да ги даваат и усмено на записник.

(3) Поднесоците мора да бидат разбирливи и да содржат сè што е потребно за да може по нив да се постапи.

(4) Ако поднесокот е неразбирлив или не содржи сè што е потребно за да може по него да се постапи, ќе се повика подносителот да го исправи односно дополни, во определен рок, а најдоцна во рок од 8 дена.

(5) Доколку подносителот не постапи по претходниот став, судијата за прекршоци ќе одлучи за натамошното постапување според расположивите податоци во поднесокот.

Член 90

(1) Барањето за поведување постапка и другите поднесоци што според овој закон ѝ се доставуваат на спротивната странка му се предаваат на органот надлежен за постапката во доволен број примероци за органот и за другата странка.

(2) Ако на органот не му се предадени доволен број примероци од поднесокот, ќе се повика подносителот во одреден рок да достави доволен број примероци.

Глава шеста

ЗАПИСНИК

Член 91

(1) За одделни службени дејности што се преземаат во текот на постапката се составува записник.

Во записникот се внесува:

1) називот на органот кој ја води постапката;

2) местото, времето и предметот на службеното дејствие;

3) личните имиња на лицата кои учествуваат во службеното дејствие;

4) кратка содржина на извршеното службено дејствие.

(2) Во записникот за испитување односно сослушување се внесува суштествената содржина на исказите. Ако испитувањето односно сослушувањето се врши преку толкувач, ќе се означи на кој јазик е извршено испитувањето односно сослушувањето и кој бил толкувачот.

(3) Записникот го потпишува службеното лице што раководи со службеното дејствие и записничарот.

(4) Записникот за испитување на обвинетиот го потпишува и обвинетиот.

(5) Записникот за сослушување на сведоците и вештаците го потпишуваат и сведоците односно вештаците.

(6) Ако сослушувањето се врши преку толкувач, записникот го потпишува и толкувачот.

(7) Неписменото лице наместо потпис става отпечаток од показалецот на десната рака, а записничарот под отпечатокот ќе го напише неговото име и презиме. Ако поради неможност да се стави отпечаток од десниот показалец се стави отпечаток на некој друг прст или отпечаток од левата рака, во записникот ќе се означи од кој прст и од која рака е земен отпечатокот.

Член 92

(1) Испитаното лице, лицата кои задолжително присуствуваат на дејствијата по постапката, како и обвинетиот и оштетениот, ако се присутни, имаат право да го прочитаат записникот или да бараат да им се прочита записникот. На ова е должен да го предупреди лицето кое го презема дејствието, а во записникот ќе се означи дали предупредувањето е сторено и дали е прочитан записникот. Записникот ќе се прочита секогаш, ако нема записничар и тоа ќе се забележи во записникот.

(2) Ако записникот содржи повеќе листови, тие ќе се означат со редни броеви и секој лист ќе го завери со свој потпис лицето кое раководи со службеното дејствие, а ќе го потпише и испитаното односно сослушаното лице.

(3) Ако испитаното односно сослушаното лице не сака да го потпише записникот или се отстрани пред неговото заклучување, лицето кое раководи со службеното дејствие ќе го забележи ова во записникот.

(4) Ако службеното дејствие не може да се изврши без прекин, ќе се состави посебен записник за секој посебен дел од службеното дејствие.

Член 93

(1) Во веќе потпишаниот записник не смее ништо да се додава, прецртува или менува. Местата што се прецртани уште за време на составувањето на записникот мораат да останат читливи. Исправките и прецртаните места ќе ги завери со свој потпис лицето кое раководи со службеното дејствие. Дополнувањата на веќе заклучениот записник повторно ќе се потпишат и заверат.

(2) Лицето кое учествува во постапката има право да стави приговор на содржината на записникот.

Член 94

(1) За советување и гласање во второстепениот орган ќе се состави посебен записник.

(2) Записникот за советување и гласање го содржи текот на гласањето и одлуката што е донесена.

(3) Записникот го потпишуваат сите членови на советот и записничарот.

(4) Одвоените мислења се приклучуваат кон записникот за советување и гласање, доколку не се внесени во самиот записник.

(5) Записникот за советување и гласање се затвора во посебен плик и ќе се стави во списите во предметот на второстепениот орган.

(6) Овој записник може да се разгледа само кога се решава по вонредниот правен лек и во таквиот случај органот е должен овој записник повторно да го затвори во посебен плик и на пликот да назначи дека го разгледал записникот.

Глава седма

## РОКОВИ

### Сметање на рокови

Член 95

(1) Роковите се сметаат на часови, денови, месеци и години.

(2) Во еден ден се сметаат 24 часа, а месеците и годините се сметаат во календарско траење.

(3) Роковите на часови се сметаат од наредниот час по оној во кој паѓа почетокот на рокот. Тој час ќе се означи на списот.

(4) Во рокот што се смета на денови не се засметува денот во кој паѓа почетокот на рокот.

(5) Роковите определени по месеци или години се завршуваат со истекот на оној ден на последниот месец или година што според својот датум му одговара на денот кога започнал рокот.

(6) Ако последниот ден на рокот паѓа во државен празник или недела или некој друг ден кога органот надлежен за постапката не работи, рокот истекува со истекот на првиот нареден работен ден.

Член 96

(1) Кога изјавата е сврзана со рок, се смета дека е дадена во рокот ако му е предадена пред да истече рокот на оној што е овластен за нејзиното примање.

(2) Изјавата може да се упати и по пошта препорачано, како и со телеграма. Во овие случаи денот на предавањето на поштата се смета како ден на предавањето на оној што е овластен да ја прими.

(3) Ако поднесокот што е сврзан за рок, поради незнаење или очигледен пропуст на подносителот е предаден или упатен до ненадлежен орган за водење на прекршочната постапка пред истекот на рокот, и кај органот надлежен за постапката стигне по истекот на рокот, ќе се земе како да е навреме поднесен.

(4) Обвинетиот кој е задржан, односно кој се наоѓа на издржување казна затвор или се наоѓа во некоја установа заради примена на заштитна мерка, може таквата изјава да ја предаде на управата на установата во која е сместен. Денот кога е составен записникот, односно кога изјавата е предадена на установата се смета како ден на предавањето на органот што е надлежен да ја прими.

### Враќање во поранешна состојба

Член 97

(1) На обвинетиот кој ќе го пропушти рокот за изјава на жалба против решение за прекршокот може од оправдани причини да му се дозволи враќање во поранешна состојба, ако во рок од 3 дена по престанокот на причината поради која е пропуштен рокот поднесе молба за враќање во поранешна состојба и ако едновремено со молбата предаде жалба.

(2) По истекот на еден месец од денот на пропуштениот рок не може да се бара враќање во поранешна состојба.

(3) За враќање во поранешна состојба решава органот надлежен да решава во втор степен по жалбата. Кога надлежниот орган ќе дозволи враќање во поранешна состојба, со истото решение ќе реши и по жалбата.

Член 98

(1) Молбата за враќање во поранешна состојба му се предава на органот на кој му се предава и жалбата.

(2) Против решението донесено по молбата за враќање во поранешна состојба не е дозволена жалба.

Член 99

Молбата за враќање во поранешна состојба не го задржува извршувањето на решението за прекршокот, во надлежниот орган на кој му е предадена молбата може според околностите да нареди извршувањето на казната да се одложи додека не се реши молбата за враќање во поранешна состојба.

Глава осма

## ТРОШОЦИ НА ПОСТАПКАТА

Член 100

(1) Трошоци на прекршочната постапка се издатоци сторени по повод прекршочната постапка од нејзиното поведување до завршувањето, и ги опфаќаат:

1) трошоците на сведоците, вештаците и толкувачите;
2) трошоци на увидот;
3) превозните трошоци на обвинетиот;
4) издатоците за приведување на обвинетиот;
5) превозните и патните трошоци на службените лица;
6) нужните издатоци на оштетениот;
7) паушалниот износ што се утврдува во висина од 20 — 200 динари во зависност од траењето и сложеноста на постапката.

Член 101

Трошоците сторени по повод откривањето на прекршокот подносителот на барањето ќе ги внесе во трошковникот што го прилага кон барањето, кога такви трошоци се предвидени во посебниот пропис за прекршокот.

Член 102

(1) Трошоците на постапката паѓаат на товар на лицето кое е казнето за прекршокот.

(2) Во решението за прекршокот ќе се определи кој ги поднесува трошоците, во кој износ и во кој рок треба да ги плати. Ако за утврдување на големината на трошоците нема доволно податоци, можат да се определат тие и со дополнително решение.

(3) Ако постапката против обвинетиот е запрена, трошоците на постапката ги поднесува органот што ја водел постапката.

(4) Ако постапката е запрена поради невистинито барање на оштетениот или поради откажување од барањето, трошоците на постапката ги поднесува оштетениот.

Член 103

(1) Лице кое е обвинето за повеќе прекршоци нема да ги поднесува трошоците за прекршоците во поглед на прекршокот за кој постапката е запрена, доколку тие трошоци можат да се издвојат од вкупните трошоци.

(2) Кога за прекршок се казнети повеќе обвинети, во решението ќе се определи делот на трошоците што ќе ги поднесе секој од обвинетите, а ако тоа не е можно, ќе се определи обвинетите солидарно да ги поднесат трошоците.

Член 104

Трошоците на постапката се исплатуваат однапред од средствата на органот што ја води прекршочната постапка, а подоцна се исплатуваат од лицата кои се должни да ги надоместат по одредбите на овој закон. Органот што ја води постапката е должен сите трошоци што се однапред исплатени да ги внесе во попис што ќе се приложи кон списите.

Член 105

Ако лицето кое е должно да ги поднесе трошоците на постапката не ги уплати во определениот рок, тие ќе се наплатат по присилен пат.

Глава деветта

## ОДЛУЧУВАЊЕ ЗА НАДОМЕСТОК НА ШТЕТА

Член 106

(1) Оштетениот може до донесување решение за прекршок да поднесе барање за надоместок на штета сторена со прекршокот односно да му се вратат одземените предмети.

(2) За барањето на оштетениот ќе се одлучи во решението за прекршокот. Ако висината на штетата не може да се утврди или ако со расправањето за штетата би се попречувал брзиот тек на постапката, оштетениот ќе се упати своето побарување да го оствари кај надлежниот суд. Ако оштетениот бара поголем надоместок од оној што може да му се признае според утврдените околности, ќе му се определи надоместок според тие околности, а за остатокотот ќе се упати своето побарување да го остварува кај надлежниот суд.

(3) Во случај на запирање на постапката оштетениот ќе се упати своето побарување за надоместок на штетата да го остварува во спор.

(4) Против одлуката за барањето за надоместок на штетата оштетениот нема право на жалба, но доколку не е задоволен со таа одлука, своето барање може да го остварува во спор.

Член 107

(1) Во решението за прекршокот ќе се определи рокот во кој обвинетиот е должен да ја надомести причинетата штета односно да го врати предметот.

(2) Рокот за надоместок на штетата не може да биде пократок од 15 ни подолг од 30 дена. Рокот за враќање на предметите може да биде и пократок.

Глава десетта

## ДОНЕСУВАЊЕ И СООПШТУВАЊЕ НА ОДЛУКИТЕ

Член 108

Одлуките во прекршочната постапка се донесуваат во форма на решение или наредба.

Член 109

(1) Одлуките им се соопштуваат на странките усно, ако тие се присутни.

(2) Усното соопштување секогаш ќе се назначи во записникот или на списот, а лицето на кое соопштувањето му е извршено ќе го потврди тоа со свој потпис. При усното соопштување на одлуката ќе им се обрне внимание на странките дека можат да побараат препис на одлуката и ќе се поучат за правото на жалба и за рокот на жалбата.

(3) Заверен препис на усно соопштената одлука се издава по барање од заинтересираното лице. Кога по барање од заинтересираното лице се издава заверен препис, рокот за жалба се смета од денот кога му е доставен препис на одлуката.

(4) На отсутните лица одлуките им се соопштуваат со доставување на заверен препис на одлуката. Во тој случај рокот за жалбата се смета од денот на доставата.

Глава единаесетта

## ДОСТАВУВАЊЕ НА ПИСМЕНАТА

Член 110

Писмената, по правило, се доставуваат преку пошта. Доставувањето може да се врши и преку надлежниот орган на општината, преку службеното лице на органот што ја донел одлуката или непосредно кај тој орган.

Член 111

(1) Барањето за поведување постапка и поканата за испитување односно заради давање писмена одбрана ќе му се достави на обвинетиот лично.

(2) На обвинетиот лично ќе му се доставаат и сите одлуки од чие доставување тече рокот за жалба, а само по негово барање ќе се доставаат на бранителот или на лицето кое тој ќе го определи.

(3) Ако лицето на кое писменото мора лично да му се достави не се најде на местото каде што треба да се изврши доставувањето, доставувачот ќе се извести кога и на кое место може да го најде и ќе му остави кај едно од лицата наведени во член 112 писмено известување за да биде во определен ден и час во својот стан или на своето работно место заради примање на писменото. Ако и по ова доставувачот не го најде лицето на кое треба да му се изврши доставувањето, ќе постапи по одредбите од член 112 и со тоа се смета дека доставувањето е извршено.

(4) Ако за прекршокот за кој е обвинето лицето на кое писменото не може лично да му се достави е пропишана само парична казна, доставувањето се врши по одредбите од член 112.

(5) На ист начин му се доставуваат и одлуките на оштетениот за кој рокот за жалба тече првиот нареден ден по денот на доставувањето.

Член 112

(1) Писмената што не се наведени во претходниот член, се доставуваат, исто така, лично, но таквите писмена, во случај примателот да не се затече во станот или на работното место, може да му се предадат на некој од возрасните членови на домаќинството, кој е должен да го прими писменото. Ако тие не се најдат во станот писменото ќе му се предаде на настојникот или на соседот, ако тие се согласат. Ако доставувањето се врши на работното место, а лицето на кое треба да му се достави писменото не се затече, доставувањето може да се изврши на лице што е вработено во истото место, ако се согласи да го прими писменото, или во писарницата.

(2) Ако се утврди дека лицето на кое треба да му се достави писменото е отсутно подолго време и дека лицата од претходниот став не можат по-

ради тоа писменото навреме да му го предадат, ќе се врати писменото со назначување каде се наоѓа отсутниот.

Член 113

(1) Кога писменото треба да му се достави на бранителот на обвинетиот, а тој има повеќе бранители, доволно е доставувањето да се изврши на еден од нив.

(2) Ако оштетениот има законски застапник или полномошник, доставувањето ќе му се изврши на него, а ако ги има повеќе, тогаш само на еден од нив.

Член 114

(1) Потврдата за извршеното доставување (доставницата) ја потпишуваат примателот и доставувачот. Примателот ќе го назначи сам на доставницата денот на приемот. Денот и месецот на приемот се испишуваат со букви.

(2) Ако примателот не е писмен или не е во состојба да се потпише, ќе го потпише доставувачот, ќе го назначи денот на приемот и ќе стави забелешка зошто не го потпишал примателот.

(3) Ако примателот одбие да ја потпише доставницата, доставувачот ќе го забележи тоа на доставницата како и причините за одбивањето и ќе го назначи денот на предавањето и со тоа доставувањето е извршено.

Член 115

(1) Кога примателот или возрасниот член на неговото домаќинство ќе одбие да го прими писменото, доставувачот ќе го забележи на доставницата денот, часот и причината за одбивањето на приемот, а писменото ќе го остави во станот на примателот, или во просторијата каде што работи и со тоа доставувањето е извршено.

Член 116

(1) Кога поканата треба да се достави на воено лице, работник на милиција и на работници од сувоземниот, езерскиот и воздухопловниот сообраќај, доставувањето се врши преку нивната команда односно непосредниот старешина, а по потреба на овој начин може да се врши доставување и на други писмена и со тоа се смета дека доставувањето е извршено.

(2) На лицата лишени од слобода доставувањето им се врши преку управата на установата во која се сместени.

Член 117

(1) Доставувањето на државјанин на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во странство се врши со посредство на дипломатските или конзуларните претставништва на Југославија во странската држава, под услов странската држава да не се противи на таков начин на доставување и лицето на кого доставувањето му се врши доброволно се согласи писменото да го прими. Овластениот работник на дипломатското или конзуларното претставништво ја потпишува доставницата како доставувач, ако писменото е врачено во самото претставништво, а ако писменото е доставено преку пошта — тоа го потврдува на доставницата.

Член 118

(1) На државниот орган одлуките и другите писмена му се доставуваат со предавање во писарницата.

(2) Доставувањето на организациите на здружен труд и други организации и граѓанско-правни лица се врши со предавање на писменото на лицето овластено за прием на писмено или на работникот кој се затекол во деловната просторија.

(3) Кога се врши доставување на одлуки кај кои од денот на доставувањето тече рок, како ден на доставување се смета денот на предавањето на писарницата на органот, односно на лицето наведено во претходниот став.

Глава дванаесетта

## РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА СПИСИТЕ

Член 119

(1) На секој кој има оправдан интерес може да му се дозволи разгледување и препишување на одделни прекршочни списи.

(2) Кога постапката е во тек, разгледувањето и препишувањето на списите ги одобрува судијата за прекршоци кој ја води постапката, а кога постапката е завршена, разгледувањето и препишувањето на списите го дозволува старешината на органот надлежен за постапката или лице кое тој ќе го овласти.

(3) Разгледувањето и препишувањето на списите може да не се дозволи ако со тоа би се попречувало правилното водење на постапката.

(4) По довршувањето на доказната постапка, на лицата од став 1 од овој член не може да не им се дозволи разгледување и препишување на списите на предметот.

Глава тринаесетта

## ПОВЕДУВАЊЕ И ТЕК НА ПОСТАПКАТА

**Подносител на барањето**

Член 120

(1) Прекршочната постапка се поведува по барање од овластениот орган и оштетениот (подносител на барањето).

(2) Овластени органи во смисла на став 1 од овој член се органите на управата, овластените инспекции, јавните обвинителства и други органи и организации што вршат јавни овластувања во чија надлежност спаѓа непосредното извршување на прописите во кои се предвидени прекршоци.

(3) Барање за поведување постапка може да поднесе оној орган на управата во чија надлежност спаѓа непосредното извршување на прописот во кој е предвиден прекршокот. Ако тој орган не поднесе барање, барањето може да го поднесе органот на управата од повисок степен во чиј делокруг спаѓа извршувањето на односниот пропис.

(4) Барањето за поведување постапка се поднесува писмено. Оштетениот може барањето да го поднесе и усно на записник.

(5) Ако органот надлежен за постапката на друг начин дознае за прекршокот по кој не е поднесено барање според став 1 од овој член, ќе го извести за тоа органот овластен за поднесување барање за поведување постапка.

**Содржина на барањето**

Член 121

(1) Барањето за поведување прекршочна постапка содржи:

1) основни податоци за обвинетиот (име и презиме, прекар, ако го има, место и дата на раѓање, место на живеење, улица и број, чиј државјанин е, занимање), односно назив и седиште на обвинетото правно лице, а за одговорното лице во правното лице и функцијата што ја врши во тоа правно лице;

2) фактички опис на прекршокот од кој произлегуваат правните обележја на прекршокот, време и место на извршувањето на прекршокот и други околности потребни прекршокот што поблиску да се определи;

3) правна квалификација на прекршокот и

4) предлог за доказите што треба да се изведат.

(2) Ако барањето за поведување на прекршочната постапка не содржи податоци од претходниот став, ќе му се врати на подносителот во одреден рок да ги отстрани недостатоците. Во слу-

чај подносителот на барањето да не ги отстрани недостатоците во одреден рок, ќе се смета дека се откажал од барањето.

(3) Рокот од претходниот став не може да биде пократок од три, ниту подолг од осум дена.

(4) Кога барањето за поведување на прекршочната постапка го поднесува оштетениот, барањето не мора да ја содржи правната квалификација на прекршокот.

**Поведување на постапката**

Член 122

(1) По повод поднесеното барање органот надлежен за постапката утврдува дали постојат услови за поведување на прекршочната постапка.

(2) Кога органот надлежен за постапката утврди дека постојат услови, донесува одлука за поведување на постапката. Постапката натаму се води по службена должност.

Член 123

(1) Примерок од барањето за поведување на прекршочната постапка, органот надлежен за постапката, по правило, ќе му достави на обвинетиот со поканата заради давање на писмена одбрана.

(2) Ако според одредбите на овој закон се донесува решение за прекршок во скратена постапка (член 167) примерокот од барањето за поведување на постапката му се доставува на обвинетиот со решението за прекршокот.

(3) Ако од моментот на поведувањето на постапката зависи некое право или обврска, ќе се смета дека прекршочната постапка е поведена кога е донесена одлука за поведување на постапката.

Член 124

(1) Ако органот надлежен за постапката најде дека нема услови за поведување на постапка, со решение ќе го отфрли барањето.

(2) Не постојат услови за поведување на постапката:

1) ако дејството опишано во барањето не е прекршок;

2) кога настапила застареност за поведување на прекршочната постапка;

3) кога постојат основи што ја исклучуваат одговорноста на обвинетиот;

4) кога постојат други законски причини поради кои не може да се поведе прекршочна постапка.

(3) Органот надлежен за постапката ќе го извести подносителот за отфрлање на барањето, а оштетениот ќе го упати дека барањето за надоместок на штетата може да го остварува во спор.

(4) Кога барањето е поднесено од страна на ненадлежен орган односно неовластено лице, барањето ќе се препрати до надлежниот орган.

(5) Против решението од став 1 од овој член дозволена е жалба во рок од три дена од денот кога ќе се извести подносителот на барањето.

Глава четиринаесетта

## МЕРКИ ЗАРАДИ УСПЕШНО ВОДЕЊЕ НА ПРЕКРШОЧНАТА ПОСТАПКА

**Мерки за обезбедување присуство на обвинетиот**

Член 125

Мерките што можат да се преземат спрема обвинетиот заради обезбедување присуство и за успешно водење на прекршочната постапка се: повикување, доведување, гаранција и задржување.

**Повикување на лица**

Член 126

(1) Лице кое треба лично да учествува во постапката се повикува, по правило, со писмена покана. Во поканата ќе се означи називот на органот кој повикува, времето кога треба да се јави повиканиот, предметот поради кој се повикува и во кое својство (како обвинет, сведок, вештак итн.).

(2) Повикувањето на обвинетиот се врши со доставување на поканата која содржи назив на органот надлежен за постапката, име и презиме на обвинетиот, назив на прекршокот што му се става на товар, ден и час како и место каде што обвинетиот треба да се јави и назначување дека се повикува во својство на обвинет.

(3) Во поканата со која обвинетиот се повикува ќе се назначи дали мора лично да се јави заради испитување или својата одбрана може да ја даде писмено.

(4) Кога обвинетиот се повикува лично да дојде затоа што е неопходно негово испитување, во поканата ќе се предупреди дека во случај на нејавување ќе биде приведен.

(5) Ако за утврдување на вистината во прекршочната постапка не е неопходно присуството на обвинетиот, во поканата ќе се предупреди дека решението за прекршокот во случај на нејавување ќе биде донесено без негово испитување.

(6) Во поканата за сведоци и вештаци ќе се означи дека повиканиот е должен да се јави и дека за случај на неоправдано нејавување на поканата ќе се нареди негово приведување, а може да се казни и парично до 100 динари. Ако се повикува оптуженият како сведок тоа мора да се означи во поканата.

(7) Во исклучителни случаи повикувањето може да се изврши и усно што ќе се забележи во списите.

Член 127

(1) Поканата за обвинетото правно лице се упатува на неговиот претставник.

(2) Кога е потребно да се повика претставник на обвинетото правно лице, а на органот надлежен за постапката не му е познато кој е негов претставник, ќе побара од овластениот орган на обвинетото правно лице да определи свој претставник.

(3) Ако обвинетото правно лице по покана од органот не определи претставник, ќе се казни со решение со парична казна до 1.000 динари. Ако и по оваа казна правното лице не определи свој претставник, ќе се казни за секое натамошно неодзовување на поканата со парична казна до 2.000 динари.

(4) Во поканата за обвинетото правно лице односно за неговиот претставник ќе му се обрне внимание дека за случај на неодзовување на поканата ќе се нареди негово приведување.

**Приведување на лица**

Член 128

(1) Ако уредно повиканото лице не се јави на поканата и својот изостанок не го оправда, а неговото присуство е неопходно заради утврдување на фактичката состојба, ќе се нареди негово приведување.

(2) Приведувањо на обвинетиот може да се нареди само ако во поканата било означено дека обвинетиот мора лично да дојде.

(3) Приведувањето на обвинетиот може да се нареди и без претходна покана, ако не може да го докаже својот идентитет, или нема постојано престојувалиште, или ако со одење во странство може да ја избегне одговорноста за прекршок, или ако бил затечен во потежок прекршок против јавниот ред и мир за кој може да се изрече казна

затвор и може основано да се очекува дека ќе го продолжи вршењето на прекршокот.

(4) Приведување на оштетениот може да се нареди само ако е тој повикан и како сведок.

(5) Приведувањето се наредува писмено. Во наредбата мора да биде назначено името и презимето на лицето кое треба да се приведе, точна адреса, а по потреба и други податоци нужни за утврдување идентитетот и причината поради која се наредува приведувањето. Наредбата мора да биде заверена со службен печат и со потпис од судијата за прекршоци кој го наредил приведувањето.

(6) Овластените службени лица на органите за внатрешни работи можат и без наредување од органот надлежен за постапката да приведат лице кое е затечено во вршење на прекршок, ако не може да се утврди неговиот идентитет, или ако тоа нема постојано престојувалиште, или ако со одење во странство може да ја избегне одговорноста за прекршок, како и во случај кога приведувањето е потребно за да се спречи продолжувањето на прекршокот. Приведувањето на обвинетиот во такви случаи мора да се изврши без одлагање.

(7) Приведувањето на воени лица може да го врши само овластениот воен орган.

**Задржување на лицата**

Член 129

(1) Обвинетиот може да биде задржан до донесувањето на решението за прекршок:

1) ако не може да се утврди неговиот идентитет или ако нема постојано престојувалиште, а постојат основи на сомневање дека го сторил прекршокот и дека ќе избега,

2) ако е затечен во извршување на прекршок за кој може да се изрече казна затвор, а задржувањето е потребно за да се спречи натамошното вршење на прекршокот,

3) кога со одењето во странство може да ја одбегне одговорноста за прекршокот.

(2) Задржувањето може да трае најдолго дваесет и четири часа од часот кога е задржан обвинетиот. Во тој рок обвинетиот мора да биде испитан и мора да се донесе решение за прекршокот или обвинетиот ќе се пушти на слобода.

(3) За задржувањето на обвинетиот мора да се стави забелешка на списот во која ќе се означи денот и часот кога е наредено задржувањето. Оваа забелешка ја потпишува судијата за прекршоци односно службеното лице овластено за приведување кое го наредило задржувањето, а под неа потпишува обвинетиот дека му е соопштена наредбата за задржувањето.

Член 130

(1) Судијата за прекршоци може да нареди да се задржи лице во пијана состојба ако се затече во вршење на прекршок додека не се отрезни и ако постои опасност дека тоа и понатаму ќе врши прекршоци. Ваквото задржување не може да трае подолго од 12 часа од часот кога пијаното лице е задржано.

(2) Задржување на лице во пијана состојба во случаите од став 1 од овој член може да нареди и овластеното службено лице на органот за внатрешни работи.

(3) За задржувањето мора да се стави забелешка на списот во која ќе се означи денот и часот кога е наредено задржувањето.

Член 131

Кога постојат условите од член 129 и 130 на овој закон за задржување на военo лице, задржувањето ќе го изврши најблиската воена команда.

**Гаранција**

Член 132

(1) Кога прекршочната постапка е поведена против обвинет кој нема живеалиште во Југославија или кој повремено престојува во странство, а сака пред завршувањето на постапката да ја напушти Југославија по негов предлог судијата за прекршоци може да определи да положи гаранција.

(2) Кога е тоа потребно, судијата за прекршоци ќе побара од обвинетиот да определи свој полномошник или полномошник за примање писмена според прописите за општата управна постапка.

(3) Гаранцијата не може да се определи пред да биде сослушан обвинетиот.

(4) Гаранцијата секогаш гласи на паричен износ што се определува со оглед на тежината на прекршокот, пропишаната казна и големината на штетата нанесена на оштетеното лице. Гаранцијата се состои во полагање на готови пари, хартии од вредност, скапоценост или предмети кои можат лесно да се претворат во пари и да се чуваат.

(5) Ако биде донесено решение за запирање на постапката или обвинетиот биде ослободен, положената гаранција се враќа.

(6) Ако обвинетиот по правносилноста на решението со кое е казнет за прекршок не го плати износот на утврдениот надоместок на штетата, овој износ ќе се наплати од положената гаранција.

(7) Ако казнетиот не ја плати паричната казна или не се јави на извршување на казната затвор, односно заштитната мерка, со остатокот од гаранцијата, по наплатата на надоместокот на штетата и трошоците на постапката, ќе се постапи согласно со одредбите од член 27 од овој закон.

**Испитување на обвинетиот**

Член 133

(1) Обвинетиот се испитува усно.

(2) На почетокот на првото испитување од обвинетиот ќе се земат општите лични податоци: име и презиме, прекар, ако го има, име и презиме на родителите, занимање, место на живеење, ден, месец, година и место на раѓањето, државјанство, занимање, брачна состојба и број на децата, писменост, имотна состојба, дали е, кога и зошто судски или прекршочно казнуван, дали против него се води кривична постапка и за кое дело и ако е малолетен кој му е законски застапник.

(3) По земање на личните податоци органот надлежен за постапката ќе му соопшти на обвинетиот зошто се зема на одговорност и ќе го повика да каже сè што е во врска со прекршокот поради кој се испитува.

(4) Органот надлежен за постапката може да го повика обвинетиот својата одбрана да ја даде писмено, ако најде дека непосредно усно испитување не е потребно со оглед на значењето на прекршокот и податоците наведени во барањето. Во ваков случај обвинетиот може својата одбрана да ја даде писмено или да се јави лично за да биде усно испитан.

Член 134

На обвинетиот прашањата му се поставуваат јасно, разбирливо и одредено, така што може потполно да ги разбере. Во испитувањето не смее да се доаѓа до претпоставката дека обвинетиот признал нешто што не признал, ниту смее да му се поставуваат прашања во кои е веќе содржано како на нив треба да се одговара.

Член 135

Обвинетиот ќе се соочи со сведокот или со соучесникот ако нивните искази не се согласуваат во важните точки и ако таа противречност не може на друг начин да се отстрани.

Член 136

Ако обвинетиот е глув, ќе му се постави прашањето писмено, а ако е нем, ќе се повика да одговара писмено. Ако испитувањето не може да се изврши на овој начин, ќе се повика заради толкување такво лице кое може да се разбере со обвинетиот.

**Испитување на претставникот на правното лице**

Член 137

Кога постапката се води против правно лице се испитува претставникот на обвинетото правно лице и одговорното лице.

Член 138

(1) На почетокот од првото испитување, од претставникот на правното лице ќе се земат следните податоци: неговото име и презиме, функција во правното лице, називот, фирмата на организацијата на здружен труд, неговото седиште, стопанската дејност со која се занимава (предмет на работењето), материјалната состојба, дали е казнувано за стопански престап или прекршок и бројот на жиро-сметката.

(2) По земањето на податоците органот надлежен за постапката ќе му соопшти на претставникот на правното лице зошто се обвинува правното лице и ќе го повика да каже сè што е во врска со прекршокот

(3) Органот надлежен за постапката може да го повика претставникот на правното лице својата одбрана да ја даде и писмено.

(4) При испитувањето на претставникот на правното лице не може да присуствува одговорното лице кое уште не е испитано.

(5) Органот надлежен за постапката може да нареди претставникот и одговорното лице да се соочат ако нивните искази не се согласуваат во важните факти.

**Сослушување на сведоци**

Член 139

(1) Сведоците ќе се сослушаат ако тоа е потребно за утврдување на фактите.

(2) Секое лице кое е повикано како сведок е должно да дојде и да сведочи. Лицата кои поради изнемоштеност, болест или неспособност не можат да дојдат по поканата, ќе се испитаат како сведоци во својот стан.

(3) Ослободени се од должноста сведочење: брачниот другар на обвинетиот, роднините на обвинетиот по крв во права линија, а во странична линија заклучно со втор степен, посвоителот и посвоеникот на обвинетиот, како и верскиот исповедник за она што му го исповедал обвинетиот.

(4) Пред испитување лицата од став 3 на овој член ќе се поучат дека не мораат да сведочат и тоа ќе се назначи во записникот, а нивните изјави дека не сакаат да сведочат ќе се внесат во записникот.

Член 140

Како сведоци не можат да се сослушаат службените и други лица за фактите што се должни да ги чуваат како службена тајна додека од тоа не ги ослободи надлежниот орган.

Член 141

Сведокот го сослушува органот надлежен за постапката што ја води постапката, освен ако сведокот живее надвор од неговото подрачје, во кој случај сослушувањето може да го изврши органот надлежен за постапката на чие подрачје сведокот престојува.

Член 142

(1) Сведоците се сослушуваат поединечно.

(2) Сведокот пред сослушувањето ќе биде опоменат да ја каже вистината за она за што ќе биде прашан, да не премолчи ништо и ќе му се обрне внимание на последиците што ќе ги поднесе ако сведочи лажно.

Член 143

(1) Од сведокот прво ќе се земат општите лични податоци по овој ред: име и презиме, година на животот, место на раѓањето, место на живеењето, занимање, и во каков однос е спрема обвинетиот и спрема оштетениот.

(2) Во текот на сослушувањето сведокот ќе се повика да каже сè што му е познато за предметот и по потреба, ќе му се постават посебни прашања за да се дополни или разјасни она што го кажал. Сведокот се прашува од каде му е познато она што го сведочи.

(3) Ако е потребно да се утврди дали сведокот го познава лицето или предметот, од него ќе се побара прво да ги опише и да ги наведе знаците за разликување, па потоа ќе му се покаже лицето или предметот заради распознавање.

(4) Не е дозволено да се поставуваат такви прашања во кои веќе е содржано како би требало да се одговори.

(5) Ако сведокот е глув или нем, ќе се сослуша на начинот предвиден во член 136.

(6) Сведоците можат да се соочат ако нивните искази не се согласуваат во поважните точки, а противречноста не може да се отстрани на друг начин.

**Увид**

Член 144

(1) Ако е потребно со лично забележување да се утврди и разјасни некој важен факт ќе се изврши увид.

(2) Органот надлежен за постапката што го наредил увидот ќе определи кои лица ќе се повикаат да присуствуваат.

Член 145

(1) Во итни случаи судијата за прекршоци може да нареди увид и пред поведување на прекршочната постапка, ако се работи за прекршок за кој увидот мора да се изврши веднаш за да не се уништат трагите.

(2) Кога во определени случаи судијата за прекршоци од оправдани причини не може да нареди увид за сторениот прекршок пред поведување на прекршочната постапка, увидот може да го вршат и управните и инспекциските органи овластени за поднесување барање за поведување на постапката.

**Вештачење**

Член 146

(1) Кога за утврдувањето или оцената на фактите е неопходна посебна стручна подготовка ќе се определат еден или двајца вештаци.

(2) За вештак не може да се земе лице кое не може да биде сведок, ниту лице кое е на работа во организацијата против која се води постапка за прекршок.

(3) Кога во случај на прекршок за сообраќајните прописи е потребно да се утврди дали обвинетиот е во пијана состојба, судијата за прекршоци односно овластеното службено лице на органот за внатрешни работи можат да определат земање и преглед на крвта на обвинетиот или примена на другите методи заради утврдување на постојењето и на степен на пијанството на обвинетиот.

Член 147

(1) Ако докажувањето со вештачењето би било несразмерно скапо во споредба со тежината и значењето на прекршокот, по прекршокот ќе се реши врз основа на другите доказни средства.

(2) Во случајот од став 1 од овој член вештачењето ќе се изврши само ако странката тоа го бара и се согласи да ги поднесе трошоците.

Член 148

(1) Секој кој има потребна стручна подготовка мора да се прими за должноста вештак освен ако судијата за прекршоци кој ја води постапката го ослободи од тоа поради оправдани причини.

(2) Вештакот може да одбие да вештачи од истите причини од кои сведокот може да одбие да сведочи.

(3) Лицето кое работи во државен орган ќе биде ослободено од должноста за вештачење кога врз основа на посебни прописи е ослободено од таа должност.

Член 149

(1) Наодот на вештакот се внесува во записникот веднаш, а мислењето може да се даде во рокот што ќе го определи судијата за прекршоци, кој не може да биде подолг од 15 дена.

(2) Несогласноста или нејасноста по мислењето за наодот на вештакот ќе се отстрани со нивното сослушување или со повторување на вештачењето преку истите или други вештаци.

Член 150

Одредбите што се однесуваат за вештите лица сходно ќе се применуваат и на толкувачите.

**Претресување на стан и лица**

Член 151

Претресувањето на стан и на други простории, како и претресувањето на лица може да се преземе само кај потешки прекршоци, кога има достаточно основи дека во просториите, предметите или кај одделни лица ќе се најдат предмети или траги што би можеле да бидат од суштествена важност за постапката или дека со претресувањето на станот и на другите простории ќе се фати обвинетиот.

Член 152

(1) Претресувањето го определува со писмена наредба судијата за прекршоци. Личното претресување на жените го врши женско службено или друго женско лице на кое може да му се довери вршењето на претресувањето.

(2) Претресувањето на стан и на други простории на воени лица како и претресувањето на воени лица може да го врши само овластениот воен орган.

(3) Службеното лице кое треба да го изврши претресувањето на станот и на просториите или претресувањето на лицето мора да има писмена наредба која ќе се соопшти пред претресувањето.

Член 153

(1) Пред претресувањето ќе се повика оној кај кого се врши претресувањето да ги предаде самиот лицата или предметите што се бараат. Ако на овој начин не се добие тоа што се бара, ќе се изврши претресување.

(2) Ако одложувањето е сврзано со опасност или ако претресувањето се врши во јавни простории, кон претресување ќе се пристапи веднаш и без повик да се предадат лицата или предметите.

Член 154

(1) Претресувањето на стан се врши дење. Ако во текот на претресувањето настапила ноќ, започнатото претресување нема да се прекине поради тоа.

(2) При претресувањето на стан ќе присуствуваат двајца сведоци.

Член 155

(1) Корисникот на станот или просторијата ќе се повика да присуствува на претресувањето. Ако тој е отсутен, ќе се повика да присуствува на претресувањето еден од возрасните членови на семејството.

(2) Вратата на станот или на другите простории и остави ќе се отвори ако сопственикот или неговиот полномошник самиот не ја отвори на повик на службеното лице или ако тој е отсутен.

(3) Претресувањето во државните органи, организациите на здружен труд и други организации може да се врши само во присуство на претставникот на органот односно организацијата.

(4) Претресувањето во воени установи може да го врши само овластениот воен орган.

(5) Претресувањето во установи и објекти што уживаат екстериторијалност не е дозволено.

Член 156

Предметите најдени со претресувањето што се употребени за вршење на прекршок, што се прибавени со прекршок, или што настанале со извршување на прекршок привремено ќе се одземат.

Член 157

(1) За секое претресување ќе се состави записник во кој, покрај другите податоци, ќе се означи наредбата врз основа на која е извршено претресувањето и пописот на сите одземени предмети.

(2) Записникот го потпишува и лицето кај кое е извршено претресувањето, како и присутните сведоци. Ако некое од овие лица одбие да го потпише записникот, тоа ќе се забележи во записникот како и причината на одбивањето.

(3) На лицето кај кое е извршено претресувањето ќе му се издаде препис од записникот.

**Изведени докази од други органи**

Член 158

(1) Записници за сослушување на сведок, за извршен претрес на стан и лица, извршен увид, за наодот и мислењето на вештакот и други записници што се водени во кривична постапка или во постапка за стопански престап, може да се земат како доказно средство во прекршочната постапка ако се во врска со прекршокот.

(2) Записникот од испитување на обвинетиот составен во кривична постапка или во постапка за стопански престап ќе му се предочи по испитувањето на обвинетиот ако има противречности во исказот.

**Привремено одземање на предмети**

Член 159

(1) Предметите што можат да бидат одземени според член 44 од овој закон можат привремено да се одземат и пред донесувањето на решението за прекршокот.

(2) Привременото одземање го определува со своја наредба органот надлежен за постапката. Преписот од наредбата мора да му се предаде на лицето од кое се врши одземањето на предметите.

(3) Со посебни прописи за прекршоците можат да се овластат службените лица на инспекциските органи и овластените службени лица на органите за внатрешни работи, кога во службена должност ќе дознаат за прекршок, да можат самите привремено да ги одземат предметите од член 44 од овој закон. Тие органи се должни

привремено одземените предмети веднаш да му ги предадат на органот надлежен за постапката, а ако не се наоѓаат во седиштето на тој орган, должни се неодложно да го известат за извршеното привремено одземање и да се погрижат за чувањето на предметите до донесувањето на наредбата од страна на органот надлежен за постапката.

(4) Ако одземените предмети се оружје и муниција, тие ќе се предадат на општинскиот орган за внатрешни работи.

(5) На лицето од кое се одземаат предметите му се издава потврда со точно означување на одземените предмети.

(6) Ако предметот е подложен на расипување или ако неговото чување бара несразмерни трошоци, органот надлежен за постапката ќе определи таквиот предмет да се продаде.

(7) Органот надлежен за постапката по повод на приговорот од заинтересираното лице или по службена должност може привремено одземените предмети да му ги врати на сопственикот кој е должен по барање од органот да ги предаде.

**Усна расправа**

Член 160

(1) Ако органот надлежен за постапката најде дека заради подобро разјаснување на работата е потребно да се одржи усна расправа, може да определи усна расправа.

(2) На усната расправа се повикуваат обвинетиот, сведоците и вештаците, а по потреба подносителот на барањето и оштетениот. Ако обвинетиот е правно лице, на усната расправа се повикува претставникот на правното лице.

Член 161

(1) Усната расправа е јавна.

(2) Органот надлежен за постапката може да одлучи целата расправа или еден неизин дел да се одржи без присуство на јавноста ако го бараат тоа општите интереси или причините на моралот. Ако се води постапка само против малолетник, усната расправа секогаш ќе се одржи без присуство на јавноста.

Член 162

(1) Органот надлежен за постапката може да одлучи усната расправа да се одржи во отсуство на обвинетиот кој е уредно повикан ако е порано испитан, а органот најде дека неговото присуство не е нужно за правилно утврдување на состојбата на работите.

(2) Под истите услови усна расправа може да се одржи и во отсуство на уредно повиканиот претставник на обвинетото правно лице.

(3) Усната расправа ќе се одржи и ако не дојде уредно повиканиот бранител на обвинетиот.

Член 163

(1) Усната расправа започнува со објаснување на главната содржина на барањето. Потоа се пристапува кон испитување на обвинетиот односно претставникот на обвинетото правно лице. По неговото испитување се спроведува доказната постапка со сослушување на сведоци, вешти лица и изведување на други докази.

(2) Обвинетиот и неговиот бранител, претставникот на правното лице како и оштетениот имаат право во текот на расправата преку органот што ја води постапката да им поставуваат прашања на лицата кои се сослушуваат.

(3) На усната расправа последен збор секогаш му припаѓа на обвинетиот односно на претставникот на обвинетото правно лице.

(4) По заклучувањето на усната расправа органот што ја води постапката, ако не најде дека расправата треба повторно да ја отвори заради дополнување на постапката или разјаснување на одделни прашања, ќе донесе и јавно ќе ја објави одлуката за прекршокот со образложение за битните причини.

(5) За работата на усната расправа мора да се води записник во кој се внесува во битни црти целиот тек на расправата. Записникот го потпишува судијата и записничарот.

**Казни за повреда на постапката**

Член 164

(1) Сведокот или вештакот, кој без оправдана причина одбие да сведочи односно да вештачи ќе се казни со парична казна до 100 динари.

(2) Одлуката за казната ќе се внесе во записникот.

(3) Во случај казненото лице од став 1 од овој член да не ја плати паричната казна, судијата кој ја води постапката може да нареди таа да се наплати присилно.

(4) Ако сведокот и покрај тоа одбие да сведочи, може да се затвори. Затворот не може да трае подолго од три дена. Затворот престанува штом сведокот ќе се согласи да сведочи односно штом неговото сослушување ќе стане непотребно. Изречената парична казна во тој случај, доколку не е веќе наплатена, нема да се наплати.

(5) Жалбата против решението за казната затвор не го задржува решението од извршување.

(6) Спрема воените лица и припадниците на милицијата нема да се изрекува казна затвор, туку за одбивање да сведочат ќе се извести надлежната воена команда, односно надлежниот орган за внатрешни работи.

Член 165

(1) Лицето кое во текот на постапката и покрај опомената непристојно се однесува или ја попречува службената работа ќе се казни со парична казна до 100 динари, а обвинетиот може да биде отстранет. Одлуката за казнување ќе се внесе во записникот.

(2) Жалбата против решението за паричната казна не го задржува извршувањето на решението.

Член 166

Износот на наплатените парични казни и трошоците на постапката извршени според членовите 100, 126, 127, 164 и 165 се приход на општината на чие подрачје има седиште органот што ја изрекол казната.

**Донесување на решение за прекршок без испитување на обвинетиот (скратена постапка)**

Член 167

(1) Кога барањето за поведување постапка е ставено врз основа на непосредно забележување на овластеното службено лице, а судијата за прекршоци најде дека врз основа на таквото барање е доволно утврдено дека обвинетиот сторил прекршок и дека против него треба да се изрече парична казна до 300 динари, тој може и без поканување и сослушување на обвинетиот да донесе решение за прекршокот и против него да изрече парична казна до 300 динари. Судијата за прекршоци под наведените услови може да донесе решение за прекршокот и против правно лице и да изрече парична казна до 1000 динари.

(2) Под истите услови судијата за прекршоци може на обвинетиот да му изрече вкупна парична казна и над износот од претходниот став ако сторил повеќе прекршоци за кои паричните казни се пропишани за утврдени износи.

(3) Во скратената постапка не може да се изрече заштитна мерка ниту може да се решава за надоместок на штета.

(4) Во постапката против малолетник решение за прекршокот не може да се донесе без испитување на обвинетиот.

Глава шеснаесетта

## РЕШЕНИЕ ЗА ПРЕКРШОК

### Донесување на решение

Член 168

Прекршочната постапка се завршува со донесувањето на решението за прекршокот.

Член 169

Со решението за прекршокот се решава дали обвинетиот се казнува за прекршокот или се запира постапката против него.

Член 170

(1) Писменото решение содржи увод, диспозитив и образложение, упатство за жалба, како и број, датум, потпис и печат на органот.

(2) Решението донесено во скратена постапка (член 167) не мора да содржи образложение.

### Решение со кое обвинетиот се казнува

Член 171

(1) Решението за прекршок со кое обвинетиот се казнува содржи:

1) фактички опис на прекршокот за кој се казнува обвинетиот,

2) прописот со кој е предвиден прекршокот,

3) одредбите на овој закон врз основа на кои е донесена одлуката,

4) казната што се изрекува против обвинетиот,

5) одлука за заштитните мерки,

6) одлука за засметувањето на задржувањето или притворот,

7) одлука за трошоците на постапката,

8) одлука за имотно-правното побарување, односно враќање на предметите.

(2) Ако против обвинетиот е изречена парична казна, со решението ќе се определи во кој рок мора да се плати таа и ќе се наведе дека, ако паричната казна обвинетиот не ја плати во определениот рок, ќе се замени со казната затвор во определено траење, односно ќе се наплати по присилен пат.

(3) Ако е изречена заштитна мерка одземање на предмети, во решението ќе се определи и како ќе се постапи со одземените предмети. Кога со изречената мерка одземање на предмети не се опфатени предметите привремено одземени според член 161 од овој закон со решението ќе се определи таквите предмети да му се вратат на сопственикот.

(4) Ако е изречена заштитна мерка одземање на дозвола за вршење на одредено занимање или дејност, одземање на возачка дозвола, забрана на возење на лице кое има странска возачка дозвола, или одземање дозвола за држење и носење на оружје, во решението ќе се определи дека обвинетиот е должен дозволата да му ја предаде на органот надлежен за извршување на одредената заштитна мерка веднаш по правносилноста на решението односно по доставувањето на правносилната одлука.

### Решение за запирање на постапката

Член 172

(1) Решението со кое се запира постапката ќе се донесе кога во постапката ќе се утврди:

1) дека делото не е прекршок,

2) дека постојат околности што ја исклучуваат одговорноста за прекршок, односно противправноста на дејствието,

3) дека обвинетиот не го сторил прекршокот или нема докази дека го сторил,

4) дека постапката е водена без барање на овластеното лице односно надлежниот орган,

5) дека постапката е водена од страна на ненадлежен орган,

6) дека обвинетиот за исто дело е казнет правосилно во прекршочната постапка, или прекршочната постапка била правносилно запрена, но не поради ненадлежност на органот (став 1 точка 5 од овој член),

7) дека обвинетиот во кривичната постапка, односно во постапката за стопански престап е огласен за виновен за дело што го прифаќа и обележјата на прекршокот,

8) дека обвинетиот ужива дипломатски имунитет,

9) дека настапила застареност за водење на прекршочна постапка,

10) кога во текот на постапката обвинетиот умре или обвинетото правно лице престане да постои,

11) и во други случаи што ги предвидува законот.

(2) Органот надлежен за постапката ја запира постапката и кога органот, односно оштетениот кој го поднел барањето за поведување на постапката се откаже од барањето.

### Доставување на решение

Член 173

(1) Заверен препис од решението им се доставува на подносителот на барањето, на обвинетиот или по барање од обвинетиот на неговиот бранител.

(2) На оштетениот кој не поднел барање за поведување на постапката ќе му се достави заверен препис од решението кога има право на жалба (член 88 став 2 и член 181 став 4).

### Содржина на решението

Член 174

(1) Уводот на решението содржи: назив на органот што го донел решението, име и презиме на судијата односно претседателот и членовите на советот и на записничарот, име и презиме на обвинетиот, односно назив и седиште на обвинетото правно лице, предмет на постапката, назив, односно име и презиме на подносителот на барањето, претставникот на правното лице, бранителот, законскиот основ по кој се донесува решението и ден на донесувањето на решението.

Член 175

(1) Диспозитивот на решението содржи: лични податоци на обвинетиот (име и презиме, прекар, ако го има, име на родителите, каде е роден, каде живее, ден, месец и година на раѓањето, државјанство, занимање), а за обвинетото правно лице неговиот назив и седиште, како и одлуката со која обвинетиот се казнува или се запира постапката против него.

(2) Ако обвинетиот е казнет за прекршокот во диспозитивот и решението ќе се наведат и податоците од член 171.

Член 176

Во образложението накратко се наведуваат само битните причини за утврдената фактичка состојба со кратко наведување на доказите врз основа на кои одделни факти се сметаат како докажани, правните прописи врз кои се засновува обвинението, односно одлуката за запирање на постапката, како и околностите што се земени при одмерувањето на казната, при изрекувањето на заштитната мерка, трошоците на постапката и надоместокот на штетата.

Член 177

(1) Во упатството за жалба странката се поучува дека против решението за прекршок има

право на жалба, на кој орган му се изјавува, а на кој му се предава, во кој рок, како и тоа дека жалбата може да се поднесе писмено или да се изјави усно на записник.

(2) Решението го потпишува судијата за прекршоци кој го донесува.

Член 178

(1) Усно соопштеното решение нема писмено да се изработува доколку обвинетиот не бара негов препис.

(2) Во случајот од претходниот став диспозитивот на решението ќе се внесе во записникот за испитување на обвинетиот.

(3) Ако обвинетиот бара препис од решението, заверениот препис од решението ќе му се достави на обвинетиот најдоцна во рок од три дена од денот на усното соопштување.

(4) Ако обвинетиот не бара препис од решението од став 1 на овој член, на другите заинтересирани лица им се доставува само заверен препис од диспозитивот на решението од записникот со податоците од членовите 174 и 175 од овој закон.

**Исправување на грешките во пишувањето**

Член 179

(1) Грешките во пишувањето или во броевите, како и другите очигледни неточности во решението за прекршокот може да ги исправи по службена должност или по предлог од странката органот што го донел решението.

(2) За исправките извршени по испраќањето на решението странките ќе се известат со решение.

Глава седумнаесетта

## РЕДОВНИ ПРАВНИ СРЕДСТВА

**Жалба**

Член 180

(1) Против решението за прекршокот донесено во првостепена постапка, овластените лица можат да изјаваат жалба до надлежниот второстепен орган за прекршоци.

(2) Жалбата се поднесува во рок од осум дена од денот на доставата на решението, односно од денот на усно соопштената одлука, ако странката не побарала да ѝ се достави препис од решението (член 178), односно од денот на доставата на решението за исправка на решението за прекршок.

(3) Ако решението им е доставено и на обвинетиот и на неговиот бранител во различни денови, рокот за жалба ќе се смета од подоцнешниот ден.

(4) Јавниот обвинител кој не поднел барање за поведување прекршочна постапка може да изјави жалба во истиот рок во кој и обвинетиот, односно подносителот на барањето, а ако на обвинетиот односно подносителот на барањето решението му е доставено во различни денови, рокот за жалба ќе се смета од подоцнешниот ден.

(5) Благовремено изјавената жалба од овластеното лице односно орган, го одложува извршувањето на решението за прекршок, со исклучок во случаите кога во овој закон за одделни решенија е определено поинаку.

Член 181

(1) Жалба може да изјави обвинетиот, подносителот на барањето и јавниот обвинител.

(2) Во корист на обвинетиот можат да изјаваат жалба и неговиот бранител, брачен другар, сродник по крв во права линија, законскиот застапник, посвоител и посвоеник.

(3) Во корист на обвинетото правно лице жалба можат да поднесат неговиот претставник и застапник.

(4) Оштетениот кој не поднел барање за поведување прекршочна постапка може да изјави жалба само во поглед на одлуката за трошоците на постапката.

(5) Ако е изречена заштитна мерка одземање на предмети чиј сопственик не е обвинетиот, сопственикот на предметите може да изјави жалба само во поглед на одлуката за таа мерка.

(6) Бранителот може да изјави жалба и без посебно овластување од обвинетиот, но не и против неговата волја.

(7) Право на жалба имаат и лица казнети според членовите 164 и 165 од овој закон. Оваа жалба, исто така, му се изјавува на надлежниот второстепен орган.

Член 182

Ако обвинетиот ја плати изречената парична казна пред да стане правносилно решението за прекршокот, ќе се смета дека со тоа се откажал од правото на жалба. Во ваков случај обвинетиот мора да се предупреди дека не е должен да ја плати паричната казна пред истекот на рокот определен во решението и ќе се смета дека се откажал од правото на жалба ако паричната казна ја плати пред правносилноста на решението.

Член 183

(1) Обвинетиот и подносителот на барањето можат да ја повлечат жалбата до донесувањето на одлуката на второстепениот орган.

(2) Повлекувањето на жалбата не може да се отповикува.

Член 184

(1) Жалбата се предава писмено или може да се даде на записник кај органот што го донесол решението за прекршок.

(2) Жалбата треба да содржи име и презиме на жалителот, број и дата на решението, органот што го донел решението и причините поради кои се жали.

**Постапка по жалбата**

Член 185

(1) Неблаговремената или недозволена жалба, или жалбата изјавена од страна на неовластено лице, ќе ја отфрли првостепениот орган на кој му е предадена.

(2) Против решението за отфрлање на неблаговремената или недозволената жалба или жалбата изјавена од неовластено лице, може да се изјави жалба до надлежниот второстепен орган во рок од 3 дена.

(3) Благовремената жалба првостепениот орган е должен без одлагање да му ја достави на надлежниот второстепен орган.

Член 186

Ако првостепениот орган пропуштил да ја отфрли неблаговремената или недозволената жалба, односно жалбата изјавена од неовластено лице, жалбата ќе ја отфрли второстепениот орган.

Член 187

(1) Ако првостепениот орган што го донел решението за прекршокот во редовна или скратена постапка по повод на жалбата најде дека постапката била непотполна, а дека тоа можело да биде од влијание врз решавањето за работата, ќе ја дополни постапката пред доставувањето на жалбата до второстепениот орган.

(2) Ако првостепениот орган што го донел решението за прекршокот во целост го усвои барањето изнесено во жалбата, своето решение за прекршокот може да го измени и да донесе ново решение.

**Постапка на второстепениот орган**

Член 188

(1) Решавајќи по жалбата, второстепениот орган може решението за прекршокот да го потврди, да го укине или да го преправи.

(2) Решавајќи по жалбата, второстепениот орган не е врзан само за причините во жалбата.

Член 189

(1) Второстепениот орган со решение ќе ја одбие жалбата како неоснована и ќе го потврди решението на првостепениот орган кога ќе утврди дека не постојат причините поради кои решението се побива, или други причини поради кои решението може да се укине или преправи.

Член 190

(1) Второстепениот орган ќе го укине првостепеното решение и ќе го врати предметот на повторно одлучување, ако утврди дека постои битна повреда на одредбите на прекршочната постапка, или ако најде дека поради погрешна или непотполно утврдена фактичка состојба треба да се спроведе нова постапка или да се дополни, а кога ќе утврди дека првостепеното решение го донесол ненадлежен орган, предметот ќе му го отстапи на надлежниот орган.

(2) Од истите причини може и делумно да се укине првостепеното решение, ако одделни делови од решението можат да се издвојат без штета за правилното одлучување.

Член 191

Битна повреда на одредбите на прекршочната постапка постои:

1) ако во постапката учествува судија кој морал да се изземе,

2) ако органот надлежен за постапката ги повредил прописите на прекршочната постапка по прашањето дали постои барање од овластеното лице односно од надлежниот орган,

3) ако решението го донел орган кој заради стварна ненадлежност не можел да решава по тој предмет или ако органот неправилно ја запрел постапката поради стварна ненадлежност,

4) ако органот со своето решение не одлучил потполно по барањето,

5) ако го пречекорил барањето,

6) ако со решението е повредена одредбата од член 195,

7) ако диспозитивот на решението е неразбирлив и противречен на самиот себе или на причините во решението.

Член 192

(1) Решението може да се побива поради погрешно или непотполно утврдена фактичка состојба кога органот надлежен за постапката некој решавачки факт погрешно го утврдил или не го утврдил.

(2) Непотполно утврдена фактичка состојба постои и кога на тоа укажуваат новите факти или новите докази.

Член 193

Второстепениот орган по повод на жалбата ќе го преправи првостепеното решението ако утврди дека решавачките факти во првостепеното решение правилно се утврдени и дека со оглед на утврдената фактичка состојба по правилната примена на законот или друг пропис, може да се донесе поинаква одлука, или ако најде дека постојат такви повреди на законот што можат да се отстранат без укинување на првостепеното решение, или при одредувањето на казната, односно заштитната мерка не се земени предвид околностите што се од влијание за одмерување на казната односно заштитната мерка, или кога околностите што се земени предвид не се правилно оценети.

Член 194

Ако првостепениот орган по повод на чија и да било жалба утврди дека причините поради кои го донел решението во корист на обвинетиот, се од корист и за некој од сообвинетите кој не изјавил жалба или не ја изјавил во тој правец, ќе постапи по службена должност како да постои таква жалба.

Член 195

По повод жалбата од обвинетиот решението за прекршокот не може да биде изменето на негова штета.

Член 196

(1) Во образложението на решението второстепениот орган за прекршоци ќе ги оцени жалбените наводи и ќе ги изнесе повредите на законот што ги зел предвид.

(2) Кога првостепеното решение се укинува поради битни повреди на одредбите на прекршочната постапка, во образложението ќе се наведе кои одредби се повредени и во што се состои повредата.

(3) Кога првостепеното решение се укинува поради погрешно или непотполно утврдената фактичка состојба, ќе се наведе во што се состојат недостатоците во утврдувањето на фактичката состојба, односно зошто се новите докази важни и од влијание за донесување на правилна одлука.

Член 197

Првостепениот орган е должен да ги изведе потребните дејствија и да ги расправи сите спорни прашања на кои укажал второстепениот орган во својата одлука. При донесувањето на новото решение првостепениот орган е врзан за забраната пропишана во член 159.

Член 198

Второстепениот орган ќе му ги врати списите на првостепениот орган со доволен број заверени преписи од своето решение за да им се предадат на обвинетиот, подносителот на барањето и на другите заинтересирани лица.

**Жалба на другите одлуки**

Член 199

(1) Против другите решенија донесени во прекршочната постапка, овластените лица можат да изјават жалба секогаш кога во овој закон не е изречно одредено дека жалбата не е дозволена.

(2) Жалбата се поднесува во роковите предвидени во член 180.

(3) На постапката по жалбата од став 1 од овој член сходно се применуваат одредбите од членовите 185 до 198.

**Глава осумнаесетта**

## ВОНРЕДНИ ПРАВНИ СРЕДСТВА

**Повторување на постапката**

Член 200

Прекршочната постапка завршена со правносилно решение може да се повтори:

1) ако се докаже дека решението е засновано врз лажна исправа или врз лажен исказ на сведокот или вештакот,

2) ако се докаже дека до решението дошло поради кривично дело на судијата за прекршоци или друго лице кое учествувало во постапката,

3) кога ќе се утврди дека обвинетиот за истото дејствие е веќе казнет во прекршочната постапка, прогласен за виновен во кривичната постапка или во постапката по стопански престапи,

4) кога ќе се изнесат нови факти или ќе се поднесат нови докази што би довеле до поинакво решение да биле познати во поранешната постапка.

Член 201

(1) Барање за повторување на прекршочната постапка може да поднесе казнетиот, односно неговиот бранител, јавниот обвинител и подносителот на барањето, а по смртта на казнетиот, барање во корист на казнетиот можат да поднесат јавниот обвинител и лицата наведени во член 181.

(2) Правото на повторување на постапката може да се користи во рок од една година од денот на правносилноста на решението за прекршокот, а на штета на обвинетиот — во рок од шест месеци.

Член 202

(1) По барањето за повторување на постапката одлучува органот што во поранешната постапка решавал во прв степен.

(2) Во барањето ќе се наведе, по кој законски основ се бара повторувањето и со кои докази се поткрепуваат фактите врз кои се засновува барањето.

Член 203

(1) Органот надлежен за постапката ќе го отфрли барањето со решение ако врз основа на барањето и списите од поранешната постапка утврди дека барањето го поднесло неовластено лице, или е неблаговремено, или нема законски услови за повторување на постапката, или фактите и доказите врз кои се заснова барањето очигледно не се подобни врз основа на нив да се дозволи повторувањето.

(2) Барањето за повторување на постапката, ако е поднесено на штета на казнетиот, ќе се отфрли, ако до денот на неговото поднесување настапила застареност за водење на постапката.

Член 204

(1) Барањето за повторување на постапката не го одлага извршувањето на решението по кое се бара повторување, но првостепениот орган надлежен за одлучување по барањето може, ако смета дека барањето за повторување ќе биде уважено, да реши да се одложи извршувањето додека не се одлучи по прашањето за повторување на постапката.

(2) Решението со кое се дозволува повторување на постапката го одлага извршувањето на решението против кое е дозволено повторување.

Член 205

Против решението донесено по барањето за повторување на постапката, како и против решението донесено во повторената постапка може да се изјави жалба, а против второстепеното решение може да се поднесе барање за судска заштита под условите од членот 210, на овој закон.

Член 206

(1) Кога правосилното решение за прекршок е укинато, надлежниот орган донесува ново решение во согласност со забелешките во решението со кое е укинато решението за прекршок.

(2) Новото решение за прекршокот не може да биде понеповолно од поранешното за обвинетиот, доколку барањето за повторување на постапката е поднесено во негова корист.

**Барање за судска заштита**

Член 207

(1) Против второстепеното решение на надлежниот второстепен орган може во случаите предвидени со овој закон да се поднесе барање за судска заштита до Врховниот суд на Македонија. Барањето можат да го поднесат лицата кои според овој закон имаат право на жалба против првостепеното решение за прекршокот (член 181) како и републичкиот јавен обвинител.

(2) Барањето од став 1 на овој член не го одлага извршувањето на решението, но по барање од казнетиот надлежниот второстепен орган или советот на Врховниот суд на Македонија може да го одложи или прекине извршувањето на решението до завршувањето на постапката по барањето, ако постојат основни причини врз основа на кои може да се заклучи дека ќе се уважи барањето. Одлагање односно прекин на извршувањето може да се определи само кога е изречена казната затвор.

Член 208

(1) Барањето за судска заштита се поднесува во рок од осум дена од денот на приемот на второстепеното решение.

(2) Барањето му се предава писмено на Врховниот суд на Македонија.

Член 209

(1) Барање за судска заштита може да се поднесе против второстепено решение на надлежниот орган за прекршоци:

1) ако за прекршокот е изречена казна затвор или заштитна мерка одземање на дозвола за вршење определено занимање или дејност или заштитна мерка предвидена со друг закон;

2) ако на поединец за прекршокот му е изречена парична казна во износ над 1000 динари или на организација на здружен труд или на друго правно лице е изречена парична казна во износ над 6.000 динари.

Член 210

(1) Второстепеното решение на надлежниот орган за прекршоци може со барањето за судска заштита да се напаѓа:

1) ако со решението е повреден материјалниот закон;

2) ако во прекршочната постапка е сторена повреда на одредбите на постапката, која влијаела или можела да биде од влијание врз законитото и правилното донесување на решението за прекршокот (суштествена повреда на постапката);

3) ако фактичката состојба непотполно е утврдена или ако од утврдените факти е изведен неправилен заклучок во поглед на фактичката состојба.

Член 211

(1) За барањето за судска заштита решава Врховниот суд на Македонија во совет од тројца судии.

(2) Ако најде дека барањето е основано, судот ќе го поништи решението за прекршокот. Ако најде дека е повреден материјалниот закон (член 210 точка 1), а податоците на постапката даваат сигурна основа за донесување на поинакво решение, судот може да донесе одлука со која се преправа второстепеното решение.

Член 212

На постапката пред Врховниот суд на Македонија по барањето за судска заштита против решението на второстепениот орган согласно ќе се применуваат прописите за управните спорови, ако со овој закон не е определено поинаку.

Глава деветнаесетта

## НАПЛАТА НА ПАРИЧНАТА КАЗНА НА САМОТО МЕСТО

Член 213

(1) За прекршоците за кои со одделни прописи е пропишана само парична казна во утврден износ, можат со тие прописи да се овластат одредени службени лица на самото место да ги наплатуваат овие казни од лицата што ќе се затечат при извршувањето на прекршокот.

(2) За наплатената казна се издава потврда.

(3) Против наплатата на паричната казна на самото место нема место на жалба.

(4) Ако не се примени наплатата на казната на самото место, или ако лицето кое го сторило прекршокот одбие да ја плати казната веднаш или во определениот рок од осум дена, ќе се поднесе барање за поведување на прекршочна постапка од органот надлежен за постапката.

(5) Формата на потврдата за наплатата на паричната казна ја пропишува републичкиот секретар за правосудство.

Глава дваесетта

## НАДОМЕСТОК НА ШТЕТА ПОРАДИ НЕОПРАВДАНО КАЗНУВАЊЕ

Член 214

(1) Лицето против кое е изречена правносилна казна затвор во прекршочната постапка има право да бара надоместок на штета што ја претрпело поради неоправдано казнување, ако во случај на укинување или поништување на правносилното решение за прекршокот постапката против него правносилно е запрена поради тоа што е утврдено дека делото не е прекршок, или ако нема докази дека сторило прекршок, или што постојат основи што ја исклучуваат одговорноста на сторителот за прекршокот.

(2) Право на надоместок под услови од претходниот став има и лицето против кое решението за прекршокот е извршено пред правносилноста.

(3) Казнетиот не може да бара надоместок на штета ако не употребил жалба против решението за прекршокот, како и тогаш ако со своето лажно признание или инаку со своето држење во прекршочната постапка го предизвикал казнувањето.

(4) Лажното признание, намерното предизвикување на казнувањето и некористењето на правото на жалба не смее да биде изнудено со сила, закана, заблуда или слични средства со кои се влијае на волјата и постапката на казнетото лице.

(5) По смртта на неоправдано казнетото лице надоместок на штета можат да бараат неговиот брачен другар и неговите сродници што тој по закон бил должен да ги издржува, само доколку поради неоправданата осуда им било ускратено издржувањето.

(6) Под условите од став 1 на овој член, лицето на кое во прекршочната постапка му е изречена парична казна или заштитна мерка одземање на имотна корист, има право да бара надоместок на штетата за исплатениот износ на паричната казна, односно одземената имотна корист.

Член 215

Правото на барање надоместок на штетата застарува по истекот на една година од денот на правносилноста на решението за запирање на постапката.

Член 216

(1) Барањето за надоместокот на штетата се поднесува до Републичкиот секретаријат за правосудство.

(2) Ако барањето за надоместок на штета не биде усвоено или за него Републичкиот секретаријат за правосудство не донесе одлука во рок од два месеца од денот на поднесувањето на барањето, оштетениот може кај надлежниот суд да подигне тужба за надоместок на штетата. Ако е постигната спогодба само во поглед на дел на барањето, оштетениот може да подигне тужба во поглед на остатокот на барањето.

(3) Тужбата за надоместок на штета се поднесува против Социјалистичка Република Македонија до надлежниот суд на чие подрачје се наоѓа органот што ја водел постапката.

(4) Средствата за исплата на надоместокот на штетата се обезбедуваат од буџетските средства на Републиката.

**Дел трети**

Глава дваесет и прва

## ИЗВРШУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ПРЕКРШОКОТ

Член 217

(1) Решението за прекршокот се извршува кога ќе стане правносилно и кога нема законски пречки за неговото извршување.

(2) Решението со кое е правносилно изречена парична казна или е досуден надоместок на штета се извршува кога ќе измине во него предвиденот рок за плаќање на казната односно на надоместокот на штетата. Ако против решението за прекршокот била изјавена жалба, тој рок се смета од денот кога на казнетиот му е соопштено решението на второстепениот орган.

Член 218

(1) Одредбите од овој закон за извршување ќе се применуваат и на правносилни и извршни одлуки доставени за извршување од другите републики и сојузни органи.

Член 219

(1) Ако казнетиот не може да го докаже својот идентитет или нема постојано престојувалиште, или ако со одење во странство може да ја избегне одговорноста за прекршокот, или ако бил затечен во потежок прекршок против јавниот ред и мир за кој може да се изрече казна затвор и може основано да се очекува дека ќе го продолжи вршењето на прекршокот, надлежниот орган за прекршоци што го донел решението за прекршокот во прв степен, доколку најде дека казнетиот може да го осуети извршувањето, може да определи во решението тоа да се изврши веднаш без оглед на жалбата. Во таков случај жалбата мора да му се достави на надлежниот второстепен орган во рок од 24 часа кој е должен во рок од 24 часа по приемот на списите да донесе решение по жалбата.

Член 220

Надлежниот орган што го донел решението во прв степен, е должен без одлагање да пристапи кон извршување на решението за прекршокот, а ако тој не е надлежен за извршувањето, решението ќе му го достави на надлежниот орган на извршување во рок од 3 дена, со потврда за извршноста. По добивањето на решението, а најдоцна во рок од три дена надлежниот орган за извршување го потврдува неговиот прием и ги спроведува сите процесни дејствија предвидени со овој закон и другите прописи за извршување.

Член 221

(1) Паричната казна, трошоците на постапката и имотната корист се уплатуваат преку пошта и службата на општественото книговодство (уплатно место) со посебна уплатница пополнета од органот надлежен за постапката, што му се доставува на обвинетиот со првостепено односно второстепено решение за прекршокот.

(2) Службата на општественото книговодство каде што се води тековната сметка на корисникот на приходите од претходниот став е должна без одлагање да го извести надлежниот орган за прекршоци за оваа уплата.

(3) Во случај на присилна наплата, должноста за известување на надлежниот орган за прекршоци паѓа на органот кој ја извршил присилната наплата.

Член 222

(1) Казните и заштитните мерки изречени со правносилно решение во прекршочната постапка ги извршуваат, и тоа:

1) казната затвор — органот надлежен за прекршочната постапка на чие подрачје казнетиот има живеалиште односно престојувалиште;

2) паричната казна и заштитната мерка одземање на предметите и парите (членовите 44 и 45) — органот надлежен за прекршочната постапка што го донел решението за прекршок во прв степен, односно на чие подрачје престојува казнетиот;

3) паричната казна и заштитната мерка одземање на предметите и парите (членовите 44 и 45) што ги изрекле други органи — органот што го донел решението, ако со посебни прописи не е определено поинаку;

4) другите заштитни мерки, освен оние што се наведени во точките 2 и 3 на овој член, надлежниот орган на управата.

(2) Органот надлежен за постапката ја врши присилната наплата на паричната казна преку општинскиот орган на управата надлежен за работите на приходите.

**Извршување на казната затвор**

Член 223

(1) Казната затвор се извршува во затвор. Во затворите се извршува и казната затвор наместо парична казна што била заменета со затвор. На лицата кои ја издржуваат казната затвор изречена за прекршок се применуваат прописите што се однесуваат на извршувањето на казната затвор изречена за кривично дело со следните отстапувања:

1) казнетите во затворот можат да употребуваат своја постела и да примаат храна што се готви за нив надвор од затворот;

2) казнетите можат без ограничување да се допишуваат и да примаат поштенски пратки и пакети;

3) при примање посети, во рамките на куќниот ред, казнетите можат да водат разговори без присуство на службено лице.

(2) Странците казнети за прекршок со казна затвор, казната ја издржуваат во казнено-поправна установа според распоредот на републичкиот секретар за правосудство.

Член 224

(1) Казната затвор изречена за прекршокот што казнетиот го сторил пред стапувањето во Југословенската народна армија нема да се изврши за времето додека се наоѓа на отслужување на военото рок или на воена вежба.

(2) Паричната казна изречена за прекршокот што казнетиот го сторил пред стапувањето во Југословенската народна армија не се заменува со казна затвор и не се извршува во времето додека се наоѓа на отслужување на военото рок или на воена вежба.

Член 225

(1) Казнетиот кој е задржан, го упатува на издржување на казната затвор надлежниот орган за извршување на чие подрачје е затворот во кој е сместен задржаниот обвинет. Трошоците за спроведувањето ги поднесува казнено-поправната установа, во која се упатува обвинетиот.

(2) Надлежниот орган за извршување ги презема мерките потребни за пронаоѓање на казнетиот чие живеалиште е непознато.

Член 226

(1) Казнетиот кој е на слобода го повикува органот надлежен за извршување да се јави во определената казнено-поправна установа во одреденото ден заради издржување на казната затвор. Денот на јавувањето во казнено-поправната установа се определува така што на казнетиот да му останат најмалку 8 дена до поаѓањето. Казнено-поправната установа е должна да го извести во рок од 3 дена органот надлежен за извршувањето на решението дека казнетиот се јавил на издржување на казната.

(2) Ако уредно повиканиот казнет не ѝ се јави сам на казнено-поправната установа, таа го известува надлежниот орган за извршување кој ќе преземе мерки за присилно спроведување на казнетиот. Трошоците на спроведувањето паѓаат на товар на казнетиот. Ако казнетиот не ги плати, органот надлежен за извршување ќе ги наплати по присилен пат.

(3) Приведувањето го врши надлежниот орган за внатрешни работи, а по писмена наредба од надлежниот орган за извршување.

(4) Почетокот на издржувањето на казната во случајот од став 1 на овој член се смета од денот кога казнетиот сам ќе се јави заради издржување на казната, а во случајот од став 3 на овој член тогаш кога ќе биде доведен во установата.

Член 227

(1) Извршувањето на казната затвор може да се одложи по молба на казнетото лице:

1) ако се разболело од потешка акутна болест;

2) ако се случила смрт или тешка болест во потесното семејство на казнетиот;

3) ако одлагањето е потребно заради извршување или довршување на неодложни полски или сезонски работи или работи предизвикани со елементарна непогода или со друга несреќа, а во семејството на казнетиот нема друга работна сила;

4) ако казнетиот е обврзан да изврши определена работа што веќе ја започнал, а поради неизвршувањето на таа работа би настанала познателна штета;

5) ако одлагањето му е потребно на казнетиот поради завршување на учебната година или за полагање на испит за кој се подготвувал — до завршувањето на учебната година односно испитот;

6) ако заедно со казнетото лице се казнети неговиот брачен другар или други членови на задничкото домаќинство, или ако тие веќе се наоѓаат на издржување на казната, а со упатувањето на сите лица на издржување на казната, би била загрозена издршката на старите, болните или малолетните членови на домаќинството — до издржувањето на казната на тие лица;

7) ако е казнета жена која има дете помало од една година или која е бремена, а до породувањето не преостануваат повеќе од три месеци.

(2) Извршувањето на казната во случајот од точка 1 став 1 од овој член може да се одложи додека трае лекувањето сврзано за акутната болест, во случаите од точките 2 до 4 — најдолго за еден месец, а во случајот од точка 7 — до наполнувањето на една година живот на детето, односно за време од три месеци по породувањето ако детето е родено мртво или во тоа време умрело.

Член 228

(1) Молбата за одлагање за извршување на казната се поднесува до органот надлежен за извршување. Во молбата мора да се наведат и докази за фактите што го оправдуваат одлагањето.

(2) Решението за одлагање на казната го донесува органот надлежен за извршување на казната во рок од 3 дена од приемот на молбата.

(3) Против решението е дозволена жалба во рок од 3 дена од приемот на решението.

(4) По жалбата решава непосредно повисокиот орган од органот што го донел решението.

(5) До донесувањето на решението по молбата, се одлага почетокот на извршувањето на казната. Жалбата против решението со која не се уважува барањето, не го одлага извршувањето на казната.

Член 229

(1) Започнатото извршување на казната затвор може да се прекине најдолго до 10 дена ако тоа се бара во случај на смрт на родителот, брачниот другар, на деца или од други оправдани причини. Решение за тоа донесува управителот на казнено-поправната установа каде што казнетиот ја издржува казната.

(2) Времето на прекинот не се смета во извршувањето на казната.

(3) Против решението со кое се одбива молбата за прекин на издржувањето на казната, не може да се изјави жалба ниту да се поведе управен спор.

Член 230

Трошоците за извршувањето на казната затвор ги сноси казнено-поправната установа во која се извршува оваа казна.

Член 231

(1) Казнетиот се отпушта од казнено-поправната установа оној ден кога ќе му истече казната.

(2) Ако последниот ден на издржувањето на казната паѓа во недела или на државен празник, казнетиот се отпушта последниот работен ден што му претходи.

**Извршување на паричната казна**

Член 232

(1) Паричната казна ја извршува надлежниот орган за прекршоци што ја изрекол.

(2) Присилната наплата на паричната казна од физичките лица надлежниот орган за прекршоци ја врши преку општинскиот орган надлежен за работите на приходите, по местото на живеалиштето на казнетиот, а од правните лица преку службата на општественото книговодство каде што имаат тековна сметка.

(3) Општинскиот орган надлежен за работите на приходите и службата на општественото книговодство се должни веднаш по извршената наплата да го известат органот надлежен за постапката што го донел решението.

Член 233

(1) За правосилната одлука со која на правното лице му е изречена парична казна за прекршок, директорот, управителот односно соодветниот извршен орган на правното лице должен е на погоден начин да ги извести членовите на работната заедница во рок од 8 дена од денот кога на правното лице му е доставена оваа одлука.

(2) Ако членовите на работната заедница во рокот од став 1 од овој член не бидат известени, одговорното лице ќе биде казнето за прекршок со парична казна од 500 динари.

Член 234

(1) Кога паричната казна се наплатува присилно се применуваат одредбите за присилна наплата на данок.

(2) Од недвижности присилно може да се наплатува само парична казна над 2000 динари.

(3) Наплатата на паричната казна од недвижностите ја врши општинскиот суд според одредбите кои важат за извршната постапка.

(4) По смртта на казнетиот паричната казна нема да се изврши.

(5) Трошоците сторени поради присилно извршување на паричната казна ги сноси казнетиот. Ако казнетиот не ги плати овие трошоци, тие ќе се наплатат по присилен пат.

Член 235

Ако казнетото лице на кое му е дозволено паричната казна да ја исплатува во рати (член 28) неуредно ја извршува својата обврска, органот надлежен за постапката може да ја отповика својата одлука.

Член 236

(1) Решението за прекршок во поглед на трошоците на постапката го извршува органот надлежен за постапката што го донел во прв степен.

(2) Присилната наплата на трошоците на постапката органот од став 1 на овој член ја врши преку општинскиот орган на управата надлежен за работите на приходите. Присилната наплата на трошоците на постапката се врши по службена должност според прописите што важат за присилната наплата на данокот, со тоа што тие трошоци не можат присилно да се наплатуваат од недвижности.

Глава дваесет и втора

## ИЗВРШУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ НА ШТЕТАТА И ВРАЌАЊЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ

Член 237

Извршувањето на решението, доколку се однесува на надоместокот на штета, односно враќање на предметите го врши надлежниот општински суд според одредбите на извршната постапка.

Глава дваесет и трета

## ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАШТИТНИТЕ МЕРКИ

**Одземање на предметите**

Член 238

(1) Заштитната мерка одземање на предмети ја извршува органот надлежен за постапката што во прв степен го донел решението за прекршокот.

(2) Доколку предметот не бил привремено одземен, казнетиот е должен самиот да го предаде. Ако тоа не го стори судијата за прекршоци ќе нареди присилно одземање.

(3) Трошоците на извршувањето на оваа мерка ги сноси казнетиот.

**Одземање на имотна корист**

Член 239

(1) Заштитната мерка одземање на имотна корист ја извршува органот надлежен за постапката што во прв степен го донел решението за прекршокот.

(2) Кога имотната корист се наплатува присилно, наплатување се врши по прописите кои важат за присилна наплата на данокот.

(3) Од недвижностите присилно се наплатува имотната корист што надминува 2.000 динари.

(4) Наплатата на имотната корист од недвижностите ја врши општинскиот суд според одредбите за извршната постапка.

(5) Трошоците на извршувањето на оваа мерка ги сноси казнетото лице од чии средства се врши наплатата.

**Задолжително лекување на алкохоличари и наркомани**

Член 240

(1) Заштитната мерка задолжително лекување на алкохоличари и наркомани се извршува за време на извршување на казната затвор во казнено-поправна установа во која постојат услови за таквo лекување или во здравствена работна организација во која постои таква можност.

(2) Ако заштитната мерка е изречена самостојно или со парична казна односно укор, таа ќе се изврши во здравствена установа во која се спроведува болничко или амбулантно лекување. Здравствената установа ја одредува органот надлежен за постапката во решението.

(3) Задолжителното лекување на алкохоличари односно наркомани завршува со постигнување на задоволителни резултати, односно доколку не се

прекине поради неможност за натамошно лекување, или со лекувањето не можат да се постигнат очекуваните резултати.

(4) Здравствената установа што го врши задолжителното лекување е должна за завршувањето или прекинот на лекувањето да го извести органот за прекршоци што ја изрекол оваа мерка.

(5) Ако лицето на кое му е изречена оваа мерка не се јави на лекување, или самоволно го напушти, здравствената работна организација за тоа ќе го извести органот што го упатил.

**Одземање на дозвола за вршење определено занимање или дејност**

Член 241

(1) Заштитната мерка одземање на дозвола за вршење определено занимање или дејност се извршува со одземањето на дозволата.

(2) Заштитната мерка од претходниот став ја извршува органот на управата што ја издава дозволата, односно во чиј делокруг спаѓа надзорот на дејноста што е предмет на заштитната мерка според престојувалиштето односно живеалиштето или седиштето на казнетиот. Органот надлежен за постапката му доставува препис од извршното решение на надлежниот орган за извршување. Примената на оваа мерка се внесува во посебна евиденција на органот што ја извршува мерката.

**Одземање на возачка дозвола и забрана за здобивање со возачка дозвола**

Член 242

(1) Заштитната мерка одземање на возачка дозвола и забрана за здобивање со возачка дозвола ја извршува органот надлежен за издавање на возачка дозвола каде што се води регистарот на возачи.

(2) Ако е изречена заштитна мерка забрана за здобивање со возачка дозвола, таа забрана ќе се води во евиденција на органот надлежен за издавање возачки дозволи по живеалиштето односно престојувалиштето на лицето спрема кое оваа мерка е применета. Во случај на промена на живеалиштето ќе се извести за забраната органот надлежен за издавање на возачки дозволи по неговото живеалиште.

Член 243

(1) Ако е изречена забрана на возење на лице кое има странска возачка дозвола, органот на управата надлежен за внатрешни работи ќе ја одземе неговата дозвола за времето додека трае заштитната мерка.

(2) Ако лицето спрема кое е применета оваа заштитна мерка сака да ја напушти Социјалистичка Федеративна Република Југославија пред истекот на рокот, возачката дозвола ќе му се врати при напуштањето или откако ќе ја напушти Југославија.

**Одземање на дозволата за поседување и носење оружје**

Член 244

(1) Заштитната мерка одземање на дозволата за поседување и носење оружје ја извршува органот надлежен за издавање на дозвола за оружје на чие подрачје има живеалиште односно престојувалиште лицето спрема кое оваа мерка е применета.

(2) Органот што ја извршил мерката одземање на дозволата за оружје ќе го извести за тоа органот што ја издал дозволата.

(3) Примената на оваа мерка се внесува во евиденцијата на органот надлежен за издавање на дозвола за поседување и носење оружје надлежен по престојувалиштето на лицето спрема кое оваа мерка е применета.

**Дел четврти**

Глава дваесет и четврта

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 245

(1) Се овластува републичкиот секретар за правосудство:

— да донесе поблиски прописи за водењето на евиденцијата и статистиката за прекршоците и средување на статистичките податоци за работата на судиите за прекршоци, најдоцна до 31 декември 1973 година,

— да донесе прописи за надоместок на трошоците на сведоците, вештаците и толкувачите во прекршочната постапка како и поблиски прописи за другите трошоци на прекршочната постапка и извршувањето, во рок од една година од влегувањето во сила на овој закон,

— да донесе правила за внатрешното работење на органите овластени за водење на прекршочната постапка (Деловник за органите за водење на прекршочната постапка), во рок од една година од влегувањето во сила на овој закон.

Член 246

Општинските судови што биле надлежни за извршување на казната затвор по решенијата за прекршоците по досегашните прописи, ќе ја завршат постапката по извршувањето на предметите што им се доставени до денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 247

(1) Дел од приходите во висина од 25 отсто од наплатените парични казни од член 27 од овој закон, до износот од 3.000.000 динари се издвојува за учество во изградбата на Воспитно-поправниот дом во Тетово.

(2) Средствата од претходниот став ќе се водат на посебна сметка на Републиката.

Член 248

Со влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат одредбите од членовите 25 до 30 од Законот за извршување на казните лишување од слобода, мерките за безбедност и воспитните мерки („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр. 16/70).

Член 249

Овој закон влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 октомври 1973 година.

---

**300.**

Врз основа на член 152, став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

## УКАЗ

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СРЕДСТВАТА ЗА РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВАТА**

Се прогласува Законот за средствата за работа на органите на управата што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор, одржана на 12 јули 1973 година и на седницата на Соборот на општините, одржана на 12 јули 1973 година.

Број 03-1934
13 јули 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с.р.

# ЗАКОН

## ЗА СРЕДСТВАТА ЗА РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВАТА

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Средствата за работа на органите на управата и на органите и организациите што вршат работа од општ интерес за Републиката односно општината (во натамошниот текст: органи на управата) се утврдуваат во согласност со овој закон и со прописите донесени врз основа на него.

Одредбите на овој закон се однесуваат и на судовите, јавните обвинителства, јавните правобранителства, органите за спроведување на прекршочната постапка и органите за извршување на кривичните санкции, стручните служби на Собранието на Републиката односно општината и нивните политичко-извршни органи, како и на органите за внатрешни работи, доколку со одделен републички закон не е поинаку определено.

Член 2

Средствата за работа на органите на управата ги сочинуваат средствата за вршење на редовната дејност, средствата на фондовите и средствата за посебни намени.

Паричните средства за работа на органите на управата се обезбедуваат во буџетот на Републиката односно општината.

Приходите што органите на управата ги остварува со вршење на нивната дејност се внесуваат во буџетот, ако со закон или со прописи донесени врз основа на закон не е поинаку определено.

Член 3

Средствата за вршење на редовната дејност органите на управата ги остварува според извршената програма за работа и во согласност со оцената за постигнатите резултати во работата, а во зависност од сложеноста и обемот на задачите што ги вршат, како и од нивната улога во развивањето на општествената продуктивност на трудот и социјалистичките општествени односи.

Утврдувањето на средствата за вршење на редовната дејност и оцената за резултатот од работата на органите на управата ги врши Собранието на Републиката односно општината, врз основа на критериуми и мерила утврдени со општествени договори и самоуправни спогодби.

Средствата за вршење на редовната дејност, што им припаѓаат на органите на управата, се усогласуваат со движењето на продуктивноста на трудот и личните доходи на работниците во организациите на здружен труд.

Член 4

При утврдувањето на средствата за вршење на редовната дејност на органите на управата, ќе се води посебна сметка за потребата од непречено функционирање на службите од чија работа зависи остварувањето на правата на граѓаните и организациите на здружен труд и извршувањето на задачите и работите што за органите на управата произлегуваат од законите и од другите прописи.

Член 5

Органите на управата самостојно располагаат со средствата за вршење на редовната дејност.

Член 6

Средствата на опремата им се обезбедуваат на органите на управата во предмети или парични средства за набавка на опрема.

Паричните средства што во буџетот се обезбедуваат за опрема се сметаат како средства за посебни намени.

Член 7

Собранието на Републиката односно на општината, може, заради намирување на определени општествени потреби или за извршување на определени задачи да им додели на органите на управата средства за посебни намени во сообразност со нивната дејност.

Средствата за посебни намени се користат на начин утврден со актот со кој се обезбедуваат.

Член 8

Органите на управата формираат и средства за заедничка потрошувачка и средства на резервата.

Член 9

Органите на управата се должни средствата за работа да ги користат, така што да обезбедат што потполно извршување на своите функции односно намирување на определените општествени потреби и извршување на определените задачи.

За користење на средствата за работа, работната заедница на органот на управата има определени права и должности утврдени со закон и со прописи донесени врз основа на закон.

Член 10

Средствата за вршење на редовната дејност се распоредуваат со финансиски план на одделни намени врз основа на општиот акт на органот на управата, во согласност со законот.

Член 11

Конечната распределба на средствата за вршење на редовната дејност се врши со завршната сметка на органот на управата.

Член 12

Личните доходи на работниците во органите на управата се утврдуваат во согласност со начелата за распределба според вложениот труд.

За спроведување на начелото од претходниот став на работниците во органите на управата им припаѓаат за еднаков труд еднакви лични доходи.

Основите и мерилата за распределба на средствата за личните доходи работниците во органите на управата ги утврдуваат во согласност со основите и мерилата утврдени со општествени договори и самоуправни спогодби.

Член 13

Во органите на управата се формира фонд за опрема, фонд за заедничка потрошувачка и резервен фонд.

Член 14

Распоредот на средствата за посебни намени се врши, по правило, со пресметка за користење на тие средства, во согласност со актот на Републиката односно општината со кој се утврдуваат тие средства.

Член 15

Собранието на Републиката односно општината врши надзор врз политиката за распределба на средствата за работа на органите на управата и обезбедува потребна контрола.

Контрола над законитоста за користење и распределба на средствата за работа на органот на управата врши Службата на општественото книговодство во согласност со законот.

### II. СРЕДСТВА ЗА ВРШЕЊЕ НА РЕДОВНА ДЕЈНОСТ

Член 16

Средствата за вршење на редовната дејност, што ги користат органите на управата, се обезбедуваат во буџетот на Републиката односно општината.

Како средства за редовна дејност можат да се користат и приходите или дел од приходите што ги остварува органот на управата со вршење на својата дејност, доколку со закон или со друг пропис, врз основа на закон, е определено да се користат за таа намена.

Член 17

Средствата за вршење на редовната дејност на органот на управата се утврдуваат со буџетот во единствен износ.

Висината на средствата од став 1 на овој член се утврдуваат според програмата за работа која ги опфаќа задачите врз основа на пропишаниот делокруг и задачите кои органот на управата ги извршува за потребите на Собранието на Републиката односно општината и нивните политичко — извршни органи, а според критериуми и мерила утврдени со општествени договори и самоуправни спогодби, како и во согласност со движењето на продуктивноста на трудот, висината на личните доходи на работниците во организациите на здружен труд и порастот на животните трошоци.

Органите на управата се должни, заедно со барањето за средства од буџетот, до органот на управата надлежен за буџет да поднесат потребна документација за видот, сложеноста и обемот на задачите, за кадрите, условите за работа и другите околности, кои се од влијание за определувањето висинатана средствата.

Член 18

Ако во основа не се менуваат задачите и условите под кои во буџетот на Републиката односно општината еднаш се утврдени средствата за вршење на редовната дејност, а програмата за работа редовно се извршува, така утврдените средства. по правило, се постојни средства на органот на управата.

Член 19

Средствата за вршење на редовната дејност се зголемуваат или намалуваат поради изменети задачи или ако условите за работа значително го зголемуваат или намалуваат бројот на работниците во органите на управата, односно ги зголемува или намалува неговите материјални расходи.

Кога, врз основа на пропис, се врши пренесување на задачите од еден орган на друг, а се исполнуваат условите од став 1 на овој член, со пренесувањето на задачите, се пренесува и соодветен дел на средства.

Член 20

Измени на висината на средствата за вршење на редовната дејност во смисла на член 19 на овој закон Собранието на Републиката односно општината може да врши и во текот на годината.

При донесувањето на одлука за измена на висината на средствата за вршење на редовната дејност, Собранието на Републиката односно општината ќе има предвид дали се работи за привремена или трајна измена во задачите.

Ако, во смисла на одредбите на ставовите 1 и 2 од овој член се намалуваат средствата на органите на управата, Собранието на Републиката односно општината ќе води сметка, поради ова намалување, да не го доведе во прашање редовното функционирање на органот.

Член 21

Сите одлуки за утврдување и за измена на висината на средствата за вршење на редовната дејност на органот на управата се засноваат и врз оцената дали одделните органи на управата ја вршеле својата дејност во согласност со основните цели, насоки и задачи и дали и во која мера со својата работа придонесле за развивање на општествената продуктивност на трудот и социјалистичките општествени односи.

Член 22

Органите на управата, по правило, не можат да се занимаваат со стопанска дејност.

Ако органот на управата се занимава и со стопанска дејност, должен е да организира посебна работна единица за таа дејност. и во своето книговодство, посебно да го искаже работењето на таа работна единица.

Во случајот од став 2 на овој член органот на управата е должен да ги пресметува и да ги плаќа обврските спрема општествената заедница според прописите кои важат за организациите на здружен труд од соодветната стопанска дејност, ако со посебен закон не е поинаку определено.

Член 23

Обезбедувањето средства за финансирање на задачите и работите на заедничките органи се врши врз основа на договор меѓу потписниците за кои органот ги врши работите и задачите од заеднички интерес.

**1. Лични доходи**

Член 24

Секој орган на управата е должен да утврди основи и мерила за распределба на доходот и личните доходи на работниците во согласност со општествени договори и самоуправни спогодби.

Член 25

Основите и мерилата за распределба на личните доходи на работниците се утврдуваат во зависност од видот, обемот, сложеноста и значењето на работите на работното место, одговорноста и условите за работа, степенот на стручната подготовка и минатиот труд на работникот, како и од други околности кои се од влијание за распределба според резултатите на трудот.

Член 26

Пресметувањето и исплатувањето на личните доходи на работниците во органите на управата се врши во вид на аконтација.

Конечното пресметување на личните доходи на работниците се врши со завршната сметка.

Член 27

Врз основа на утврдените основи, висината на личниот доход на секој работник се утврдува посебно и му се издава решение.

Член 28

Ако органот на управата ги изврши задачите од програмата за работа со помал број на работници од бројот за кој му се утврдени средствата, а од објективни причини не можел да ги пополни упразнетите работни места, заштедените средства можат да се користат за лични доходи на работниците кои ги извршиле програмираните задачи.

Оцена за извршувањето на програмираните задачи даваат надлежните тела на Собранието на Републиката односно општината.

**2. Материјални трошоци**

Член 29

Под материјални трошоци на органот на управата се сметаат:

1) трошоците за набавка на потрошен и ситен инвентар, за огрев, осветление и одржување на чистотата на деловните простории, трошоците за поштенско-телефонско-телеграфските услуги, трошоците за закупи и за редовното одржување на работните простории;

2) трошоците за набавка на стручни публикации и печатење на службени материјали;

3) патните и други трошоци, според прописите за надоместок на тие трошоци;

4) трошоците за осигурување и одржување на средствата на опремата и

5) други трошоци потребни за вршење на редовната дејност на органите на управата.

Член 30

Како материјални трошоци на органот на управата се сметаат и средствата за амортизација на опремата ако, со посебен акт, е пропишано пресметување и уплатување на средства за амортизација.

Органите на управата пресметуваат амортизација секоја година, според стапката што ќе ја определи Извршниот совет.

Член 31

Се овластува Извршниот совет со пропис да определи кои трошоци се сметаат како материјални трошоци на органите на управата.

Член 32

По исклучок од одредбите на членовите 29 и 30 на овој закон, Собранието на Републиката, односно општината може да пропише определени средства за материјални трошоци да бидат заеднички за повеќе органи и да се користат на начин и за намените предвидени со тој пропис.

## III. СРЕДСТВА НА ФОНДОВИТЕ

### 1. Фонд за опрема

Член 33

Средствата на опремата се состојат од подвижни предмети, како и од парични средства внесени во фондот за опрема на органот на управата.

Паричните средства за набавка на опрема се обезбедуваат, по правило, во буџетот на Републиката односно општината како средства за посебни намени.

Паричните средства за набавка на опремата можат да се формираат и од средствата за вршење на редовната дејност на органот на управата распоредени со финансискиот план односно со завршната сметка, како и од приходите или дел од приходите што во смисла на одредбите на став 3 од член 2 на овој закон ги остварува органот на управата со вршење на својата дејност, а за кои е донесен закон или друг пропис донесен врз основа на закон за нивно користење за таа намена.

Член 34

Подвижни предмети што ги сочинуваат средствата на опремата се инвентарот и други подвижни предмети што му служат на органот на управата за вршење на неговата дејност и чиј век на траење, под нормални услови на користење, е подолг од една година, а вредноста е поголема од 50 динари.

Член 35

Органот на управата е должен да ги одржува предметите на опремата, да ги осигурува до висината на нивната вредност и да води евиденција на нивната вредност.

Член 36

Органот на управата може правото на користење на подвижните предмети на опремата да го пренесе на друг орган на управата во истата општествено-политичка заедница во спогодба со тој орган.

Пренесувањето на правото на користење на подвижните предмети на опремата се врши, по правило, без надоместок.

Член 37

Органот на управата може подвижните предмети на опремата да ги продаде или да ги даде на услуга или под закуп на органот на управата на друга општествено-политичка заедница, организација на здружен труд или на друга организација односно здружение на граѓани.

Предметите што не можеле да се продадат на државен орган, организација на здружен труд или друга организација односно здружение на граѓани, можат да им се продадат на граѓани или граѓанско -правни лица само врз основа на јавна лицитација, ако според постојните прописи тие можат да стекнат сопственост над таквите предмети.

Член 38

За прибавување, пренесување на правото на користење, продажба и за давање на услуги или под закуп на подвижните предмети на опремата одлучува работнта заедница и старешината на органот на управата во согласност со постојните прописи.

Член 39

Органите на управата можат подвижните предмети на опремата да ги расходуваат ако поради дотраеност или други причини станале неупотребливи.

Одлука за расходување над подвижните предмети на опремата донесува работната заедница во согласност со старешината на органот на управата.

Член 40

Органот на управата може предметите на опремата да ги користи заеднички со органот на управата од иста или друга општествено-политичка заедница, како и со организациите на здружен труд и други организации.

Во случаите од став 1 на овој член, заедничко користење на предметите на опремата се утврдува со договор.

Собранието на Републиката односно општината или органот што ќе го овласти може да определи заедничко користење, како и начин за користење на предметите на опремата од страна на органите на управата.

Член 41

Фондот на опремата на органот на управата го сочинува вредноста на подвижните предмети на опремата што му служат за работа на органот на управата, како и паричните средства внесени во фондот на опремата.

Член 42

Покрај паричните средства од член 32 ставови 2 и 3, во фондот на опремата се внесуваат и паричните средства добиени со продажба односно давање под закуп на предметите на опремата, ако со посебен закон не е поинаку определено.

Ако е пропишано пресметување и уплатување на амортизација на предметите на опремата, средствата на амортизацијата се внесуваат во фондот на опремата.

Член 43

За употребата на паричните средства на фондот на опремата одлучува работната заедница во согласност со старешината на органот на управата, во согласност со прописите.

Член 44

Паричните средства на фондот на опремата органите на управата можат да ги здружуваат со соодветни средства на други органи на управата, како и со организациите на здружен труд и со други организации заради заедничко користење. Односите што настануваат со ваквото здружување на средствата се утврдуваат со меѓусебен договор.

Собранието на Републиката односно општината може да пропише задолжително здружување на определени парични средства на фондот на опремата.

Член 45

Паричните средства на фондот на опремата се чуваат кај Службата на општественото книговодство на посебна сметка на органот на управата.

Член 46

Ако со актот на Републиката односно општината на органот на управата му се дадат и неподвижни предмети, сходно ќе се применуваат одредбите од членовите 32 и 44 на овој закон, освен одредбите за пренесување на правото на користење, за давање под закуп и за продажба.

Член 47

Пренесување на правото за користење, давање под закуп и продажба на неподвижните предмети дадени на органот на управата на користење, се врши според прописите на Републиката односно општината во согласност со законот.

**2. Фонд за заедничка потрошувачка**

Член 48

Средствата за заедничка потрошувачка на органот на управата се состојат од неподвижните и подвижните предмети на општествениот стандард за потребите на членовите на работната заедница, како и од паричните средства внесени во фондот за заедничка потрошувачка и наменети за изградба и набавка на такви објекти и предмети.

Како средства за заедничка потрошувачка на органот на управата се сметаат средствата внесени во фондот за заедничка потрошувачка, а наменети за организирање и користење на одморите на членовите на работната заедница, како и средствата наменети за стручно образование на работниците.

Член 49

Паричните средства за заедничка потрошувачка се формираат од средствата што Собранието на Републиката односно општината му ги утврдиле на органот на управата од буџетот за овие намени, од средствата за редовна дејност на органот на управата распоредени според финансискиот план односно по завршната сметка, како и од приходите или дел од приходите што во смисла на одредбите на став 3 од член 2 на овој закон ги остварува органот на управата со вршење на својата дејност, а за кои е донесен закон или друг пропис донесен врз основа на закон за нивно користење за таа намена.

При утврдувањето на паричните средства за заедничка потрошувачка на органот на управата, Републиката односно општината ќе води сметка за потребата од изедначување на економската положба на работните луѓе.

Член 50

На средствата за заедничка потрошувачка сходно ќе се применуваат одредбите од членовите 34 до 36, 37, 41 и 46 од овој закон.

Член 51

За набавување, пренесување на правото на користење, продажба, давање на услуга или под закуп и за расходување на подвижните предмети за заедничка потрошувачка одлучува работната заедница, во согласност со Законот и старешината на органот на управата.

Член 52

Фондот за заедничка потрошувачка на органот на управата го сочинува вредноста на подвижните и неподвижните предмети за заедничка потрошувачка, како и паричните средства внесени во фондот.

Член 53

Покрај паричните средства од член 48 став 1 на овој закон, во фондот за заедничка потрошувачка се внесуваат и паричните средства остварени со продажба или со давање под закуп на предметите за заедничка потрошувачка, ако со пропис на Републиката односно општината не е поинаку определено.

Ако е воведена амортизација на предметите за заедничка потрошувачка, средствата за амортизација се внесуваат во фондот за заедничка потрошувачка.

Член 54

Средствата за заедничка потрошувачка органот на управата ги користи во согласност со општите акти на самоуправните органи за користење на тие средства.

По исклучок од став 1 на овој член, средствата што се издвојуваат според постојните прописи за станбена изградба можат да се користат само за станбена изградба.

Член 55

Паричните средства на фондот за заедничка потрошувачка што потекнуваат од продажба, закуп и амортизација на предметите за заедничка потрошувачка, можат да се користат само за изградба и купување објекти и други предмети за заедничка потрошувачка.

Член 56

Паричните средства на фондот за заедничка потрошувачка не можат да се користат за лични доходи на работниците.

Член 57

За здружувањето на паричните средства на фондот за заедничка потрошувачка, сходно се применуваат одредбите од член 43 на овој закон.

Член 58

Паричните средства на фондот за заедничка потрошувачка се чуваат кај Службата на општественото книговодство на посебна сметка на органот на управата.

Член 59

За користење на средствата за заедничка потрошувачка одлучува работната заедница на органот на управата.

Со општ акт на органот на управата со кој се регулира формирањето и користењето на средствата за заедничка потрошувачка може да се определи средствата за користење на годишни одмори да им се исплатуваат на членовите на работната заедница и во готови пари, како и да се утврдат критериумите и мерилата според кои ќе се врши исплатата во готови пари.

**3. Резервен фонд**

Член 60

Средствата на резервата можат да се формираат од средствата за редовна дејност распоредени со финансискиот план односно по завршната сметка, како тековна резерва или како средства на постојната резерва.

Средствата на резервата служат за покривање на непредвидените или недоволно предвидените потреби за вршење на редовната дејност на органот на управата.

Со општиот акт на органот на управата можат, во согласност со законот, поконкретно да се утврдат намените и начинот на користење на средствата на резервата.

Член 61

Ако според член 59, став 1 на овој закон кај органот на управата се формираат средства на постојаната резерва, таквите средства се внесуваат во резервниот фонд на органот на управата.

Средствата на резервниот фонд се чуваат кај Службата на општественото книговодство на посебна сметка на органот на управата.

## IV. СРЕДСТВА ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ

Член 62

Средствата за посебни намени можат да му се обезбедат на органот на управата и тоа:

1) за намирување на одредени потреби или извршување на задачи што се сврзани со дејноста на органот на управата, а кои не спаѓаат во неговата редовна дејност (функционални расходи),

2) за финансирање на одредени нестопански инвестиции од општо значење за Републиката односно општината, кога од инвеститорот таа функција е пренесена на органот на управата,

3) за набавка на опрема и

4) за формирање на средства за заедничка потрошувачка.

Член 63

Средствата за посебни намени се обезбедуваат, по правило, во буџетот на Републиката односно општината.

Член 64

Средствата за посебни намени можат да се користат непосредно од буџетот, да се пренесат на посебна сметка или да се пренесат во определен фонд на органот на управата.

Средствата распоредени со буџетот за посебни намени, што се користат по пат на акредитиви или по пат на пренесување на посебни сметки, им се доделуваат на носителите односно на корисниците на тие средства врз основа на плановите за извршување на буџетот.

Со посебен акт на Републиката односно општината се определуваат поблиските услови и начинот на користењето на средствата од став 1 на овој член.

## V. РАСПРЕДЕЛБА И КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА ОРГАНОТ НА УПРАВАТА

Член 65

Со општиот акт на органот на управата поблиску се уредуваат прашањата за распределбата и користењето на средствата за вршење на редовната дејност и другите средства на органот на управата, во согласност со законот и прописите донесени врз основа на закон.

Член 66

Со општиот акт на органот на управата поблиску се пропишуваат основите и мерилата според кои средствата за редовна дејност се распоредуваат со финансискиот план за лични доходи и за други видови лични расходи, за материјални трошоци, за фондови и за тековна резерва.

Со општиот акт на органот на управата се пропишуваат и основите и мерилата според кои со завршната сметка се врши конечна распределба на средствата за вршење на редовната дејност.

Член 67

Со општиот акт на органот на управата, може да се предвиди, распределбата на средствата за одделни намени да се врши за органот во целина или одделно по работни единици, или само дел од средствата да се распределуваат по работни единици.

Член 68

Со општиот акт на органот на управата се утврдуваат и основите и мерилата за утврдување на личните доходи во сообразност со својството и природата на работите на одделни работни места.

Член 69

Одделните прашања на распределбата и користењето на средствата за вршење на редовната дејност, за користење на другите средства и прашањата за основите и мерилата за утврдување на личните доходи, органите на управата можат да ги утврдуваат со посебни акти.

## VI. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА ОРГАНОТ НА УПРАВАТА

### 1. Финансиски план

Член 70

Средствата за вршење на редовната дејност на органот на управата се распоредуваат за одделни намени со финансиски план.

Член 71

Финансискиот план на органот на управата го донесува работната заедница во согласност со старешината на органот на управата.

Со предлогот на финансискиот план задолжително се запознаваат членовите на работната заедница најмалку осум дека пред донесувањето на финансискиот план.

Забелешките и предлозите на членовите на работната заедница на нацртот на финансискиот план задолжително се разгледуваат при неговото донесување.

Ако работната заедница и старешината на републичкиот односно општинскиот орган на управата не постигнат согласност за финансискиот план, конечната одлука ја донесува Извршниот совет односно органот што ќе го определи собранието на општината.

До донесувањето на конечната одлука ќе се применува финансискиот план како што ќе го утврди старешината на органот на управата.

Член 72

Финансискиот план се донесува пред почетокот на годината на која се однесува, а најдоцна 15 дена од денот на донесувањето на буџетот на Републиката односно општината.

Финансискиот план се донесува за календарска година.

Ако финансискиот план не се донесе пред почетокот на годината затоа што буџетот на Републиката односно општината не е донесен, финансирањето на органот на управата се врши привремено и тоа најдоцна за три месеци.

Привремено финансирање се врши сразмерно на користените средства во истиот период според финансискиот план од минатата година, а најмногу до една четвртина од вкупниот износ на средствата распоредени во тој план.

Член 73

Измените и дополнувањата на финансискиот план се вршат по иста постапка по која тој се донесува.

Со општиот акт на органот на управата може да се предвиди измените во распоредот на материјалните расходи во итни случаи да можат да се вршат без претходно прибавено мислење од работната заедница.

Член 74

За законитата употреба на средствата по финансискиот план и другите средства на органот на управата е одговорен старешината на органот на управата како наредбодавец.

Старешината на органот на управата може, во согласност со законот, овластувањето наредбодавец да го пренесе на еден или повеќе помошници наредбодавци.

Покрај наредбодавецот, за законитата употреба на средствата од став 1 на овој член е одговорен и сметкополагачот на органот на управата.

### 2. Претсметка за користење на средствата за посебни намени

Член 75

Средствата за посебни намени се распоредуваат со претсметка за користење на тие средства, ако со актот на Републиката односно општината за обезбедување на тие средства, е определено да се донесува претсметка.

Со актот од претходниот став се определува и органот кој ќе ја донесе таа претсметка.

Член 76

Претсметката се донесува посебно за секоја намена односно за групи намени, ако со актот на Републиката односно општината е определено претсметката да ја донесува еден орган на управата.

**3. Завршна сметка и периодична пресметка**

Член 77

Со завршната сметка на органот на управата, по намирување на материјалните расходи и издвојување на средствата за намирување на стасаните обврски, се врши конечна распределба на средствата за вршење на редовната дејност на лични доходи и на фондови.

Ако органот на управата не ги изврши обврските за кои му биле обезбедени средства, должен е тие средства за исти намени да ги пренесе во наредната година.

По исклучок од претходниот став Собранието на Републиката односно општината може да одлучи тие средства да се вратат во буџетот.

Член 78

Се овластува републичкиот секретар за финансии да донесе поблиски прописи за начинот и роковите за изготвување на завршната сметка на органот на управата.

Член 79

Завршната сметка се донесува по постапка и на начин како и финансискиот план на органот на управата.

Органот на управата е должен да ја достави завршната сметка до органот на управата на Републиката односно општината надлежен за работите на буџетот и до Службата на општественото книговодство, во рок од 15 дена од денот на нејзиното донесување.

Ако органот на управата не ја достави завршната сметка во рокот од претходниот став, органот на управата надлежен за работите на буџетот ќе ѝ даде налог на Службата на општественото книговодство да го запре користењето на средствата за вршење на редовната дејност, до поднесувањето на завршната сметка.

Член 80

Завршните сметки на органот на управата се приложуваат кон завршната сметка на буџетот на Републиката односно општината.

Член 81

Органите на управата составуваат периодична пресметка за средствата за вршење на редовната

Член 82

Се овластува републичкиот секретар за финансии да ги пропише постапката, начинот и роковите за составувањето и доставувањето на периодичната пресметка.

**4. Евиденција за финансиското и материјалното работење на органот на управата**

Член 83

Органите на управата се должни да водат евиденција за состојбата и движењето на сите средства што се користат според одредбите на овој закон.

Член 84

Органите на управата го водат книговодството според начелата на двојното книговодство и единствениот контен план.

Се овластува републичкиот секретар за финансии да донесе поблиски прописи за начинот на водењето на книговодството, евиденцијата и контниот план на органот на управата.

VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 85

Републичките и општинските органи на управата ќе ги усогласат своите акти во согласност со одредбите на овој закон во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 86

Одредбите на овој закон се применуваат и на работните заедници на општествено-политичките организации, здруженијата на граѓаните, доколку со друг пропис поинаку не е регулирано.

Член 87

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СР Македонија".

---

**301.**

Врз основа на член 152, став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕПУБЛИЧКИ РЕФЕРЕНДУМ

Се прогласува Законот за републички референдум што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор, одржана на 12 јули 1973 година, и на седницата на Соборот на општините, одржана на 12 јули 1973 година.

Број 03-1933
13 јули 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА РЕПУБЛИЧКИ РЕФЕРЕНДУМ

I ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се утврдуваат прашањата за кои се распишува републички референдум и се уредува начинот на распишување и спроведување на референдум во Републиката (референдум).

Член 2

Референдум се распишува за одлучување по прашања од општ интерес за Републиката, во случаите утврдени со овој закон, како и за претходно изјаснување на граѓаните за одделни предлози на закони, одлуки и мерки или за нивното потврдување што ќе ги утврди Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Член 3

Граѓаните на референдумот се изјаснуваат со непосредно и тајно гласање.

Граѓанинот не може да биде повикан на одговорност за гласањето на референдумот.

Член 4

Одлуката на референдумот се донесува со мнозинство гласови од граѓаните запишани во избирачките списоци.

Член 5

Одлуката донесена на референдумот е задолжителна.

II ПРАШАЊА ПО КОИ СЕ РАСПИШУВА РЕФЕРЕНДУМ

Член 6

Референдум се распишува задолжително за одлучување за распишување јавен заем во Републиката и за измена на границите на Републиката.

Член 7

Освен по прашањата од член 6, Собранието задолжително распишува референдум кога тоа ќе го побараат повеќе од половината од собранијата на општините.

Во случајот од претходниот став, Собранието е должно да распише референдум во рок од 60 дена од денот кога е поднесено последното барање за распишување референдум.

Член 8

Иницијатива за распишување референдум можат да дадат општествено-политичките организации во Републиката.

Иницијатива за распишување референдум можат да дадат и најмалку една четвртина од собранијата на општините.

## III РАСПИШУВАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНДУМ

Член 9

Референдум се распишува за целата територија на Социјалистичка Република Македонија.

Член 10

Собранието распишува референдум со одлука.

Одлуката за распишување референдум го содржи предметот на референдумот и денот на одржувањето на референдумот.

Член 11

Одлуката за распишување референдум се објавува во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија."

Од денот на објавувањето на одлуката за распишување референдум до денот на одржување на референдумот не можат да поминат помалку од 30 дена, ниту повеќе од 60 дена.

Член 12

Со утврдувањето на предлогот на законот односно на одлуката што се поднесува на референдум на одлучување едновремено се донесува и одлука за распишување референдум.

Член 13

Право на глас на референдумот имаат граѓаните кои се запишани во избирачките списоци.

Член 14

На референдумот секој граѓанин има право само на еден глас.

Граѓанинот може да гласа само лично.

Член 15

Референдумот го спроведуваат републичка и општински комисии за спроведување на референдум

Општинската комисија за спроведување на референдумот се образува за подрачје на една општина.

Член 16

Бројот на членовите на Републичката комисија го определува и членовите ги именува Собранието при распишувањето на референдумот.

Бројот на членовите на општинската комисија го определува и членовите ги именува Републичката комисија.

На членовите на комисиите им се определуваат заменици.

Член 17

Републичката комисија за спроведување на референдум:

1. го определува времето на гласањето,

2. се грижи за законитото спроведување на референдумот,

3. ја усогласува работата и им дава упатства на општинските комисии за спроведување на референдумот по сите прашања во врска со спроведувањето на референдумот.

Член 18

Општинските комисии за спроведување на референдум:

1. се грижат за законитото спроведување на референдумот,

2 вршат технички подготовки за спроведувањето на референдумот,

3. ги определуваат гласачките места, и

4. ги утврдуваат резултатите од гласањето на референдумот.

Член 19

За спроведување на гласањето на референдумот на гласачките места општинските комисии за спроведување на референдумот образуваат одбори за спроведување на референдумот (одбори).

Одборите ја обезбедуваат правилноста и тајноста на гласањето.

Член 20

Времето на гласањето мора да се определи така што да им се овозможи учество на референдумот на сите што имаат право на глас.

На гласачкото место на кое гласале сите граѓани запишани во избирачкиот список за тоа гласачко место, гласањето може да заврши пред истекот на времето определено за гласање.

Член 21

Предлогот на законот, предлогот на одлуката и предлогот на мерката, како и законот и одлуката што се предмет на одлучување на референдумот мора да бидат на соодветен начин изложени на гласачкото место.

Членовите на одборот се должни на граѓанинот што пристапил кон гласање, по негово барање да му дадат објаснување за предметот на референдумот и за начинот на гласањето.

Член 22

На референдумот се гласа со гласачки ливчиња.

Содржината на гласачкото ливче ја пропишува Републичката комисија за спроведување на референдумот.

Прашањата на гласачкото ливче мора да бидат формулирани прецизно и недвосмислено, така што граѓанинот на референдумот да може да одговори со „за" или „против" предлогот.

Ако на референдумот се поставени повеќе алтернативи од кои се бара одлука за една, на гласачкото ливче се наведуваат сите алтернативи според редоследот утврден во одлуката за распишување на референдумот.

Член 23

Граѓанинот на референдумот се изјаснува така што на гласачкото ливче го заокружува зборот „за" или „против".

Кога на референдумот се поставени повеќе алтернативи граѓанинот се изјаснува така што го заокружува зборот „за" или „против" од алтернативата за која гласа.

Член 24

По завршеното гласање одборот го утврдува резултатот од гласањето за гласачкото место и за тоа составува записник.

Формата и содржината на записникот ги пропишува Републичката комисија.

Веднаш по составувањето на записникот, одборот доставува свој извештај до општинската комисија за спроведување на референдумот.

Член 25

Општинската комисија за спроведување на референдумот врз основа на применот гласачки материјал од сите гласачки места, го утврдува резултатот од референдумот во општината и веднаш го доставува до Републичката комисија за спроведување на референдумот.

Член 26

Републичката комисија го утврдува резултатот од референдумот во Републиката и во рок од 15 дена од денот на одржувањето на референдумот го објавува во „Службен весник на СРМ".

Извештај за спроведување на референдумот Републичката комисија му доставува на Собранието.

Член 27

Ако граѓаните на референдумот се изјасниле за донесување закон односно одлука, Собранието е должно да го донесе законот односно одлуката.

Кога на референдумот се изнесува закон односно одлука заради потврдување од граѓаните, законот односно одлуката се потврдени на денот на одржувањето на референдумот ако за нив се изјаснило мнозинството од граѓаните. Ако мнозинството од граѓаните се изјасни против законот односно одлуката, се смета дека тие не се донесени.

Член 28

Законот односно одлуката за кои избирачкото тело на референдумот се изјаснило против, не можат повторно да се изнесуваат на референдум пред истекот на 6 месеци од денот на одржувањето на референдумот.

Член 29

Средствата за спроведување на референдумот ги обезбедува Собранието.

Член 30

За поднесоците, решенијата и другите списи и дејствија во постапката по одредбите на овој закон не се плаќа такса.

## IV ПРИГОВОРИ И ЖАЛБИ

Член 31

Поради неправилности и повреди на овој закон секој граѓанин има право на приговор во рок од 3 дена од денот на одржувањето на референдумот до општинската комисија за спроведување на референдумот.

Против решението на општинската комисија за спроведување на референдум со кое е одбиен приговорот на граѓанинот може да се изјави жалба во рок од 3 дена од денот на приемот на решението до Републичката комисија за спроведување на референдумот. Републичката комисија донесува решение во рок од 48 часа од денот на приемот на решението.

Ако неправилностите можеле да влијаат врз резултатот од референдумот на гласачкото место, општинската комисија за спроведување на референдумот ќе го поништи гласањето на тоа гласачко место и ќе го определи времето за повторно гласање. За поништувањето на гласањето општинската комисија ќе ја извести Републичката комисија за спроведување на референдумот

Член 32

Поради неправилности и повреди на овој закон од општинската комисија за спроведување на референдумот или на одделни нејзини членови секој граѓанин има право на приговор во рок од 3 дена од одржувањето на референдумот до Републичката комисија за спроведување на референдумот. Републичката комисија донесува решение во рок од 48 часа од денот на приемот на приговорот.

Против решението на Републичката комисија со кое е одбиен приговорот од претходниот став, подносителот на приговорот има право на жалба до Врховниот суд на Македонија во рок од три дена. Судот донесува решение во рок од 48 часа од денот на приемот на жалбата.

## V КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 33

Со парична казна од 1.500 динари или со казна затвор до 3 месеци ќе се казни за кривично дело оној:

1. кој со сила, закана, подмитување или на друг недозволен начин влијае на граѓанинот да гласа на референдумот односно да гласа за или против определениот предлог, или да не гласа,

2. кој ќе дојде на гласачко место под оружје или со друго опасно орудие, како и оној кој без покана од претседателот на одборот ќе нареди да се доведе вооружена сила на гласачкото место или ја доведе без негова наредба,

3. кој ќе уништи, прикрие, оштети, преправи или ќе однесе исправа од референдумот или друг предмет што служел во спроведувањето на референдумот,

4. службено лице кое ќе повика на одговорност граѓанин или од него ќе бара да каже дали гласал на референдумот или како гласал.

Член 34

Со парична казна до 500 динари или со казна затвор до 30 дена ќе се казни за прекршок граѓанин:

1. кој гласа повторно или се обиде да гласа,

2. кој на референдумот гласа наместо друг под негово име,

3. кој при гласањето се држи непристојно,

4. кој, откако гласал односно откако се утврди дека не е запишан во избирачкиот список, по опомена од претседателот на одборот, не се оддалечи од гласачкото место,

5. кој ја пречи работата на одборот или на комисијата за спроведување на референдумот,

6. член на одборот или на комисијата за спроведување на референдумот, како и секој друг граѓанин кој на било кој начин ја повреди тајноста на гласањето,

7. член на одборот за спроведување на референдумот кој ќе дозволи граѓанинот повторно да гласа.

Член 35

Сите казниви дејствија по овој закон или по Кривичниот законик што се сторени на гласачкото место ќе се внесат во записникот за работата на одборот со означување на името и презимето, занимањето и местото на живеење на сторителот.

Комисијата за спроведување на референдумот, откако ќе ја заврши работата, ќе состави извод од примените записници за сите казниви дејствија и изводот ќе му го достави на јавното обвинителство за покренување кривична постапка.

## VI ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 36

Со влегувањето во сила на овој закон, престанува да важи Законот за постапката за распишување и спроведување на референдумот („Службен весник на СРМ" бр. 29/69).

Член 37

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

**302.**

Врз основа на член 152, став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОПШТИТЕ НАЧЕЛА НА РЕФЕРЕНДУМОТ ВО ОПШТИНАТА, МЕСНАТА ЗАЕДНИЦА, САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ И ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

Се прогласува Законот за општите начела на референдумот во општината, месната заедница, самоуправните интересни заедници и организациите на здружениот труд што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор, одржана на 12 јули 1973 година, и на седницата на Соборот на општините, одржана на 12 јули 1973 година.

Број 03-1936
13.VII.1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с.р.

## ЗАКОН

### ЗА ОПШТИТЕ НАЧЕЛА ЗА РЕФЕРЕНДУМОТ ВО ОПШТИНАТА, МЕСНАТА ЗАЕДНИЦА, САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ И ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

Член 1

Остварувајќи го самоуправувањето работните луѓе и граѓаните во општината, месната заедница, самоуправните интересни заедници и во организациите на здружен труд непосредно одлучуваат преку референдум за прашањата од заеднички интерес утврдени со статутот односно со самоуправната спогодба за здружување.

Член 2

Работните луѓе и граѓаните преку референдум можат претходно да се изјаснуваат за одлуки или мерки на општинското собрание односно на органот на управување на самоуправната интересна заедница и организацијата на здружен труд или да одлучуваат за потврдување на такви одлуки и мерки.

Член 3

Право на глас на референдум во општината, месната заедница и самоуправната интересна заедница имаат работните луѓе и граѓаните кои имаат општо избирачко право.

Право на глас на референдумот во организацијата на здружениот труд имаат членовите на работната заедница што имаат избирачко право за избор на органот на управувањето на организацијата.

Член 4

Работните луѓе и граѓаните учествуваат на референдумот врз основа на еднакво и непосредно право на глас евидентирано во соодветните избирачки списоци.

Член 5

Работните луѓе и граѓаните на референдумот се определуваат слободно. Гаранција за слободата на определувањето е тајноста на гласањето.

Член 6

Работните луѓе и граѓаните се запознаваат со предметот на референдумот на собири на работните луѓе односно на собири на граѓаните.

Заради запознавање со предметот на референдумот, како и со местото и времето на неговото одржување се користат и средствата за јавно информирање.

Од денот на објавувањето на одлуката за распишување на референдумот до денот на одржувањето на референдумот не може да поминат помалку од 15 дена.

Член 7

Одлуката на референдумот се донесува со мнозинство гласови на сите работни луѓе односно на сите граѓани кои имаат право на глас на референдумот.

Член 8

Волјата на работните луѓе и граѓаните изразена со мнозинство гласови на референдумот не може да биде повредена со ниеден акт на органот што го распишал референдумот.

Член 9

Прашање односно акт што работните луѓе односно граѓаните не го прифатиле на референдумот, не може повторно да се изнесува на референдум пред истекот на времето определено со статутот односно со самоуправната спогодба за здружување. Ова време не може да биде пократко од 6 месеци од денот на одржувањето на референдумот.

Член 10

Работните луѓе односно граѓаните од две или повеќе општини, месни заедници, самоуправни интересни заедници и организации на здружен труд, можат да одлучуваат на референдум за прашања од заеднички интерес.

Член 11

Работните луѓе и граѓаните имаат право на жалба до општинскиот суд во рок од три дена од дознавањето за повредата односно неправилноста во спроведувањето на референдумот.

Судот одлучува по жалбата во рок од 48 часа од нејзиниот прием.

Член 12

Општите акти со кои се уредува постапката за распишување и спроведување на референдумот во општината, месната заедница, самоуправните интересни заедници и организациите на здружен труд ќе се усогласат со општите начела утврдени со овој закон, во рок од 6 месеци од неговото влегување во сила.

Член 13

Одредбите на член 11 и 12 се применуваат непосредно.

Член 14

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

---

**303.**

Врз основа на член 152, став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ДОМАЌИНСТВОТО

Се прогласува Законот за Републичкиот завод за унапредување на домаќинството што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор, одржана на 12 јули 1973 година, и на седницата на Социјалноздравствениот собор, одржана на 12 јули 1973 година.

Број 03-1928
13.VII.1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с.р.

# ЗАКОН

## ЗА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ДОМАЌИНСТВОТО

Член 1

Центарот за економика на домаќинството — Скопје, основан со решение бр. 09-2292/1 од 1.XII. 1960 година на Извршниот совет на НРМ („Службен весник на НРМ", бр. 42/60), продолжува со работа под назив „Републички завод за унапредување на домаќинството — Скопје" (Завод) со задачите определени со овој закон.

Седиштето на Заводот е во Скопје.

Член 2

Дејноста што ја врши Заводот е од посебен општествен интерес.

Член 3

Заводот ја следи и проучува исхраната, културата на живеењето, облекувањето, текстилот во домот и личната потрошувачка, ги популаризира теоретските и практичните знаења на најновите достигнувања од областа на современото домаќинство.

Заводот им укажува стручно-методолошка помош на организациите на здружен труд во областите од претходниот став.

Заводот работи особено на:

— осовременување на сите видови општествена исхрана на деца и младина, на работници и на населението воопшто;

— програмирање на внатрешното уредување, проектирање на потребната опрема и вршење надзор над опремувањето на сите видови објекти наменети за деца и младина;

— изработка на стандарди и нормативи за простор и опрема наменети за установи за деца и младина;

— унапредување на хигиенското, економичното и практичното облекување и употребата на текстилот во домот;

— усмерување на личната потрошувачка на населението кон современите потреби на потрошувачите;

— други задачи во врска со потребите на домаќинството.

Заводот ја организира и спроведува дејноста од претходните ставови на начин определен со Статутот на Заводот.

Член 4

Задачите од претходниот член Заводот ги остварува во согласност со годишната и перспективната програма и договорите што ги склучува со заинтересираните општествени фондови, организациите на здружен труд и други организации, општината и Републиката.

Член 5

Заводот се здобива со средства за работа од надоместоците што ќе ги оствари со вршење на услугите.

Член 6

За својата работа Заводот му поднесува годишен извештај на Собранието на СРМ.

Член 7

Во управувањето со Заводот во работите од посебен општествен интерес учествуваат и претставници на општествената заедница, чиј број се утврдува со Статутот на Заводот. Претставниците на општествената заедница ги именува Собранието на СРМ.

Како работи од посебен општествен интерес, во смисла на претходниот став, се сметаат:

— донесување на статутот на Заводот,

— донесување на планови за работа и за развој на Заводот,

— донесување на финансиски план и завршна сметка на Заводот,

— одлучување за промена на статусот на Заводот,

— одлучување за проширување односно за промена на дејноста на Заводот.

— именување и разрешување директор на Заводот.

Член 8

Директорот на Заводот, врз основа на јавен конкурс, го именува советот односно работната заедница, ако во Заводот не се избира совет, по предлог од конкурсната комисија.

Конкурсот го распишува и го спроведува конкурсна комисија, која се состои од 4 члена, од кои 2 члена именува советот односно работната заедница на Заводот, а 2 члена Извршниот совет.

Согласност на именувањето на директор на Заводот дава Извршниот совет.

Член 9

Согласност на Статутот на Заводот дава Собранието на СРМ.

Член 10

Заводот, во соработка со заинтересираните органи и организации, врши стручен надзор над општествената исхрана во работните и други организации што организираат општествена исхрана.

Член 11

Работната организација што организира општествена исхрана е должна да го овозможи вршењето на стручниот надзор.

Врз основа на наодот од извршениот стручен надзор над општествената исхрана, на организацијата на здружен труд, во која е извршен надзорот и на соодветните органи на општествено-политичката заедница Заводот им предлага мерки за подобрување и унапредување на општествената исхрана.

Органите на управувањето на организацијата на здружен труд во која е извршен надзор над општествената исхрана и соодветните органи на општествено-политичката заедница се должни да ги разгледаат наодите од надзорот и да преземат соодветни мерки за подобрување и унапредување на општествената исхрана.

Член 12

Центарот за економика на домаќинството — Скопје е должен својата организација и работа да ги усогласи со одредбите на овој закон во рок од 6 месеци по влегувањето во сила на овој закон.

Член 13

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

---

**304.**

Врз основа на член 152, став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

# УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ

Се прогласува Законот за воените инвалиди што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор, одржана на 12 јули 1973 година, и на седницата на Социјално-здравствениот собор, одржана на 12 јули 1973 година.

Број 03—1929
13 јули 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

# ЗАКОН

## ЗА ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ

### I ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

(1) Воените инвалиди, членовите на нивните семејства и уживателите на семејна инвалиднина (корисници) имаат право на инвалидски додаток, посебен инвалидски додаток, семеен додаток, додаток на деца, рехабилитација, помош за опрема на новородено дете, погребни трошоци и надоместок при купување на моторно возило во случаите и под условите предвидени со овој закон.

(2) Членовите на потесното семејство на воените инвалиди од III до X група, како и членовите на потесното семејство на воените инвалиди кои се наоѓаат на рехабилитација имаат право на здравствена заштита под условите предвидени со овој закон.

Член 2

Средствата за остварување на правата според овој закон се обезбедуваат како наменски средства во буџетот на Републиката.

### II ИНВАЛИДСКИ ДОДАТОК

Член 3

(1) Правото на инвалидски додаток им припаѓа на воените инвалиди од I до V група, без оглед на годините на живот и способноста за стопанисување како и на другите воени инвалиди и уживатели на семејна инвалиднина, кои се постари од 65 години (мажи) односно 55 години (жени) или се потполно неспособни за стопанисување, додека таа неспособност трае, ако ги исполнуваат следните услови:

1) да не се во работен однос,

2) да не вршат самостојна професионална, односно стопанска дејност,

3) да не остварува инвалидска, семејна или старосна пензија поголема од 200 динари месечно по член на семејството,

4) тие и определени членови на нивното семејство да немаат месечно по член на семејството личен доход од земјоделска дејност поголем од 80 динари или други редовни приходи поголеми од 200 динари месечно.

(2) На децата уживатели на семејна инвалиднина им припаѓа право на инвалидски додаток и во случај кога покрај условите предвидени од точка 1 до точка 4 став 1 на овој член во поглед на годините на животот и школувањето ги исполнуваат условите предвидени со прописите на додаток на деца.

(3) На брачен другар на воен инвалид на кого до смртта му припаѓал додаток за нега и помош од страна на друго лице, му припаѓа право на инвалидски додаток и кога ќе наврши 45 години (жена) односно 60 (мажи) ако ги исполнува условите од став 1 точките 1 до 4 на овој член.

(4) На соуживателите на семејна инвалиднина и на уживателите на повеќе инвалиднини им припаѓа само еден инвалидски додаток.

Член 4

(1) Висината на инвалидскиот додаток месечно изнесува:

1) за уживателите на инвалиднина кои немаат приходи — 550 динари,

2) за уживателите на инвалиднина кои имаат приходи — разликата меѓу висината на приходите и основот од 200 динари.

(2) Инвалидскиот додаток од точка 2 од претходниот став се зголемува:

— за уживателите на инвалиднина чие домаќинство нема приходи од земјоделство — за 75 отсто,

— за уживателите на инвалиднина чие домаќинство има приходи од земјоделството — за 50 отсто.

(3) На воените инвалиди кои се самохрани или боледуваат од активна туберкулоза како и на самохраните уживатели на семејна инвалиднина им се зголемува инвалидскиот додаток за 200 динари месечно, ако нивното домаќинство нема приходи од земјоделство.

Член 5

(1) Како личен доход од земјоделска дејност, од кој во смисла на овој закон, зависи висината на инвалидскиот додаток, се смета катастарскиот приход од претходната година зголемен двапати, односно незголемен ако земјата е дадена под закуп на организација на здружен труд.

(2) За воените инвалиди од I до IV група со додаток за нега и помош од страна на друго лице како и за уживателите на семејна инвалиднина кои правото на семејна инвалиднина го изведуваат од инвалиди на кои им припаѓал додаток за нега и помош од страна на друго лице, како личен доход од земјоделска дејност од кој зависи висината на инвалидскиот додаток, се смета катастарскиот приход од претходната година намален за 50 отсто.

(3) За самохрани инвалиди или самохрани уживатели на семејна инвалиднина како личен доход од земјоделска дејност, од кој, во смисла на овој закон, зависи висината на инвалидскиот додаток, се смета катастарскиот приход од претходната година.

(4) Ако земјоделското земјиште е дадено под закуп на организација на здружен труд за земјоделско производство со доживотна закупнина, како личен доход од земјоделска дејност, од кој зависи висината на инвалидскиот додаток се смета месечниот износ на закупнината, ако тоа земјиште по смртта на сопственикот преоѓа во општествена сопственост.

Член 6

(1) Под други редовни приходи, во смисла на овој закон, се подразбираат: личен доход од работен однос, личен доход од самостојно вршење на занаетчиски или други стопански дејности, личен доход од самостојно вршење на интелектуални и други нестопански услуги, стипендија што ја прима уживателот на инвалиднина, пензија на уживателот на инвалиднина и на членовите на неговото семејство и приходи од имот и згради, освен приходите од сопствениот стан во кој уживателот на инвалиднина живее.

(2) Ако корисникот или членовите на неговото потесно семејство живеат на земјоделско земјиште на роднини (браќа и сестри, родители, свекор и свекрва, тест и тешта, дедо и баба) кои се сопственици односно обврзници на придонесите од личниот доход од земјоделска дејност од тоа земјиште, како приход од земјоделска дејност, во смисла на овој закон, се зема и сразмерен дел на доходот од земјоделската дејност постигнат на тоа земјиште кој отпаѓа на уживателот на инвалиднина заедно со неговото потесно семејство.

Член 7

(1) Како личен доход од работен однос на членовите на домаќинството, кој во смисла на претходниот член се пресметува во приход од кој зависи висината на инвалидскиот додаток, се смета просечниот личен доход, остварен од работен однос во претходната година, односно во првиот месец по стапување во работен однос, ако лицето стапило во работен однос во текот на годината, намален за 30 отсто за личен доход од работен однос од брачниот другар на корисникот, а за другите членови на домаќинството намален за 50 отсто.

(2) Како пензија на корисникот односно на членот на домаќинството, која во смисла на член 6 став 1 од овој закон се пресметува во приход од кој зависи висината на инвалидскиот додаток, се

смета старосната, инвалидската и семејната пензија од месец декември на претходната година односно од првиот месец ако со пензијата се здобил во текот на годината и тоа пензијата на корисникот и на неговиот брачен другар намалена за 30 отсто, а пензијата на другите членови на домаќинството намалена за 50 отсто.

(3) Како личен доход од самостојно вршење занаетчиски и други стопански и нестопански дејности односно како приход од имоти и од згради, кои во смисла на претходниот член се пресметуваат во приход од кој зависи висината на инвалидскиот додаток, се смета доходот односно приходот од претходната година што служел како основица за определување на придонеси односно на данок.

Член 8

(1) Ако соживателите на семејна инвалиднина живеат заедно, инвалидскиот додаток определен според член 4 од овој закон им припаѓа на рамни делови.

(2) Ако семејна инвалиднина уживаат повеќе лица кои од оправдани причини живеат одвоено (разведени родители, деца родени во брак и деца родени вон брак итн.), а приходите не им произлегуваат од заеднички извори, инвалидскиот додаток им припаѓа само на оние соживателите кои ги исполнуваат условите за стекнување право на инвалидски додаток.

(3) Ако двајца или повеќемина соживателите на семејна инвалиднина од претходниот став ги исполнуваат условите за примање на инвалидски додаток, на секој од нив му припаѓа износот што би му припаднал како на самостоен уживател, со тоа што збирот на тие износи да не може да го мине основот за одредување на инвалидскиот додаток зголемен за 25 отсто. Ако збирот на тие износи е поголем, инвалидски додаток му припаѓа на секој од соживателите во сразмер со износот што би им припаѓал како на самостојни соживателите.

(4) Ако во случајот од претходниот став еден од соживателите на инвалидскиот додаток ги исполнува условите за зголемување на инвалидскиот додаток по основ на самохраност (член 4 став 3 од овој закон) му припаѓа и тоа зголемување. Ако двајца или повеќемина соживателите ги исполнуваат условите за зголемување на инвалидскиот додаток по основ на самохраност, износот на тоа зголемување им припаѓа на рамни делови.

Член 9

(1) Делот од личниот доход од земјоделска дејност и од други редовни приходи, од кој зависи висината на инвалидскиот додаток, кој се паѓа на уживателите на инвалиднина, се утврдува така што вкупниот приход се дели на уживателот и на сите членови на неговото домаќинство (брачен другар, деца и родители), како и на членовите на потесното семејство на детето на уживателот кои тоа или уживателот ги издржува, а кои живеат во исто домаќинство. Во членовите на домаќинството на кои се дели приходот се вбројуваат и полнолетните членови на потесното семејство на детето на корисникот кои живеат на земјоделски имот и се издржуваат исклучиво од приход од тој имот.

(2) Ако родителот со кој уживателот на инвалиднина живее во исто домаќинство, но не на земјоделско земјиште, има личен доход од земјоделска дејност или од друг имот кој во смисла на член 6 од овој закон се зема предвид при оценувањето на правото на инвалидски додаток, во членови на домаќинството на кои се дели приходот се вбројуваат и членовите на потесното семејство кои родителот ги издржува, а кои живеат во исто домаќинство или на тој земјоделски имот.

Член 10

Ако уживателот на инвалиднина живее на земјоделски имот со роднини (браќа и сестри, свекор и свекрва, тест и тешта, дедо и баба) приходот од земјоделскиот имот, од кој зависи висината на инвалидскиот додаток, се утврдува така што катастарскиот приход се дели на сопственикот, уживателот на инвалиднина и на сите полнолетни роднини законски наследници на сопственикот. Малолетните членови на домаќинството во делбата учествуваат само по правото на претставување на умрените родители.

Член 11

(1) На уживателот на инвалидски додаток кој се наоѓа на лекување во стационарна здравствена установа, ако не издржува членови на семејство кои не се со него соживателите на инвалидски додаток, му се исплатува за првите 30 дена — 50 отсто од инвалидскиот додаток. Ако издржува членови на семејството, на уживателот на инвалидскиот додаток му се исплатува инвалидскиот додаток во ненамален износ без оглед на траењето на лекувањето.

(2) Ако еден соживател на инвалидски додаток се наоѓа на лекување во стационарна здравствена установа, на другите соживателите им се исплатува нивниот дел од инвалидскиот додаток без зголемување на инвалидскиот додаток за тој соживател предвидено со член 8 став 3 на овој закон.

(3) Одредбите од претходниот став за исплата на инвалидскиот додаток во намален износ нема да се применуваат на децата — уживателите на инвалидскиот додаток.

Член 12

(1) Кога ќе настанат промени во имотната состојба кои се од влијание на инвалидскиот додаток, корисникот се здобива со право на тој додаток односно тој се зголемува или се намалува од првиот ден на наредниот месец и тоа:

1) во случај на отуѓување (продажба, замена, подарок) на имотот или дел од имотот, според поднесената пријава до надлежниот орган (катастар),

2) во случај на неприфаќање на наследство односно наследен дел од денот на смртта на оставителот,

3) во случај на откажување на наследство односно на наследен дел од имот во полза на определен друг наследник — од денот на давањето на наследничка изјава,

4) во случај на експропријација на имот или на дел од имот — по преземањето на имотот од страна на оној во чија полза е извршена експропријацијата,

5) во случај на напуштање на земјоделски имот на сродник — по фактичко напуштање на имотот,

6) во случај на престанок или почеток на вршење на приватна професионална дејност — по бришењето или запишувањето во регистарот на самостојните дејности,

7) во случај на престанок на правото на приход по основ на работен однос — од престанокот на правото,

8) во случај на изградба на зграда на земјиште кое е обложено со катастарски приход — од денот на издавање на градежната дозвола.

(2) Смртта на членот на домаќинството влијае на инвалидскиот додаток, по истекот на 6 месеци од денот на настанатата смрт, а другите промени на бројот на членовите на домаќинството од првиот ден на наредниот месец.

## III ПОСЕБЕН ИНВАЛИДСКИ ДОДАТОК

Член 13

(1) На децата — уживатели на семејна инвалиднина кои се школуваат или на друг начин се оспособуваат за самостоен живот и работа кои

своето право го изведуваат од лицата загинати, умрени или нестанати под околностите од членовите 2 и 3 став 1 точките 1 до 6 од Законот за воените инвалиди („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72) им припаѓа посебен инвалидски додаток во висина и под условите што се пропишани со овој закон и тоа на секое дете посебно кое ги исполнува условите за примање на тој додаток.

(2) Со децата од став 1 од овој член се изедначуваат и децата — уживатели на семејна инвалиднина кои своето право го изведуваат од лицата умрени во рок од една година по завршувањето на војната, ако смртта на тие лица настапила како последица на рана, повреда, озледа или болест здобиена под околностите од членовите 2 и 3 став 1 точките 1 до 6 од сојузниот Закон за воените инвалиди.

(3) Посебниот инвалидски додаток му припаѓа на детето кое во поглед на годините на живот и школување ги исполнува условите предвидени со прописите за додаток на деца.

(4) Висината на посебниот инвалидски додаток зависи од вкупниот личен доход од земјоделска дејност и другите редовни приходи на корисникот и на одредени членови на неговото семејство.

(5) Под личен доход и други редовни приходи од кои во смисла на став 4 од овој член, зависи висината на посебниот инвалидски додаток се подразбираат личните доходи и приходи од кои зависи висината на инвалидскиот додаток на корисникот и на неговите членови на семејството, применувајќи ги одредбите за инвалидски додаток, со тоа што при одредување висината на посебниот инвалидски додаток се зема незголемен катастарскиот приход.

Член 14

(1) Правото на посебен инвалидски додаток припаѓа најмногу до навршени 26 години на живот, без оглед на старосната граница предвидена по прописите на додаток на деца за завршување на школувањето во одделни видови школи.

(2) За децата од став 1 на овој член кои се наоѓаат на школување на виши школи, факултети, високи школи или академии, посебниот инвалидски додаток им припаѓа најмногу за онолку време колку е пропишано за редовно школување во овие школи. Во случај на промена на школата или видот на студиите или започнување на нови студии, ќе се применуваат прописите за додаток на деца.

(3) Правото на посебен додаток припаѓа и по навршени 26 години на живот ако согласно член 25 став 2 од сојузниот Закон за воените инвалиди им се продолжи правото на примање на семејна инвалиднина по навршени 26 години на живот.

Член 15

(1) Посебниот инвалидски додаток се одредува во висина на разликата меѓу делот на приходот кој месечно му припаѓа на корисникот и изнесува:

1) 700 динари — ако се во прашање деца кои се школуваат на виша школа, факултет, висока школа и академија,

2) 600 динари — ако се во прашање деца кои се школуваат на некои од другите школи.

(2) На детето кое се наоѓа во дом или по одобрение на органот за старателство во семејство на кое се дава надоместок за сместување на детето, како и на детето кое се школува или оспособува надвор од местото на живеење, посебниот инвалидски додаток одреден по став 1 на овој член се зголемува за 200 динари.

(3) Износот на посебниот додаток одреден со став 1 на овој член не може да биде помал од 100 динари месечно.

Член 16

На уживателите на посебен инвалидски додаток им припаѓа еднократен годишен износ на додаток од 500 динари на име надоместок за набавка на учебници кој се исплатува во почетокот на учебната година.

## IV СЕМЕЕН ДОДАТОК

Член 17

Право на семеен додаток им припаѓа на уживателите на семејна инвалиднина кои правото на семејна инвалиднина го изведуваат по основ на смртта на воен инвалид, на кого му припаѓал додаток за нега и помош од страна на друго лице, ако тие и одредени членови на нивното семејство немаат приходи од работен однос, од пензија (старосна, инвалидска и семејна), од самостојна професионална дејност или од земјоделска дејност, кои вкупно по член на домаќинството го надминуваат или се рамни на износот од 85 отсто од додатокот за нега и помош од страна на друго лице.

Член 18

(1) Семејниот додаток се одредува во висина на разликата меѓу делот на приходите кои месечно паѓаат на корисникот и износот од 85 отсто од додатокот за нега и помош од страна на друго лице кој на инвалидот му припаѓал до неговата смрт, со тоа што не може да биде понизок од 200 динари месечно.

(2) На соуживателите на семејна инвалиднина им припаѓа еден семеен додаток.

Член 19

Во поглед на приходите кои се земаат предвид при оценување дали корисникот има право на семеен додаток, начинот на утврдување на дел на приходот кој паѓа на корисникот на додатокот, дејството на промена на фактите и околностите на имотната состојба на додатокот, ќе се применуваат одредбите за инвалидскиот додаток.

Член 20

Ако уживателот на семејна инвалиднина ги исполнува условите за стекнување на правото на семеен додаток и правото на инвалидски додаток ќе му се признае едно од овие права кое за него е поповолно.

Член 21

(1) На уживателите на семејна инвалиднина кои не ги исполнуваат условите за стекнување право на семеен додаток им припаѓа еднократна парична помош во висина на шестмесечен износ на додаток за нега и помош од страна на друго лице кој на инвалидот му припаѓал на денот на неговата смрт.

(2) Еднократната парична помош од став 1 му припаѓа и на брачниот другар кој не ги исполнува условите за стекнување на правото на семејна инвалиднина ако ниеден друг член на семејството не остварил право на семејна инвалиднина.

## V ДОДАТОК НА ДЕЦА

Член 22

(1) Воените инвалиди од I до VII група и воените инвалиди од VIII до X група, ако покрај инвалиднината примаат инвалидски додаток, како и децата — уживатели на семејна инвалиднина, имаат право на додаток на деца во висина и под условите кои ги одредуваат посебните прописи за додаток на деца.

(2) Воените инвалиди од VIII до X група кои имаат право на додаток на деца по основ на работен однос, имаат право на додаток на деца додека се наоѓаат на рехабилитација по одредбите на овој закон, ако ги исполнуваат условите предвидени по прописите за додаток на деца.

## VI ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 23

(1) Право на здравствена заштита во обем предвиден во член 49 од сојузниот Закон за воените инвалиди им се обезбедува и на членовите на потесното семејство на воените инвалиди од III до X група кои покрај инвалиднината примаат и инвалидски додаток и на кои по друг основ не им е обезбедена здравствена заштита.

(2) На членовите на потесното семејство на воените инвалиди кои имаат право на здравствена заштита по прописите за здравствено осигурување, што ја губат со стапување на инвалидот на рехабилитација, им припаѓа право на здравствена заштита во обем предвиден со член 49 од сојузниот Закон за воените инвалиди додека инвалидот се наоѓа на рехабилитација без оглед на групата на инвалидитетот и на другите услови предвидени во претходниот став.

(3) Здравствената заштита од претходните ставови се остварува на начин и под условите предвидени со сојузниот Закон за воените инвалиди.

Член 24

(1) На жените воени инвалиди од I до VII група им припаѓа право на помош за опрема на новородено дете во висина и под услови кои се предвидени по прописите за здравствено осигурување на работниците.

(2) Правото на помош за опрема на новородено дете им припаѓа на воени инвалиди од I до VII група во случај на породување на неговата жена или на негово женско дете кои имаат право на здравствена заштита по сојузниот Закон за воените инвалиди и по овој закон.

Член 25

Односите со природните лекувалишта кои им даваат здравствена заштита на уживателите на инвалидските права како и со организациите на здружен труд кои произведуваат протези, ортопедски помагала и санитарни справи се утврдуваат со договори што ги склучува републичкиот секретар за здравство и социјална политика.

## VII ПОГРЕБНИ ТРОШОЦИ

Член 26

(1) Во случај на смрт на воен инвалид од I до IV група, како и на воен инвалид од V до X група, кој примал инвалидски додаток, надоместок на погребните трошоци му припаѓа на оној кој го извршил погребот на умрениот инвалид.

(2) Надоместок на погребните трошоци припаѓа и во случај на смрт на уживателот на семејна инвалиднина кој примал инвалидски додаток.

(3) Надоместок на погребните трошоци припаѓа во висина одредена со прописите на надлежната заедница на здравственото осигурување на работниците, на чие подрачје корисникот има живеалиште.

## VIII РЕХАБИЛИТАЦИЈА

Член 27

(1) Воените инвалиди имаат право на рехабилитација (медицинска и професионална) ако според општото образование, годините на живот, здравствената состојба и другите околности имаат услови за успешна рехабилитација.

(2) Право на рехабилитација и материјално обезбедување за време на рехабилитацијата имаат и децата на загинатите, нестанатите или умрените под околностите од член 3 став 1 точка 1 од сојузниот Закон за воените инвалиди, ако станале неспособни за работа до навршени 15 години на живот или подоцна за време на редовното школување но најдоцна до навршени 26 години на живот и ако тие деца можат со рехабилитација да се оспособат за самостоен живот и работа.

(3) Право на рехабилитација од став 1 на овој член имаат и децата на воените инвалиди од I и II група, а децата на воените инвалиди од III до VII група ако инвалидот покрај инвалиднината прима и инвалидски додаток.

(4) Со рехабилитацијата се обезбедува оспособување за поранешното и друго соодветно занимање и стручно усовршување.

(5) Правото на рехабилитација се утврдува врз основа на наодот и мислењето на лекарската комисија надлежна за утврдување на воениот инвалидитет.

(6) Лицата кои ги исполнуваат условите за рехабилитација по овој закон и по прописите за инвалидското осигурување можат по сопствен избор да го користат правото на рехабилитација само по еден основ.

Член 28

(1) Воените инвалиди кои немаат никаква стручна подготовка со рехабилитацијата се оспособуваат за вршење на занимање за кое е потребна стручна подготовка стекната со приучување односно нижа стручна подготовка.

(2) Воените инвалиди кои имаат стручна подготовка пониска од подготовката на квалификуван работник односно средна стручна подготовка, со рехабилитацијата се оспособуваат за вршење на занимање за кое е потребна стручна подготовка на квалификуван работник односно на средна стручна подготовка.

(3) Воените инвалиди кои имаат стручна подготовка на квалификуван работник односно средна стручна подготовка или стручна подготовка повисока од неа, со рехабилитацијата се оспособуваат за вршење на исто занимање или на друго занимање за кое е потребна стручна подготовка рамна на онаа што ја имаат.

(4) Органот надлежен за решавање на правото на рехабилитација може воените инвалиди кои имаат стручна подготовка од став 3 од овој член да ги упати и на стручно усовршување поради стекнување стручна подготовка повисока од онаа што ја има инвалидот, ако инвалидот особено се истакнал во поранешната работа и во стручното оспособување и ако може да се очекува дека во редовниот рок ќе се стекне со таква подготовка.

(5) Воените инвалиди кои се професионално рехабилитирани немаат право по пат на нова професионална рехабилитација да се оспособуваат за вршење на занимање за кое е потребна стручна подготовка од ист степен за која се оспособиле со претходната рехабилитација.

(6) Рехабилитацијата на воените инвалиди се спроведува на начин и под условите што се предвидени за рехабилитација на инвалидите на трудот по прописите за инвалидско осигурување, ако со овој закон не е пропишано поинаку.

Член 29

(1) На воените инвалиди им припаѓа за време траење на професионалната рехабилитација материјално обезбедување во висина од 500 динари месечно ако немаат никакви приходи.

(2) Висината на материјалното обезбедување за време траењето на професионалната рехабилитација на воените инвалиди од претходниот став, кои имаат приходи се утврдува на тој начин што од износот од став 1 на овој член се одбива износот на приходите кој паѓа на воениот инвалид по член на домаќинството.

(3) Ако материјалното обезбедување пресметано на начинот од претходниот став изнесува помалку од 100 динари, инвалидот има право на минимален износ на материјално обезбедување од 100 динари.

(4) Воен инвалид кој користи материјално обезбедување од став 1 на овој член не може за тоа време да оствари инвалидски додаток.

Член 30

Висината на материјалното обезбедување зависи од вкупниот износ на приходите од земјоделска дејност и на другите редовни приходи на военото инвалид и на членовите на неговото семејство и тоа на брачниот другар, децата и родителите, со кои живее во заедничко домаќинство.

Член 31

По однос на висината на приходите од кои зависи висината на материјалното обезбедување се применуваат цензусите од кои зависи висината на инвалидскиот додаток.

Член 32

(1) На военото инвалид, кој има бесплатно сместување и исхрана во установата во која се спроведува рехабилитацијата му се намалува материјалното обезбедување на 50 отсто, ако не издржува семејство.

(2) Во случајот од претходниот став минималниот износ на материјалното обезбедување од член 30 став 4 на овој закон не се намалува.

Член 33

(1) Ако професионалната рехабилитација се врши надвор од местото на живеењето, а рехабилитацијата не може да се обезбеди со постојан превоз од местото на живеењето до местото во кое се врши рехабилитација, на военото инвалид на кој не му е обезбедено бесплатно сместување и исхрана за време на престојот во местото во кое се врши рехабилитацијата му се исплатува, покрај материјалното обезбедување, и зголемување на материјалното обезбедување за одвоен живот во износ од 150 динари, а ако издржува семејство во износ од 300 динари месечно.

(2) Ако со оглед на оддалеченоста на станот на военото инвалид од организацијата односно установата во која се врши рехабилитацијата е неопходно користење на превозни средства, а на инвалидот не му е обезбеден посебен превоз, материјалното обезбедување се зголемува за износот на трошоците на јавниот сообраќај што го користи инвалидот.

Член 34

(1) Военото инвалид на кој му престанал работниот однос поради тоа што го користи правото на професионалната рехабилитација може да бара, наместо материјално обезбедување според овој закон да му се признае материјално обезбедување во висина и под услови определени со прописите за инвалидското осигурување, ако во периодот од 5 години пред поднесувањето на барањето за професионална рехабилитација има најмалку две години стаж на осигурување.

(2) Од материјалното обезбедување, определено по одредбите од претходниот став, се одбива пензијата што инвалидот ја прима по прописите за пензиското и инвалидското осигурување.

Член 35

На военото инвалид кој во текот на професионалната рехабилитација се наоѓа на лекување во стационарна установа за тоа време му се намалува материјалното обезбедување не сметајќи го зголемувањето на материјалното обезбедување предвидено во член 33 од овој закон, по начелата што важат за намалување на пензијата на уживателите на лична пензија кои се наоѓаат на лекување во таквите установи.

## IX НАДОМЕСТОК ПРИ КУПУВАЊЕ НА МОТОРНО ВОЗИЛО

Член 36

На воените инвалиди од I до VI група, со исклучок на воените инвалиди од I група од член 59 од сојузниот Закон за воените инвалиди, со телесно оштетување на долните екстремитети од најмалку 60 отсто инвалидитет, ако се во работен однос или на професионална рехабилитација, како и на слепите воените инвалиди, во рамките на одобрените средства, може да им се одобри надоместок при купување на моторно возило.

Член 37

(1) Надоместокот при купување на моторно возило што се одобрува на воен инвалид во смисла на претходниот член, зависи од процентот на инвалидитетот и редовните приходи на инвалидот и членовите на неговото домаќинство и изнесува:

1) за инвалиди со телесно оштетување на долните екстремитети со 100 отсто инвалидитет или слепи инвалиди — 40 отсто од основицата,

2) за инвалиди со телесно оштетување на долните екстремитети со 80 или 90 отсто инвалидитет — 35 отсто од основицата,

3) за инвалиди со телесно оштетување на долните екстремитети со 60 или 70 отсто инвалидитет — 30 отсто од основицата.

(2) Надоместокот се зголемува за 10 отсто ако приходите не изнесуваат повеќе од 300 динари месечно по член од семејството.

(3) Делот од приходите кој отпаѓа на членот на домаќинството се пресметува на начинот што е определен за пресметување на приходите во врска со оценувањето на правото на инвалидски додаток, доходот од земјоделство се зема предвид според катастарскиот приход во стварниот износ, а другите редовни приходи ненамалени.

Член 38

Основицата за одредување на надоместокот при купување на патничко моторно возило изнесува 17.000 динари, а при купување на мотоцикл или скутер основица претставува продажната цена на возилото.

Член 39

(1) Инвалидот има право на додаток при купување на моторно возило еднаш во шест години.

(2) Ако инвалидот на кого му е даден надоместок при купување на моторно возило го отуѓи возилото пред истекот на рокот од претходниот став, должен е да врати соодветен дел од надоместокот сметајќи од наредната година во која го отуѓил возилото, па сè до истекот на рокот од шест години и тоа за секоја година по една шестина односно по една третина од вкупниот износ на надоместокот.

Член 40

Решение за барањето на надоместокот при купување на моторно возило донесува Републичкиот секретаријат за здравство и социјална политика.

Решението од претходниот став е конечно.

## X ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

Член 41

На воените инвалиди упатени на професионална рехабилитација и на децата — корисници на семејна инвалиднина од членовите 13 и 14 став 2 од овој закон им припаѓа надоместок во износ кој по прописите за финансирање на образованието го платиле за време на професионалната рехабилитација односно школување.

Член 42

Воените инвалиди и другите лица кои имаат право на додаток на деца, право на помош за опрема за новородено дете и право за надоместок на погребните трошоци и по овој закон и по прописите на надлежната заедница на здравственото осигурување на работниците каде што корисникот има постојано место на живеење ги остваруваат овие права по прописите на таа заедница.

Член 43

Инвалидскиот додаток и семејниот додаток можат да бидат предмет на извршување и обезбедување:

1) до половина — за законско издржување,

2) до една третина — за побарувања од општествената заедница на организациите на здружен труд и на банките.

Член 44

Неисплатените стасани износи на инвалидскиот додаток, посебниот инвалидски додаток, семејниот додаток, додатокот на деца, материјалното обезбедување за време на професионалната рехабилитација и другите парични примања предвидени со овој закон можат да се наследуваат.

Член 45

Корисникот на правата според овој закон кому му е извршена исплата на која немал право, должен е да го врати применот износ на начин и под условите предвидени со член 103 од сојузниот закон за воените инвалиди.

Член 46

(1) Како потполна неспособност за стопанисување во смисла на овој закон се смета: за деца — неспособност за самостоен живот и работа, а за другите лица — неспособност која одговара на I категорија инвалидност во смисла на прописите за инвалидското осигурување.

(2) Како потполно неспособна за стопанисување во смисла на овој закон се смета и вдовица — корисник на лична или семејна инвалиднина која има едно или повеќе деца помлади од 15 години или постаро дете неспособно за стопанисување, ако таа се грижи за нив и живее со нив во исто семејство.

(3) Потполната неспособност во смисла на ставовите 1 и 2 на овој член ја утврдува лекарска комисија надлежна за утврдување на процентот на военот инвалидитет.

Член 47

(1) Како самохрани во смисла на овој закон се сметаат корисниците на лична и семејна инвалиднина кои во своето семејство немаат сродници способни за стопанисување ниту имаат членови на потесното семејство или родители во работен однос, или корисници на пензија или кои имаат свое земјиште или приход од самостојна дејност.

(2) Не се сметаат за способни за стопанисување во смисла на претходниот став децата кои во поглед на годините на живот и школување ги исполнуваат условите предвидени за уживателите на семејна инвалиднина со член 25 став 1 точка 2 од сојузниот Закон за воените инвалиди, воените инвалиди од I до V група и лицата постари од 60 години (мажи) односно 55 години (жени).

Член 48

(1) Износите на инвалидскиот додаток, посебниот инвалидски додаток, семејниот додаток и материјалното обезбедување за време на професионалната рехабилитација се заокружуваат на тој начин што износите преку целиот динар што се помалку од 50 пари не се земаат предвид, а износите од 50 или поголеми се земаат како цел динар.

Член 49

(1) Инвалидскиот додаток, посебниот инвалидски додаток и материјалното обезбедување за време на професионална рехабилитација определени со овој закон задолжително се усогласуваат со движењето на просечните животни трошоци во почетокот на секоја година, ако животните трошоци во претходната година во Републиката пораснале најмалку за 3 отсто.

(2) Одлука за усогласување на инвалидските принадлежности во смисла на претходниот став врз основа на движењето на животните трошоци во Републиката донесува Извршниот совет.

## XI ПОЧЕТОК, ТРАЕЊЕ И ПРЕСТАНОК НА ИНВАЛИДСКИТЕ ПРАВА

Член 50

(1) Инвалидскиот додаток, посебниот инвалидски додаток и додатокот за користење на моторно возило течат од првиот ден на наредниот месец по донесување на барањето. Ако барањето за признавање на овие права е поднесено пред донесувањето на решението за признавање правото на инвалиднина, овие права течат од првиот нареден месец по донесување на решението за признавање на правото на инвалиднина.

(2) Семејниот додаток припаѓа од денот на исполнувањето на условите за признавање на тие права, ако барањето е поднесено во рок од 3 месеци од денот на исполнувањето на условите. Ако барањето е поднесено по истекот на тој рок, семејниот додаток припаѓа од првиот ден на наредниот месец по поднесување на барањето.

(3) Материјалното обезбедување за време на професионалната рехабилитација припаѓа од денот на стапувањето на рехабилитација.

(4) Додатокот на деца припаѓа од денот одреден по прописите за додаток на деца.

(5) Другите права можат да се користат само по донесување на решение за признавање правото на инвалиднина.

Член 51

(1) Инвалидските права траат додека постојат со закон пропишани услови за стекнување и користење на тие права.

(2) По исклучок започнатото користење на професионална рехабилитација и материјално обезбедување се продолжува сè до завршување на рехабилитацијата, но најмногу за 2 години, ако е во прашање воен инвалид кој во тек на рехабилитацијата го изгубил инвалидското својство заради намалување на инвалидитетот под одреденот минимум.

Член 52

(1) Ако военот инвалид или друго лице кое користи право на инвалидски додаток со правосилна судска пресуда е осуден на казна затвор од 1 до 6 месеци за времето додека се наоѓа на издржување казна му припаѓа 50 отсто од инвалидскиот додаток ако издржува членови на семејство, ако не издржува членови на семејство за тоа време не му припаѓа инвалидски додаток. Ако осуденото лице инвалидскиот додаток го користи заедно со други лица, на другите соуживатели на инвалидски додаток им припаѓа тој додаток во ненамален износ.

(2) Органот на управата надлежен за решавање на инвалидските права може да одреди на членовите на семејството на военот инвалид од I до VII група кои се наоѓаат на издржување на казната затвор подолга од 6 месеци или строг затвор да им се исплатува за тоа време инвалидски додаток во износ на кој тие би имале право во случај на негова смрт, но најмногу до износот на неговиот инвалидски додаток — ако военот инвалид е осуден заради кривично дело сторено од користољубие на штета на општествениот имот.

(3) На военото инвалид или друго лице кое користи право по овој закон осудено со правосилна пресуда на казна затвор подолга од 6 месеци или на казна строг затвор, не му припаѓаат тие права додека се наоѓа на издржување на казната.

(4) Ако военото инвалид или друго лице кое ги користи инвалидските права се наоѓа во истражен затвор, на семејството кое го издржува му се исплатува половина од неговиот инвалидски додаток. Задржаната половина на инвалидскиот додаток на корисникот му се исплатува дополнително ако кривичната постапка со правосилна одлука биде запрена или ако уживателот со правосилна пресуда биде ослободен од обвинението односно ако обвинението против него биде одбиено, но не поради ненадлежност на судот.

Член 53

Правата остварени по овој закон не може да се пренесуваат на други лица.

Член 54

Воените инвалиди и другите лица кои користат инвалидски права се должни да ја пријават на надлежниот општински орган на управата секоја промена на личноста или за стварните околности кои влијаат на инвалидските права по овој закон или на обемот на користењето на тие права.

## XII ПОСТАПКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ИНВАЛИДСКИТЕ ПРАВА

Член 55

(1) Во постапката за остварување на инвалидските права по овој закон се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка и одредбите од сојузниот Закон за воените инвалиди, кои се однесуваат на постапката.

(2) Трошоците на постапката за остварување на овие права по овој закон ги сноси органот кој ја води постапката.

Член 56

Решението донесено во прв степен со кое се утврдува прашањето на инвалидскиот додаток, посебниот инвалидски додаток, додатокот на деца, семејниот додаток и правото на професионална рехабилитација подлежи на ревизија.

Член 57

(1) Надлежниот општински орган на управата е должен да води евиденција за корисниците на инвалидските права по овој закон, со која се обезбедува прибирање на потребни статистички податоци.

(2) Водењето на евиденција се врши со внесување на податоци и промени во соодветните обрасци за водење евиденција (картотека, книги, ликвидациони листи и сл.).

(3) Извештај за податоците на крајот на полугодието надлежните општински органи на управата му доставуваат на Републичкиот секретаријат за здравство и социјална политика.

Член 58

Во постапката за остварување правата по овој закон не се плаќа такса.

## XIII ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 59

Републичкиот секретар за здравство и социјална политика пропишува:

— начин на исплаќање на инвалидските принадлежности и другите парични примања кои се остварува по овој закон,

— поблиски услови за остварување на професионалната рехабилитација,

— поблиски прописи за водење евиденција за корисниците на правата по овој закон.

Член 60

Општинските органи на управата надлежни за работите од инвалидско-боречката заштита ќе ги усогласат решенијата врз основа на кои се исплатувани посебниот инвалидски додаток и материјалното обезбедување за време на професионалната рехабилитацијата до влегувањето во сила на овој закон со неговите одредби во рок од 3 месеци од неговото влегување во сила.

Член 61

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за воените инвалиди од војните („Службен весник на СРМ" бр. 17/69 и 32/70).

Член 62

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од првиот ден на наредниот месец по неговото влегување во сила со исклучок на одредбите од членовите 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21 и 22 кои ќе се применуваат од 1. I. 1973 година.

---

**305.**

Врз основа на член 152, став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

# УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНИОТ НАДЗОР НАД ПРЕХРАНБЕНИТЕ ПРОДУКТИ И НАД ПРЕДМЕТИТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА

Се прогласува Законот за здравствениот надзор над прехранбените продукти и над предметите за општа употреба, што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор, одржана на 12 јули 1973 година, и на седницата на Социјално-здравствениот собор, одржана на 12 јули 1973 година.

Број 03—1932
13. VII. 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

# ЗАКОН

## ЗА ЗДРАВСТВЕНИОТ НАДЗОР НАД ПРЕХРАНБЕНИТЕ ПРОДУКТИ И НАД ПРЕДМЕТИТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА

## I ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се регулира здравствениот надзор над производството и над прометот на прехранбените продукти (продукти) и над предметите за општа употреба (предмети) утврдени со прописите за здравствената исправност на продуктите и на предметите.

Член 2

Под производство на продукти и на предмети во смисла на овој закон се подразбира приготвувањето, обработката и преработката.

Под промет на продукти и на предмети во смисла на овој закон се подразбира опремувањето, превозот, складирањето и продожбата, како и секој друг начин на пуштање во промет на продукти и предмети.

Член 3

Под здравствен надзор се ставаат:

1) производството и прометот на продукти и на предмети, како и секоја друга постапка со нив,

2) суровините наменети за производство на продукти и на предмети,

3) објектите и просториите во кои се произведуваат, чуваат односно пуштаат во промет продукти и предмети,

4) постројките, опремата, приборот, мебелот и сите други уреди што се употребуваат или што доаѓаат во допир со продуктите односно со предметите при нивното производство односно при нивниот промет,

5) лицата кои на работните места во производството или во прометот непосредно доаѓаат во допир со продуктите односно со предметите.

## II ХИГИЕНСКИ УСЛОВИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ПРОМЕТ НА ПРОДУКТИ И НА ПРЕДМЕТИ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА

Член 4

Просториите во кои се произведуваат, складираат односно чуваат или се пуштаат во промет продукти мораат да бидат:

1) такви што да го овозможуваат одржувањето на микроклиматските услови потребни за запазување здравствената исправност на продуктите,

2) изградени од погоден материјал со неопходен простор, простории и хигиенски услови,

3) заштитени од глодари и инсекти, како и од секое влијание на околината што би можело штетно да влијае врз хигиенската исправност на продуктите,

4) изградени од таков материјал што подовите и ѕидовите да можат лесно и успешно да се чистат,

5) обезбедени со уреди и средства неопходни за одржување на општата хигиена,

6) обезбедени со тековна хигиенски исправна вода и со прописна канализација.

Член 5

Просториите во кои се произведуваат или се пуштаат во промет предмети мораат да бидат:

1) такви што да овозможуваат одржување на микро-климатските услови потребни за запазување здравствената исправност на предметите,

2) заштитени од влијание на околината која би можела штетно да влијае врз здравствената исправност на предметите,

3) снабдени со уреди и средства неопходни за одржување на општата хигиена.

Просториите во кои се произведуваат и ставаат во промет средства за одржување лична хигиена, за нега и за разубавување на лицето и телото (козметички средства) мораат да ги исполнуваат и условите од член 4 точките 4 и 6 на овој закон.

Член 6

Забрането е да се врши производство и промет на продукти односно на предмети во простории што не ги исполнуваат условите од член 4 односно од член 5 на овој закон, како и во простории:

1) што се употребуваат за живеење или што се градени со намена за живеење,

2) што се во непосредна близина на објекти, простории или уреди кои според нивната употреба можат штетно да влијаат врз хигиенската исправност на продуктите односно на предметите за општа употреба,

3) што не се поврзани со водовод и канализација или во кои прашањето за снабдување со вода и отстранување на отпадните води и материи не е решено на друг хигиенски начин ако во местото нема водовод и канализација,

4) во кои се држат стоки што можат со нечистотија, со патогени микроорганизми или паразити или со својата непријатна миризба да ги загадат продуктите односно предметите за општа употреба односно што можат на продуктите и на предметите да им пренесат отровни материи или други материи штетни за здравјето.

Член 7

Продажбата на продуктите и на предметите надвор од просториите и од местата во пазаришта определени за продажба на продукти односно на предмети може да се врши само под услови што обезбедуваат хигиенско постапување со продуктите и со предметите и што обезбедуваат можност за вршење здравствен надзор над прометот на продукти и на промет во смисла на овој закон.

Одобрување за продажба на продукти и на предмети под условите од претходниот став дава органот на управата надлежен за работите на инспекцијата.

Член 8

Постројките, мебелот, приборот и другите уреди во просториите во кои се произведуваат или се пуштаат во промет продукти односно предмети мораат да бидат од материјал што не може да влијае штетно или неповолно врз здравјето на вработените во објектот и врз хигиенската исправност на продуктите односно на предметите и мораат да бидат изградени односно изработени на начин што го овозможува нивното лесно и успешно чистење и дезинфекција.

Член 9

Превозот на продукти односно на предмети мора да се врши на начин што ја обезбедува нивната хигиенска исправност.

Превозот на продукти мора да се врши со специјални наменски превозни средства и во специјална амбалажа.

Специјалните превозни средства и специјалната амбалажа наменети за превоз односно за пренос на определени продукти не смеат да се употребуваат за други цели.

Превозните средства наменети за превоз на продукти мораат да бидат видно означени.

Член 10

Во производството и во прометот на продукти и на козметички средства не можат да бидат вработени лица:

1) кои боледуваат од заразни болести или од болести што ги предизвикуваат цревни или кожни паразити,

2) кои излачуваат причинители на заразни болести (бацилоносители),

3) кои боледуваат од болести што предизвикуваат гадење кај потрошувачите,

4) над кои не е извршен посебен здравствен преглед.

Член 11

Лицата кои на работните места во производството и во прометот на продукти односно на козметички средства доаѓаат во непосреден допир со продукти односно со козметички средства мораат да имаат завршено посебен курс за здобивање основни знаења за хигиената на продуктите и на козметичките средства и за личната хигиена.

Трошоците за обучување на лицата од претходниот став паѓаат на товар на организацијата на здружен труд или друга организација односно на самостојниот производител или на лицето кое самостојно учествува во прометот (организација на здружен труд, самостоен производител односно лицето кое самостојно учествува во прометот).

Посебните курсеви од претходниот став ги организира општинскиот орган на управата надлежен за работите на здравството.

Член 12

Продуктите се пуштаат во промет пакувани. Со продуктите што не можат да се пакуваат се манипулира со посебен прибор без да се допираат со гола рака.

Лицата кои во прометот на продукти доаѓаат во непосреден мануелен допир со непакувани продукти не смеат да вршат наплатување.

Член 13

Лицата кои на работните места во производството или во прометот доаѓаат во непосреден допир со продукти односно кои во производството доаѓаат во непосреден допир со козметички средства мораат да носат посебна работна облека и посебни обувки.

Лицата од ставот 1 на овој член мораат да имаат најмалку по два чивта посебна работна облека и посебни работни обукви, што на свој трошок ги набавува и ги одржува организацијата на здружен труд, самостојниот производител односно тој што самостојно учествува во прометот.

Работната облека и работните обувки од став 1 на овој член не смеат да се употребуваат надвор од работните простории.

## III СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИОТ НАДЗОР

### 1. Органи на здравствениот надзор

Член 14

Здравствениот надзор над продуктите и над предметите го вршат органите на управата надлежни за работите на санитарната инспекција, а во поглед на продуктите од животинско потекло и органите на управата надлежни за работите на ветеринарната инспекција (органот на управата надлежен за работите на инспекцијата).

Член 15

Ако при вршењето на надзорот органот на управата надлежен за работите на инспекцијата утврди некој недостаток од делокругот на органот на управата надлежен за работите на друга инспекција, тој е должен за утврдениот недостаток да го извести органот на управата надлежен за работите на другата инспекција.

### 2. Здравствен преглед и испитување на продукти, на предмети за општа употреба и на суровини

Член 16

Организациите на здружен труд што произведуваат продукти на индустриски начин се должни:

1) пред почетокот на производството на продукти за пазар да извршат испитување на суровините заради проверување на нивната здравствена исправност,

2) пред пуштањето на промет да вршат испитување на производите заради проверување дали тие одговараат на прописите во поглед на здравствената исправност,

3) да водат евиденција за извршените испитувања.

Организациите на здружен труд од став 1 на овој член мораат да го обезбедат вршењето на потребните испитувања преку сопствена служба или преку овластени организации на здружен труд за контрола и испитување на продукти и предмети (овластена организација за контрола и испитување на продукти и предмети).

Организацијата на здружен труд што го врши испитувањето на продуктите преку сопствена служба мора да има соодветна опрема, стручни лица и да исполнува други пропишани услови.

Другите организации на здружен труд што произведуваат продукти и предмети за пазар, а немаат сопствена служба, должни се да вршат испитување на своите производи преку овластена организација за контрола и испитување на продукти и предмети во обемот и во роковите што со свое решение ќе ги определи општинскиот орган на управата надлежен за работите на инспекцијата.

Член 17

Кога овластената организација за контрола и испитување на продукти и предмети односно службата преку која организацијата на здружен труд врши испитување на продукти и на предмети ќе утврди дека произведените продукти и предмети во сè им одговараат на пропишаните услови, таа ќе издаде потврда (атест) за здравствената исправност на тие продукти и предмети. Оваа потврда важи како доказ дека е извршено испитување на продуктите односно на предметите во текот на нивното производство.

Организацијата на здружен труд што произведува продукти односно предмети не смее да пушти во промет произведени продукти и предмети без потврдата од став 1 на овој член.

Член 18

Организацијата на здружен труд, самостојниот производител односно лицето кое самостојно учествува во прометот на продукти односно на предмети, како и оној кој продуктите односно предметите ги пушта во промет, може да бара од овластената организација за контрола и испитување на продукти односно на предмети на негов трошок да извршат анализа на мостри од продуктите односно на предметите или од суровините наменети за производство на продукти односно предмети.

Член 19

Органот на управата надлежен за работите на инспекцијата врши здравствен преглед на продукти односно предмети и на нивните суровини на местата каде што тие се произведуваат, се чуваат или се пуштаат во промет.

Член 20

Овластените работници на органите на управата надлежни за работите на инспекцијата имаат право да земаат мостри од продукти, од предмети, и од суровини заради испитување дали им одговараат на прописите по однос на здравствената исправност. Мострите се земаат во три примероци, од кои еден за анализа, еден за сопственикот и еден за евентуална суперанализа. За земањето мостри од претходниот став се составува записник.

Организациите на здружен труд, самостојните производители односно лицата кои самостојно учествуваат во прометот се должни на органите на управата надлежни за вршење на здравствениот надзор да им ставаат бесплатно на располагање потребни количества продукти, предмети односно суровини заради земање на мостри.

Органот на управата надлежен за работите на инспекцијата еден примерок од земените мостри веднаш ѝ доставува на овластена организација за контрола и испитување на продукти и предмети заради анализа.

Овластената организација за контрола и испитување на продукти и предмети на која мострата ѝ е доставена е должна без одлагање да изврши анализа на мострата и за резултатот веднаш да го извести органот на управата надлежен за работите на инспекцијата што ѝ ја доставил.

Извештајот за резултатот од анализата мора да содржи наод и мислење дали испитаната мостра е исправна и ако е неисправна да образложи поради што е неисправна.

Органот на управата надлежен за работите на инспекцијата е должен за резултатот од извршеното испитување веднаш да го извести имателот на продуктот односно на предметот односно на суровината од која е земена мострата.

Член 21

Ако организацијата на здружен труд, самостојниот производител или продавач односно лицето кое самостојно учествува во прометот чии продукти, предмети или суровини врз основа на земената мостра се испитани, не е задоволен со резултатот од анализата, може во рок од три дена од соопш-

штувањето на резултатот од анализата да бара од органот што ја земал мострата за анализа дупликатот на мострата, земен во исто време и на ист начин, да го испрати на овластена организација за контрола и испитување на продукти и предмети, заради суперанализа.

Органот на управата надлежен за работите на инспекцијата што ја земал мострата и без барањето од претходниот став, може да побара од овластена организација за контрола и испитување на продукти и предмети да изврши суперанализа на дупликатот на мострата на продуктот, на предметот за општа употреба односно на суровината.

**3. Здравствен надзор над просториите и уредите**

Член 22

Здравствениот надзор над просториите во кои се произведуваат, чуваат или се пуштаат во промет продукти односно предмети, како и над уредите што се употребуваат при производството или пуштањето во промет на продукти односно на предмети, го врши органот на управата надлежен за работите на инспекцијата со непосреден преглед и собирање на потребни податоци и известувања од одговорните лица, од вработените лица, како и од трети лица.

Организациите на здружен труд, самостојниот производител, односно лицето кое самостојно учествува во прометот чии објекти, простории, постројки, мебел, прибор или други уреди подлежат на здравствен надзор, во смисла на овој закон, се должни на органот на управата надлежен за работите на инспекцијата да му овозможат непречено вршење на надзорот и да му ги дадат сите потребни податоци и известувања.

За извршениот преглед и за најдената состојба, како и за собраните податоци, добиени при вршењето на прегледот, се составува записник што го потпишуваат овластеното лице на органот на управата надлежен за работите на инспекцијата кое го извршило прегледот и одговорното лице во организацијата на здружениот труд, самостојниот производител односно лицето кое самостојно учествува во прометот.

**4. Здравствен надзор над вработените лица**

Член 23

Здравствениот надзор над лицата кои на своите работни места во производството или прометот на продукти односно во производството на козметички средства доаѓаат во допир со продукти односно со козметички средства опфаќа:

1) посебен здравствен преглед при примање работник во здружениот труд, вработување на работник, односно примање ученик на практично учење,

2) посебен здравствен преглед по преболените болести наведени во член 10 од овој закон.

3) повремени посебни здравствени прегледи во текот на вработеноста што се вршат најмалку еднаш годишно, а зависно од карактерот на работата и повеќепати годишно.

Со здравствените прегледи од став 1 на овој член се утврдува дали постои или не постои пречка за вработување на лица на определени работни места во смисла на членовите 10 и 11 од овој закон.

Трошоците на задолжителните посебни здравствени прегледи пред примање на работници во здружениот труд односно вработување на работник ги поднесува организацијата на здружен труд, самостојниот производител односно лицето кое самостојно учествува во прометот.

IV МЕРКИ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЗАРАДИ ЗАШТИТА НА ЗДРАВЈЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО

Член 24

Заради заштита на здравјето на населението, органот на управата надлежен за работите на инспекцијата има право и должност да презема мерки за обезбедување и тоа:

1) забрана на пуштањето во промет на неисправни продукти односно предмети,

2) забрана на располагањето со неисправни продукти, предмети и наредба за нивното уништување,

3) одземање на неисправни продукти односно предмети,

4) уништување на неисправни продукти односно предмети,

5) наредба за отстранување на недостатоците во производството,

6) забрана на употребата на простории и уреди за производство или промет на продукти односно предмети,

7) наредба за отстранување на лица вработени на определени работни места спротивно на одредбите од член 11 на овој закон,

8) забрана на работа со продукти односно со предмети на лица кои не се подложени на пропишаните здравствени прегледи до извршувањето на надзорот.

Мерките од претходниот став се определуваат со решение донесено во управната постапка. Жалбата против решението не го одлага неговото извршување.

Решенијата за извршување мерките на обезбедување од став 1 на овој член ги донесува органот на управата надлежен за работите на инспекцијата кој според член 14 од овој закон го врши здравствениот надзор.

Член 25

Органот на управата надлежен за работите на инспекцијата може при вршење на инспекцискиот преглед да издаде и усна наредба за извршување на определени мерки на обезбедување:

1) кога опасноста за здравјето или животот на луѓето бара определена мерка на обезбедување да се преземе веднаш без одлагање,

2) кога постои опасност од прикривање, замена или уништување на предмети или докази, ако мерката на обезбедување не би се преземала без одлагање,

3) кога се во прашање продукти односно предмети што самостојни производители, односно лица кои самостојно учествуваат во прометот, ги пуштаат во промет на пазарите или на други јавни места на кои е дозволена продажба на продукти односно на предмети.

По издавањето на наредбата од став 1 на овој член овластениот работник на органот на управата надлежен за работите на инспекцијата е должен во рок од 8 дена да донесе и достави писмено решение.

Член 26

Кога органот на управата надлежен за работите на инспекцијата при вршењето на прегледот на продукти односно на предмети ќе се посомнева дека продуктите односно предметите не им одговараат на прописите за здравствената исправност или дека се фалсификувани, а не може тоа да го утврди на местото каде што се наоѓаат продуктите односно предметите, тој ќе земе мостри од споменатите продукти односно предмети и ќе постапи според член 20 од овој закон, а на организацијата на здружен труд, на самостојниот производител односно лицето кое самостојно учествува ќе им забрани да ги пуштаат во промет продуктите односно предметите од кои се земени мострите.

Ако органот на управата надлежен за работите на инспекцијата се посомнева дека продуктите односно предметите се штетни за здравјето,

тој ќе го забрани и секое располагање со нив до донесување на решение врз основа на резултатот од испитувањето на мострите.

Продуктите односно предметите чие пуштање во промет е забрането, по правило, не се одземаат, туку се запечатуваат и му се оставаат на чување на оној кај кого се затечени, со попис кој се прилага кон записникот за земањето на мострите. По исклучок, ако постои опасност од мешање со други продукти односно предмети или ако продуктите односно предметите се затечени кај лице кое за нив не одговара или ако инаку не биле целесообразно со продуктите односно предметите да се остават на чување кај оној кај кого се затечени, органот на управата надлежен за работите на инспекцијата ќе донесе решение за привремено одземање на продуктите односно на предметите, заради обезбедување. Во тој случај, превозот и чувањето на продуктите односно на предметите се вршат на трошок на оној од кого се одземени.

Ако постои опасност продуктите односно козметичките средства да се расипат пред да биде завршено испитувањето на мострите, органот на управата надлежен за работите на инспекцијата може да ја одобри нивната употреба или преработка за други цели и пред добивањето на конечен резултат од испитувањето на мострите од таквите продукти односно предмети.

Член 27

Ако со испитувањето на мострите се утврди дека продуктите односно предметите се штетни за здравјето или се расипани, органот на управата надлежен за работите на инспекцијата со свое решение ќе ја потврди наредбата издадена според чл. 24 од овој закон и ќе го забрани секое располагање со таквите продукти односно предмети што би можело да има за цел тие да се употребат за исхрана односно за употреба на луѓето.

Органот на управата надлежен за работите на инспекцијата, може по предлог од организацијата на здружен труд, самостојниот производител, односно лицето кое самостојно учествува во прометот на кој таквите продукти односно предмети му припаѓаат, посебно да одобри тие да се употребат или да се преработат за други цели. Во тој случај овој орган, може, по потреба, таквите продукти односно предмети пред нивната употреба или преработка да ги онеспособи за човечка исхрана односно за употреба со додавање на соодветни средства (денатурирање).

Органот на управата надлежен за работите на инспекцијата ќе нареди неисправните продукти односно предмети под негов надзор да се уништат:

1) ако од продуктите односно од предметите се застрашува здравјето на луѓето т. е. постои сериозна опасност која на друг начин не може да се отстрани,

2) ако оној на кого му припаѓаат продуктите односно предметите во рокот што ќе му го определи органот на управата надлежен за работите на инспекцијата не стави предлог за употреба или преработка на продуктите односно на предметите за други цели.

Уништувањето на продуктите односно на предметите или нивната преработка, како и нивното онеспособување за човечка исхрана односно употреба во случај кога ова не го врши самиот орган на управата надлежен за рабтите на инспекцијата се врши под негов надзор.

Трошоците во врска со уништувањето на продуктите односно на предметите, со нивната преработка или со нивното онеспособување за човечка исхрана односно употреба ги поднесува оној кај кого се затечени продуктите односно предметите.

Член 28

Ако за неисправен продукт или предмет може да се претпостави дека се наоѓа во промет на пошироко подрачје, органот на управата надлежен за работите на инспекцијата што ја утврдил неисправноста на продуктите односно предметите е должен да ги извести за тоа органите на управата надлежни за работите на инспекцијата на соодветните подрачја кои се должни да ги преземат соодветните мерки пропишани со овој закон.

Член 29

Ако органот на управата надлежен за работите на инспекцијата утврди дека продуктите односно предметите за кои е задолжителна декларација се пуштени во промет недекларирани или неточно односно непотполно декларирани, ќе го забрани нивното натамошно пуштање во промет додека не бидат правилно декларирани.

Член 30

Ако органот на управата надлежен за работите на инспекцијата при прегледот на продуктите односно предметите сам утврди дека продуктите односно предметите се хигиенски неисправни, може по потреба да ги одземе таквите продукти односно предмети, а во определени случаи да го нареди или да го изврши нивното уништување. Овластениот работник е должен во тој случај по барање на оној кај кого се затечени продуктите односно предметите за општа употреба да му предаде мостра од одземениот односно уништениот продукт односно предмет.

Член 31

Ако органот на управата надлежен за работите на инспекцијата при вршењето на здравствен преглед се посомнева во хигиенската исправност на суровините употребени или наменети за производство на продукти односно на предмети, ќе земе мостри од сомнителните суровини и ќе ја забрани употребата на тие суровини додека не се изврши испитувањето.

Ако со испитувањето се утврди дека суровините се хигиенски неисправни, органот на управата надлежен за работите на инспекцијата ќе нареди запирање на производството на продукти односно на предмети од тие суровини. Овој орган може да одобри таквите суровини да се употребат за други цели односно да се преработат во други производи.

Ако овие суровини не можат да се преработат или да се употребат за други цели, органот на управата надлежен за работите на инспекцијата ќе го нареди нивното уништување.

Член 32

Ако органот на управата надлежен за работите на инспекцијата утврди дека објектите, просториите, постројките, мебелот, опремата, приборот или другите уреди, што служат или се употребуваат при производството или прометот на продукти односно на предмети имаат недостатоци што неповолно влијаат врз хигиенската исправност на продуктите односно на предметите, ќе нареди да се отстранат недостатоците и ќе го определи рокот во кој овие недостатоци мораат да се отстранат.

Ако недостатоците не бидат отстранети во определениот рок, органот надлежен за работите на инспекцијата ќе ја забрани употребата на овие објекти, простории, постројки, мебел, опрема, прибор или уреди од став 1 на овој член на кои се утврдени недостатоците — додека не се изврши наредбата за отстранување на недостатоците.

По исклучок, ако поради утврдените недостатоци постои непосредна опасност за здравјето на потрошувачите, органот на управата надлежен за работите на инспекцијата може веднаш да ја забрани употребата на овие објекти, простории односно уреди што можат да предизвикаат таква опасност.

Член 33

Ако органот на управата надлежен за работите на инспекцијата утврди дека во производството или во прометот на продукти односно пред-

мети е вработено лице кое во смисла на член 10 од овој закон не смее да биде вработено на тие работи, ќе ѝ нареди на организацијата на здружен труд, на самостојниот производител, односно на лицето кое самостојно учествува во прометот, таквото лице веднаш да го отстрани од работа во производството или во прометот на продукти односно предмети.

На лицето кое во смисла на став 1 од овој член ќе биде отстрането од работа му припаѓа за време на спреченоста за работа надоместок според прописите за здравственото осигурување.

## V КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

### Член 34

Организација на здружен труд ќе се казни за прекршок со парична казна од 10.000 до 20.000 динари:

1) ако за производство или за промет на продукти односно на предмети употребува простории, постројки, мебел, прибор или други уреди што не им одговараат на пропишаните услови (член 6 и 8),

2) ако продава продукти односно предмети надвор од просториите и од местата во пазаришта определени за продажба на продукти односно на предмети спротивно на прописите (член 7),

3) ако врши превоз на продукти односно на предмети на начин кој не ја обезбедува нивната хигиенска исправност или ако специјалните превозни средства и специјалната амбалажа наменета за превоз односно пренос на определени продукти ги употребува за друга цел (член 9),

4) ако на работно место каде што работникот доаѓа во непосреден допир со продукти односно со козметички средства вработи лице спротивно на пропишаните услови (член 10 и 11),

5) ако пушти во промет непакувани продукти, односно ако не обезбеди на хигиенски начин манипулирање со продуктите (член 12),

6) ако не уништи продукти односно предмети или нивни суровини чие уништување е наредено или ако не онеспособи за човечка исхрана односно употреба продукти односно предмети чие онеспособување е наредено (член 27).

За дејствие од ставот 1 на овој член ќе се казни за прекршок со парична казна од 500 до 1.000 динари и одговорното лице во организацијата на здружен труд.

### Член 35

Ако дејствието од член 34 став 1 на овој закон го стори лице кое е самостоен производител на продукти односно на предмети или друго лице кое учествува во прометот на продуктите, односно на предметите, ќе се казни за прекршок со парична казна од 1.000 до 2.000 динари.

### Член 36

Организација на здружен труд или лице кое е самостоен производител на продукти ќе се казни за прекршок со парична казна од 2.000 динари, ако за лицето, кое во производството или прометот на продукти односно предмети доаѓа во непосреден допир со продукти односно со предмети, не обезбеди да носи посебна работна облека односно работни обувки, или ако не ја спречи употребата на работната облека или обувки надвор од работните простории (член 13).

За дејствието од став 1 на овој член ќе се казни за прекршок со парична казна од 200 до 400 динари и одговорното лице во организацијата на здружен труд.

### Член 37

Ќе се казни за прекршок со парична казна од 500 до 1.000 динари лице кое е самостоен производител на продукти односно на предмети или кое самостојно учествува во прометот на продукти односно на предмети, а со парична казна од 100 до 200 динари лице кое е непосредно вработено во производството или прометот на продукти односно на предмети ако со кршењето на пропишаните или наредените хигиенски мерки на основните правила на хигиената или со постапувањето со продуктите односно со предметите во производството или во прометот ги загадува продуктите односно предметите или на друг начин ја загрозува нивната хигиенска исправност. Лице кое е казнето наималку трипати не може понатаму да работи во производство и во промет на продукти и на предмети.

### Член 38

Ќе се казни за прекршок со парична казна од 100 динари, а во повторен случај со парична казна од 200 динари, одговорното лице во организацијата на здружен труд кое врши производство или промет на продукти или на предмети или врши угостителски услуги, лицето кое е самостоен производител односно лицето кое самостојно учествува во прометот на продукти односно на предмети или самостојно врши угостителски услуги, како и друго лице вработено непосредно во производство или во промет на продукти и на предмети или вработено во вршење на угостителски услуги, ако со грубо кршење на основните барања на хигиената при работењето со продуктите и со предметите или во одржувањето на личната чистота или чистотата на работната облека, на работните и споредните простории, на уредите или приборите и споредните простории, на уредите или приборите за работа и вршење на услуги го загрозуваат хигиенското производство или прометот на продуктите, на предметите или хигиенското вршење на угостителските услуги.

Прекршоците од став 1 на овој член ги утврдуваат и казните ги изречуваат во прв степен санитарните инспектори на органот на управата надлежен за работите на санитарната инспекција односно ветеринарната инспекција при вршењето на прегледот на местото на производството или на прометот на продукти и предмети за општа употреба односно на местото на вршењето на угостителски услуги, според постапката предвидена во прописите за прекршоците.

## VI ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 39

Се овластува републичкиот секретар за здравство и социјална политика да донесе поблиски прописи за:

— општите минимални технички услови за просториите, уредите и опремата за производство, складирање, чување и промет на продукти и предмети,

— условите и начинот на испитување на продукти во текот на нивното производство и за начинот на водење евиденција за извршените испитувања,

— определување здравствени и други организации за вршење испитување на здравствената исправност на продуктите и предметите,

— курсевите, начинот на нивното изведување и начинот на проверувањето на здобиеното знаење.

### Член 40

Овој закон влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

**306.**

Врз основа на член 152, став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИТЕЛИ

Се прогласува Законот за здружување на индивидуалните земјоделски производители што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор, одржана на 12 јули 1973 година, и на седницата на Стопанскиот собор, одржана на 12 јули 1973 година.

Број 03-1931
13 јули 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

## ЗАКОН
### ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИТЕЛИ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Работните луѓе кои со личен труд и со свои средства на трудот вршат земјоделска дејност (во натамошниот текст: земјоделци) можат својот труд и своите средства на трудот меѓусебно да ги здружуваат во:

1) земјоделска задруга (во натамошниот текст: задруга),

2) во основна организација на здружен труд за кооперација во состав на организација на здружен труд (во натамошниот текст: основна организација за кооперација) и

3) во други видови на здружување.

Здружувањето од претходниот став се врши врз основа на договор, а во согласност со одредбите на овој закон.

Член 2

Здружувањето од член 1 на овој закон се засновува врз принципите на доброволност, самоуправување и заедничко располагање со доходот од заедничкиот труд.

Член 3

Задругата, односно основната организација за кооперација може да се занимава со: производство, доработка, преработка и промет на земјоделски производи, пчеларство, рибарство, штедно-кредитни работи, со обезбедување на средства за земјоделско производство, услуги што се од значење за земјоделството, домашно ракотворење и со други стопански дејности за кои ги исполнува пропишаните услови.

Дејностите од претходниот став задругата ги врши за потребите на своите членови и работи во свое име, а за сметка на своите членови или во име на своите членови.

Штедно-кредитните работи задругата и основната организација за кооперација ги вршат врз основа на посебни прописи.

Член 4

Земјоделските производители го задржуваат правото на сопственост врз средствата на трудот што ги здружуваат во задруга или основна организација за кооперација, доколку со договорот не е поинаку одредено.

Задругата и основната организација за кооперација можат да прибираат парични средства од своите членови за јакнење на материјалната основа на здружениот труд.

Имотно-правните односи меѓу задругата односно основната организација за кооперација и нивните членови се уредуваат со договор.

Член 5

Имотот во општествена сопственост што е предаден на управување на задругата, по престанок на нејзината работа, го презема општината на чие подрачје се наоѓа седиштето на задругата.

Општината ќе ѝ го отстапи имотот од претходниот став првенствено на друга задруга или друга организација на здружен труд која ја презема дејноста на задругата што престанала да работи.

Член 6

За отуѓување на средствата создадени со заеднички труд на земјоделците и задругата односно основната организација за кооперација или за нивно припојување кон друга организација односно на нивна ликвидација, потребна е претходна согласност на здружените земјоделци.

Член 7

Прописите за организациите на здружен труд се однесуваат и на задругата доколку со овој закон не е поинаку одредено.

### II. ЗЕМЈОДЕЛСКА ЗАДРУГА

Член 8

Задруга можат да основаат најмалку 15 земјоделци (во натамошниот текст: основачи).

Член 9

Средствата за основање и почетокот на работа на задругата ги обезбедуваат основачите на задругата во вид на задружен влог, по пат на кредити и на друг начин.

Член 10

За основање на задругата, основачите одлучуваат на основачко собрание.

Основачкото собрание го усвојува договорот за основање на задругата, ја утврдува висината на здружениот влог и емството, донесува акт за основање на задругата, привремен статут на задругата, избира привремени органи на управување на задругата, утврдува рок за избор на органи на управувањето и го утврдува рокот за донесување на статутот на задругата.

Со договорот за основање на задругата се одредува рокот за внесување на здружениот влог, како и условите за неговото внесување.

Член 11

Задругата се регистрира во задружниот регистар што го води окружниот стопански суд на чија територија таа има свое седиште, откако основачите ќе достават потврда дека задружните влогови се внесени.

Член 12

Членството во задругата е доброволно и лично.

Член 13

Член на задругата може да стане земјоделец како и членовите на неговото семејство што се занимаваат со земјоделство, без оглед на нивните производни можности, доколку се одлучат за потрајна стопанска соработка со задругата и склучат за тоа писмен договор.

Што се смета под потрајна стопанска соработка од претходниот став се определува со договорот за основање на задругата и со општиот акт на задругата.

Членови на задругата можат да бидат и постојано вработените лица во задругата, доколку ги исполнуваат условите предвидени со статутот на задругата.

Членовите на задругата можат да имаат статус на вработени во задругата ако остварат најмалку ист резултат во работењето како и вработените во задругата.

Со статутот на задругата се одредуваат условите за членување во задругата.

Член 14

Членот на задругата кој не ги исполнува одредбите на договорот за основање на задругата и одредбите на општите акти на задругата, може да биде исклучен од неа. Одлука за исклучување од членството донесува органот на управувањето на задругата одреден со статутот.

Против одлуката од претходниот став може да се поднесе жалба до повисокиот орган на задругата и надлежниот суд.

Со статутот се утврдува правото на членот за раскин на договорот за основање на задругата и отказен рок за истапување од задругата.

Член 15

Членството во задругата престанува со истапување, со исклучување или со смртта на задругарот.

Член 16

Задругата води именик на задругарите.

Член 17

За своите обврски задругата одговара со сите средства здружени во задругата.

Со статутот на задругата поблиску се утврдува и одговорноста на нејзините членови во рамките на определеното емство. Емството се утврдува во фиксен износ или во определен соодветен однос според здружениот влог и се одредува периодот за кој важи емството по престанок на членството.

По истекот на гарантниот период од претходниот став здружениот влог се враќа.

Член 18

Со задругата управуваат членовите на задругата и работната заедница на задругата.

Членовите на задругата и вработените лица се застапени во органите на управувањето на задругата, сразмерно на својот труд и придонесот во успехот и развојот на задругата.

Член 19

Земјоделците кои својот труд и своите средства на трудот ги здружуваат во задругата заеднички располагаат со доходот од заедничкиот труд.

Со статутот на задругата се утврдуваат поблиски критериуми за распределба на остварениот доход.

Член 20

Членовите на работната заедница на задругата имаат определени права во управувањето и располагањето со доходот во задругата.

Членовите на задругата и вработените во неа рамноправно одлучуваат за распределбата на заеднички остварениот доход за своите лични и заеднички потреби, како и за проширување на материјалната основа на здружениот труд, односно за проширена репродукција.

За задоволување на личните и заедничките потреби, на членовите на задругата им припаѓа дел на остварениот доход сразмерно на нивното учество во деловниот резултат на задругата, и тоа според вложениот труд и вложените средства, општиот успех на задругата и успехот на нивната стопанска соработка со задругата.

На вработените во задругата им припаѓа дел од остварениот доход за лични и заеднички потреби во сразмер со нивното учество во деловниот успех на задругата, според принципите што важат за организации на здружен труд.

Со статутот поблиску се утврдуваат правата и обврските на вработените во задругата.

Член 21

Членовите и вработените во задругата имаат право, за одредени дејности да организараат основни организации на здружен труд, ако тие претставуваат работна и територијално заокружена целина во која резултатот од заедничкиот труд може да се потврди како вредност на пазарот или во задругата, и кој врз таа основа може самостојно да се изрази.

Основна организација на здружен труд не ќе може да се организира, доколку тоа би довело до прелевање или отуѓување на доходот од оние кои го создале и ако се повредуваат правата на членовите и вработените во задругата.

Член 22

Членовите на задругата односно вработените ги регулираат меѓусебните односи, како и односите што настануваат со формирањето на основни организации на здружен труд, со самоуправниот договор за здружување, со кој се утврдува особено:

— средствата што ги презема на користење основната организација на здружениот труд, како и правата и обврските во врска со преземените средства,

— обемот на самостојното работење, непосредната одговорност на основната организација како и супсидијарната одговорност,

— начинот на утврдувањето и распределбата на доходот од заедничкото работење,

— основите и критериумите за здружување на средствата за заеднички развој,

— заеднички служби и критериуми за учество во трошоците на нивното работење.

Во управувањето со основната организација на здружен труд од член 21 на овој закон членовите на задругата имаат определени права што се утврдени со самоуправниот договор.

Член 23

За основните прашања на организацијата, за работењето, спојувањето, припојувањето и разделувањето како и за измените во други облици на здружениот труд и за престанок на основната организација на здружен труд од член 21 на овој закон одлучува непосредно работната заедница.

## III. ОСНОВНА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА КООПЕРАЦИЈА

Член 24

Земјоделец кој својот труд и средствата на трудот ги здружи со организација на здружениот труд, и со неа остварува трајна производна соработка (склучи) за тоа писмен договор, во рамките на таа соработка рамноправно со членовите на работната заедница на организација на здружен труд управува со заедничките работи и соодлучува за распределбата на заеднички остварениот доход, во рамките утврдени со самоуправниот договор и општиот акт на организацијата на здружениот труд.

Член 25

Одредбите на членовите 18, 20, 21 и 22 од овој закон соодветно се применуваат и на основните организации за кооперација.

## IV. ЗАДРУЖЕН СОЈУЗ

Член 26

Задругите и другите организации на здружен труд во областа на земјоделството, кои се занимаваат со унапредување на земјоделството можат да се здружуваат во задружен сојуз на Македонија, кој им дава организациона, стручно-техничка и друга помош на своите членки. Со договорот за основање на задружниот сојуз се утврдуваат и неговите задачи.

Членството во задружниот сојуз е доброволно.

Задружниот сојуз на Македонија е самостојна и самоуправна организација со статус на правно лице и се впишува во регистарот при окружниот стопански суд.

Со статутот на задружниот сојуз се утврдува неговата внатрешна организација и другите прашања кои не се регулирани со закон или со договорот за неговото основање.

Задружниот сојуз на Македонија е член на Стопанската комора на Македонија. Неговите членови колективно се зачленуваат преку него во Стопанската комора на Македонија. Членовите на задружниот сојуз својот придонес на Комората ѝ го плаќаат преку Задружниот сојуз при што придонесот на организацијата на здружен труд во чиј состав е основаната организација на здружен труд за кооперација соодветно се намалува.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 27

Постојните земјоделски задруги и основните организации на здружен труд за кооперација се должни своето работење да го усогласат со одредбите на овој закон во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Со општествениот имот кој задругите го имале на користење до престанокот на работењето на задругата, ќе се постапи според член 7 на овој закон.

Член 28

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

---

**307.**

Врз основа на член 152, став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

# УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВОТО

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за здравството што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор, одржана на 12 јули 1973 година, и на седницата на Социјално-здравствениот собор, одржана на 2 јули 1973 година.

Број 03-1927
13 јули 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

# ЗАКОН

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВОТО

Член 1

Во Законот за здравството („Службен весник на СРМ“, бр. 20/70 и 26/71), во член 44 се додава нов став кој гласи:

„По исклучок специјален завод и институт можат да основаат само општините и Републиката“.

Член 2

Во член 53 по став 2 се додава нов став кој гласи:

„Директорот на здравствена работна организација се именува во согласност со собранието на општината на чие подрачје се наоѓа седиштето на здравствената работна организација, а директорот на здравствена работна организација основана од Републиката — во согласност со Извршниот совет“.

Член 3

По член 54 се додава нов член 54а кој гласи:

„Во општините во кои нема услови да се основа здравствен дом може да се основа здравствена станица како здравствена работна организација.

Здравствената станица спроведува здравствена заштита преку дејностите:

— општа медицина;
— здравствена заштита на мајката и детето со патронажа;
— хигиенско-епидемиолошка;
— забоздравствена;
— лабораториска;
— рендген кабинет;
— снабдување со лекарства и санитетски материјал.

Во својот состав здравствената станица може да има породилен дом и итна помош.

За извршување на задачите од својот делокруг здравствената станица има потребен број лекари од општа медицина, специјалисти по педијатрија и гинекологија, стоматолози, како и потребни средномедицински кадри.“

Член 4

Во член 65 ставовите 3 и 4 се бришат.

Член 5

Во член 74 во двата става по зборовите „здравствените работници“ се додаваат зборовите „и здравствените соработници“.

Член 6

Во член 77 во став 1 по зборовите „здравствените работници“ се додаваат зборовите „и здравствените соработници“.

Во став 3 по зборот „фармацеути“ се додаваат зборовите „како и здравствените соработници со висока подготовка“.

Член 7

Член 78 се менува и гласи:

„Планот и програмата за приправничкиот стаж на здравствените работници и на здравствените соработници ги пропишува републичкиот секретар за здравство и социјална политика“.

Член 8

Во член 80 став 1 по зборовите „здравствените работници“ се додаваат зборовите „и здравствените соработници“.

Член 9

Во член 82 во став 1 по зборовите „здравствените работници“ се додаваат зборовите „и здравствените соработници“.

Член 10

Во член 83 по зборот „политика“ се става точка, а натамошните зборови се бришат.

Член 11

Член 84 се менува и гласи:

„Специјализацијата во смисла на овој закон се врши на соодветни факултети и во здравствени работни организации што ги определува републичкиот секретар за здравство и социјална политика“.

Член 12

Во член 88 по став 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Специјализацијата односно субспецијализацијата што здравствениот работник ја стекнал во странство, може да му се признае ако односната гранка на специјализација е предвидена со пропи-

сите донесени врз основа на овој закон и ако е исполнет условот од претходниот став по однос на специјалистичкиот стаж."

Став 2 кој станува став 3 се менува и гласи:

„За признавање на специјалистичкиот стаж од став 1 односно на специјализацијата од став 2 на овој член решава републичкиот секретар за здравство и социјална политика по претходно прибавено мислење од соодветниот факултет".

Член 13

По член 88 се додава нов член 88-а кој гласи:

„Ако во постапката за признавање на специјализација стекната во странство се утврди дека планот и програмата според кои е поминат специјалистичкиот стаж во странство битно отстапуваат од планот и програмата пропишани врз основа на овој закон, признавањето на специјализацијата се условува со претходното поминување на специјалистички стаж што недостига и со полагање на дополнителен испит".

Член 14

Во член 89 по став 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Начинот на работа на комисијата и условите за доделување звањето примариус од став 1 на овој член поблиску ќе ги пропише републичкиот секретар за здравство и социјална политика".

Член 15

Низ текстот на целиот закон зборовите „народно здравје" се заменуваат со зборот „здравство".

Член 16

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

---

**308.**

Врз основа на член 152, став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЛИНДЕНСКИТЕ ПЕНЗИИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за илинденските пензии, што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор, одржана на 12 јули 1973 година и на седницата на Социјално-здравствениот собор, одржана на 12 јули 1973 година.

Број 03-1930
13.VII.1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с.р.

## ЗАКОН

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЛИНДЕНСКИТЕ ПЕНЗИИ

Член 1

Член 5, став 1 од Законот за илинденските пензии („Службен весник на НРМ" бр. 3/48, 2/53) и („Службен весник на СРМ" бр. 14/65, 39/68 и 35/71), се изменува и гласи:

„Илинденската пензија се определува во износ од 800 динари месечно".

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јули 1973 година.

**309.**

Врз основа на член 10 став 2 од Законот за Народната банка на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 45/72), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 12 јули 1973 година, и на седницата на Стопанскиот собор, одржана на 12 јули 1973 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА ЗА 1973 ГОДИНА

I

Се потврдува Финансискиот план на Народната банка на Македонија за 1973 година што го донесе Советот на Народната банка на Македонија на седницата одржана на 22 јуни 1973 година.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-1907
13.VII.1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

---

**310.**

Врз основа на Амандманот XXXIV, точка 1 став 1 и точка 4 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 12 јули 1973 година, и на седницата на Стопанскиот собор, одржана на 12 јули 1973 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ФИНАНСИИ, ВО ИМЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ДА СКЛУЧИ ДОГОВОР СО СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ОБВРСКИ ОД СПОГОДБАТА ЗА ГАРАНЦИЈА БР. 894 ЈУ

I

Се овластува републичкиот секретар за финансии, во името на Социјалистичка Република Македонија, да склучи договор со Социјалистичка Федеративна Република Југославија за преземање на обврски од Спогодбата за гаранција бр. 894 ЈУ склучена на 25 мај 1973 година меѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Меѓународната банка за обнова и развој за финансирање на инвестициите во првата фаза на Агроиндустриското проект во Македонија.

II

Доколку Социјалистичка Федеративна Република Југославија намири некоја од обврските од Спогодбата за гаранција број 894 ЈУ, наместо Стопанската банка — Скопје, таа може непосредно да ја наплати од сите извори на приходи како и од средствата на буџетот и фондовите на Социјалистичка Република Македонија по пат на акцептен налог.

III

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 03-1909
13.VII.1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

---

**311.**

Врз основа на Амандманот XXXIV, точка 1, став 1 и точка 4 на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на СРМ на седницата на Социјално — здравствениот собор, одржана на 2 јули 1973 година, и на седницата на Републичкиот собор, одржана на 12 јули 1973 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРЕДЛОГОТ ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА ОПЕРАТИВНИОТ ПЛАН ЗА ПРОЕКТ ЗА ЈАКНЕЊЕТО НА ИНТЕГРАЛНИТЕ СЛУЖБИ ЗА МАЈКАТА И ДЕТЕТО ВО ЈУГОСЛАВИЈА, ПОТПИШАН НА 14 ОКТОМВРИ 1972 ГОДИНА ВО БЕЛГРАД

I

Собранието на СРМ, дава согласност на Предлогот за ратификација на Оперативниот план за проект за јакнењето на интегралните служби за мајката и детето во Југославија, потпишан на 14 октовмри 1972 година во Белград.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-1924
13.VII.1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

---

**312.**

Врз основа на Амандманот XXXIV, точка 1 и точка 4 на Уставот на СРМ, Собранието на СРМ, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 12 јули 1973 година, и на седницата на Стопанскиот собор, одржана на 12 јули 1973 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРЕДЛОГОТ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ЗАКОН ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ОТПЛАТУВАЊЕ НА ОПРЕДЕЛЕНИ СТРАНСКИ ЗАЕМИ ЧИЈА ПРОТИВВРЕДНОСТ Е КОРИСТЕНА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗГРАДБАТА НА ОБЈЕКТИТЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА СР ЦРНА ГОРА

I

Собранието на СРМ, дава согласност на Предлогот за донесување закон за обезбедување средства за отплатување на определени странски заеми чија противвредност е користена за финансирање на изградбата на објектите на територијата на СР Црна Гора.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 03-1925
13 јули 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

---

**313.**

Врз основа на член 5 став 2 од Законот за Службата на општественото книговодство („Службен весник на СРМ" број 31/72), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 12 јули 1973 година, и на седницата на Соборот на општините, одржана на 2 јули 1973 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ПОТВРДУВАЊЕ СТАТУТОТ НА СЛУЖБАТА НА ОПШТЕСТВЕНОТО КНИГОВОДСТВО ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I

Се потврдува Статутот на Службата на општественото книговодство во Социјалистичка Република Македонија.

II

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-1926
13 јули 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

---

**314.**

Врз основа на член 12, став 3 од Законот за високото школство во СРМ („Службен весник на СРМ" бр. 15/65), Собранието на СР Македонија, на седницата на Просветно-културниот собор, одржана на 2 јули 1973 година, и на седницата на Републичкиот собор, одржана на 12 јули 1973 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА НА ВИШАТА ШКОЛА ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА ОД СКОПЈЕ, ЗА ОСНОВАЊЕ НАСТАВЕН ЦЕНТАР ЗА ВОНРЕДНО СТУДИРАЊЕ ВО БИТОЛА

I

Се потврдува Одлуката за основање наставен центар за вонредно студирање во Битола што ја донесе Работната заедница на Вишата школа за физичка култура од Скопје, на седницата одржана на 12 февруари 1973 година.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 03-1911
13 јули 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

---

**315.**

Врз основа на членовите 20 и 21 од Законот за утврдување на катастарскиот приход („Службен весник на СРМ" бр. 34/72), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 12 јули 1973 година, и на седницата на Стопанскиот собор, одржана на 12 јули 1973 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА КАТАСТАРСКИТЕ СКАЛИ

I

1. Се одобруваат катастарските скали за катастарските околии: Берово, Битола, Брод, Валандово, Виница, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Демир Хисар, Кавадарци, Кичево, Кочани, Кратово, Крива Паланка, Крушево, Куманово, Неготино, Охрид, Прилеп, Пробиштип, Радовиш, Ресен, Скопје, Струга, Струмица, Св. Николе, Тетово и Титов Велес.

Катастарските скали се составен дел на оваа одлука.

2. Катастарските скали од точка I на оваа одлука ќе се применуваат од 1 јануари 1974 година.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-1908
13 јули 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

---

**316.**

Врз основа на членовите 6 и 11 од Законот за Извршниот совет („Службен весник на СРМ" бр. 40/71), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 12 јули 1973 година, и на седницата на Соборот на општините, одржана на 12 јули 1973 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ И РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

1. Се разрешува Љупчо Арнаудовски, од член на Извршниот совет и републички секретар за внатрешни работи.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-1920
13 јули 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

---

**317.**

Врз основа на член 28, став 3 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ" бр. 17/65), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 12 јули 1973 година, и на седницата на Соборот на општините, одржана на 12 јули 1973 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ЗАКОНОДАВСТВО И ОРГАНИЗАЦИЈА

1. Се именува Александар Николовски, заменик на републичкиот секретар за законодавство и организација.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „„Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-1918
13 јули 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

---

**318.**

Врз основа на член 12 од Законот за Републичкиот фонд за инвестиции во здравството („Службен весник на СРМ" бр. 8/73). Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 12 јули 1973 година, и на седницата на Соборот на општините, одржана на 12 јули 1973 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО ЗДРАВСТВОТО

I

Се именуваат за членови на Управниот одбор на Републичкиот фонд за инвестиции во здравството:

1. ЃОКО МОЈСОВ, директор на Републичкиот фонд за кредитирање побрзиот стопански развиток на недоволно развиените краишта.

2. ДУШКО МИХАЈЛОВСКИ, директор на стручната служба на Заедницата на здравственото осигурување на работниците во Гостивар.

3. Д-р МИЛЕНА ВЛАШКИ, пратеник во Социјално-здравствениот собор на Собранието на СР Македонија.

4. Д-р БУДИМИР МЛАДЕНОВСКИ, претседател на Комисијата за спроведување на Акционата програма за намалување високата смртност на доенчињата и малите деца и шеф на оддел на Детската клиника при Медицинскиот факултет во Скопје.

5. ЕЛЕНА ЈАНЕВСКА, помошник директор на Медицинскиот центар во Битола.

6. Д-р ПЕТАР СТАВРИДИС, специјалист по социјална медицина и организација на здравствената дејност во Републичкиот завод за здравствена заштита во Скопје, и

7. Д-р КИРИЛ МИНЧЕВ, професор на Медицинскиот факултет во Скопје и директор на Институтот за туберкулоза на СР Македонија.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-1917
13 јули 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**319.**

Врз основа на член 7 од Законот за Центарот за странски јазици („Службен весник на СРМ" бр. 27/65), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 12 јули 1973 година, и на седницата на Соборот на општините, одржана на 12 јули 1973 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН ВО СОВЕТОТ НА ЦЕНТАРОТ ЗА СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ

1. Се именува за член во Советот на Центарот за странски јазици Лазо Крстевски, советник во Извршниот совет.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-1916
13 јули 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**320.**

Врз основа на член 64, став 3 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ" бр. 16/70), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 12 јули 1973 година, и на седницата на Соборот на општините, одржана на 12 јули 1973 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ЗАВОДОТ ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ — СКОПЈЕ

I

Се именуваат за членови во Советот на Заводот за рехабилитација на деца и младинци:

1. Имери Есат, раководител на Службата за претставки и поплаки на ЦК СКМ,

2. Ката Лахтова, секретар на Статутарната комисија на ЦК СКМ,

3. Раде Петровски, секретар на Медицинскиот центар Куманово, и

4. Слободанка Костова, помошник начелник на Одделението за здравство и социјална политика во Собранието на град Скопје.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-1915
13 јули 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**321.**

Врз основа на член 64 став 3 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ" бр. 16/70), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 12 јули 1973 година и на седницата на Соборот на општините, одржана на 12 јули 1973 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ ВО СОВЕТОТ НА ЦЕНТАРОТ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА МЛАДИНЦИ СО ОШТЕТЕН СЛУХ — СКОПЈЕ

I

Се разрешуваат членовите на Советот на Центарот за професионална рехабилитација на младинци со оштетен слух — Скопје, поради истекување на времето за кое се избрани и тоа:

1. Милка Китанова,
2. Петко Георгиевски,
3. Славка Терзиева,
4. Славко Јовевски,
5. Величко Андреевски.

II

Се именуваат за членови во Советот на Центарот за професионална рехабилитација на младинци со оштетен слух и тоа:

1. Д-р Пенчо Шукаров, Клиника за уво, нос и грло при Медицинскиот факултет — Скопје;

2. Климе Каневче, дефектолог во Заводот за рехабилитација на деца и младинци — Скопје;

3. Димче Дарковски, Центар за социјална работа — Скопје;

4. Љубомир Пушковски, дефектолог при Прифатилиштето за деца и младинци — Скопје; и

5. Душко Станисавлевски, директор на Домот за деца „11 Октомври" — Скопје.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-1914
13 јули 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**322.**

Врз основа на член 64 став 3 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ" бр. 16/70), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 12 јули 1973 година и на седницата на Соборот на општините, одржана на 12 јули 1973 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ЗАВОДОТ ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ, ВОСПИТУВАЊЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ — СКОПЈЕ

I

Се разрешуваат членовите на Советот на Заводот за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци — Скопје, поради истекнување на времето за кое се избрани и тоа:

1. Тихомир Ристевски,
2. Зора Алексова,
3. Киро Чавдарски,
4. Стојче Поповски,
5. Пеце Лукаревски.

II

Се избираат за членови на Советот на Заводот:

1. Ванко Павловски, заменик окружен јавен обвинител — Скопје;
2. Стојко Антевски, референт во Републичкиот секретаријат за правосудство;
3. Бранка Циривири, судија на Окружниот суд — Скопје;
4. Ратко Димовски, на работа во РСВР — Скопје; и
5. Мирјана Николова, социјален работник во Центарот за социјална работа — Скопје.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-1912
13 јули 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

---

**323.**

Врз основа на член 19 од Законот за судовите од општа надлежност („Службен весник на СРМ" бр. 42/65), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 12 јули 1973 година, и на седницата на Соборот на општините, одржана на 12 јули 1973 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ СУДИЈА НА ОКРУЖНИОТ СУД ВО СКОПЈЕ

1. Се разрешува Томе Пулејков, од должноста судија на Окружниот суд во Скопје, поради заминување на нова должност.
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-1913
13 јули 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**324.**

Врз основа на член 115 од Деловникот на Стопанскиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 31/71), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Стопанскиот собор, одржана на 12 јули 1973 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ ВО ОДБОРОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И ШУМАРСТВО НА СТОПАНСКИОТ СОБОР

I

Се избираат во Одборот за земјоделство и шумарство во Стопанскиот собор, и тоа:

1. За претседател Атанас Каракамчев.
2. За членови:

— Ристо Тупаров и

— Тофил Јаковлевски.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-1910
13 јули 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

---

**325.**

Врз основа на Уставниот амандман XXXVIII, точка 1, став 5 и член 6 став 3 од Законот за Извршниот совет, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 12 јули 1973 година, и на седницата на Соборот на општините, одржана на 12 јули 1973 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

1. До именувањето републички секретар за внатрешни работи, се именува Јездимир Богдански, член на Извршниот совет, за вршител на должноста републички секретар за внатрешни работи.
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-1919
13 јули 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**326.**

Врз основа на член 124 и 126 од Деловникот на Собранието на СРМ, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 31 мај и 1 јуни 1973 година, на седницата на Соборот на општините, одржана на 31 мај 1973 година, на седницата на Стопанскиот собор, одржана на 31 мај 1973 година, на седницата на Просветно-културниот собор, одржана на 22 мај 1973 година, и на седницата на Социјално-здравствениот собор, одржана на 28 мај 1973 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА ЧЛЕН ВО КОМИСИЈАТА ЗА ОПШТЕСТВЕН НАДЗОР

I

Се разрешува Јован Даскаловски, пратеник на Стопанскиот собор од член на Комисијата за општествен надзор.

II

Се избира Ноне Варошлија, пратеник на Стопанскиот собор за член на Комисијата за општествен надзор.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-1560
1 јуни 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Мингчев**, с. р.

---

**327.**

Согласно член 275 од Деловникот на Собранието на СРМ, Собранието на СРМ на седницата на Републичкиот собор одржана на 12 јули 1973 година и на седницата на Соборот на општините одржана на 12 јули 1973 година и седницата на Стопанскиот собор одржана на 12 јули 1973 година, донесе

## ЗАКЛУЧОЦИ

### ЗА СОСТОЈБАТА И ПРОБЛЕМИТЕ ВО ЗЕМЈОДЕЛСКО-ИНДУСТРИСКИТЕ КОМБИНАТИ

I

Во изминатиот период во земјоделството во нашата Република, посебно во општествениот сектор на земјоделството, се постигнати крупни резултати, што е остварено со ангажирањето на работните луѓе, на организациите на здружен труд и на општествената заедница преку вложување на значителни материјални средства и преку системски и други мерки за создавање услови за побрз развој на земјоделството и за унапредување на земјоделското производство.

Ваквите услови за развој на земјоделството и заедничките напори и мерки за интеграција на општественото земјоделство овозможија во Републиката да се создадат крупни земјоделски комбинати, кои во досегашниот свој развиток се афирмираа како силен фактор и како носители на унапредувањето и зголемувањето на земјоделското производство.

Во последните години во земјоделско-индустриските комбинати се вложени напори за усовршувањето на организационата поставеност и самоуправните односи.

Развиеноста на самоуправните односи бележи позитивни резултати во комбинатите. Меѓутоа, во некои комбинати односите не се доволно поставени врз самоуправна и демократска основа и се обременети со технократско-бирократски тенденции, кои ја спречуваат доследната примена на самоуправните права на работните луѓе и колегијалните тела. Затоа се потребни натамошни напори за воспоставување и посовремени и посовршени самоуправни односи во овие комбинати во согласност со уставните начела.

Оваа активност особено добива во интензитетот по Писмото на Претседателот на СКЈ и Извршното биро, Триесет и шестата и Триесет и седмата седница на ЦК СКМ, така што е покренатa поширока активност на работните луѓе за усогласување на организацијата и односите во смисла на амандманските начела.

За целосна примена на уставните амандмани неопходно е појасно дефинирање и регулирање на меѓусебните односи меѓу основните организации на здружен труд, особено односите меѓу основните организации на здружен труд на примарното земјоделско производство и основните организации на здружен труд во областа на преработката и прометот, за да се спречи прелевањето на доходот и да се создаваат чисти економски односи. Со попрецизно дефинирање на меѓусебните односи и создавањето на поадекватни внатрешни облици на поврзување, треба адекватно да се одреди местото и улогата на заедничките служби на ниво на комбинатите.

За остварување на сите овие задачи ќе биде неопходно во наредниот период да се ангажираат многу повеќе сите општествено-политички и самоуправни структури во комбинатите.

2. Во последните години се вложени значајни напори во овие комбинати за подобрување на квалификационата структура на вработените, преку стипендирање, кредитирање и разни форми на стручно усовршување на кадрите. Меѓутоа, по однос на кадрите, како значаен фактор за натамошниот побрз развој, особено имајќи ги предвид нараснатите производствени задачи во земјоделско-индустриските комбинати во овој и во наредниот период како и претензиите за понагласени структурни промени во изградбата на системите за наводнување и преработувачките капацитети со подолгорочни програми ќе треба да се оспособуваат кадри за одделни специјалности, а особено економисти, агро-економисти, правници, ветеринари-сточари, водостопанственици и др.

3. Производствените капацитети во земјоделско-индустриските комбинати, изразени по обемот и структурата на површините, механизацијата, системите за наводнување и друго, претставуваат во рамките на нашата Република огромен произведен потенцијал. И покрај тоа што се постигнуваат значајни резултати, кај одделни производи во овој поглед сериозно заостануваме.

Достигнатиот степен на развој, вложените средства и потребата од менување на производствената структура во земјоделството бара преземање на дополнителни мерки, и тоа:

— да се вложат натамошни напори за рационално користење на ораничните површини, преку подобрување на производствената структура во полза на индустриските, фуражните, градинарските култури, долгогодишните насади и друго,

— заокружување на изградбата на системите за наводнување, а посебно на деталната каналска мрежа,

— неопходно е потребно преземање на комплексни мерки (од организационен, технолошки и системски карактер) за обезбедување на стабилни и долгорочни економски услови за сточарско производство. Особено е потребно брзо решавање на кредитирање на прирастот на подмладокот,

— за обезбедување на поголемо производство на јагнешко месо потребно е при извозот да се

преземат соодветни мерки кај надлежните органи овој вид месо да добие ист третман при извозот како и јунешкото месо.

4. Користењето на одделни производни и преработувачко-индустриски капацитети не задоволува.

Неопходно е да се одобрат додатни средства за зголемување производството на земјоделски и сточарски производи како во општествениот, така и во индивидуалниот сектор, да се изврши специјализација и усовршување на кадрите и да се примени посовремена организациона техничка поставеност на преработувачките и производните капацитети.

5. Кооперативните односи меѓу организациите на здружен труд и индивидуалните производители сè уште не се развиени. Неопходното проширување и интензивирање на кооперативната соработка на општествениот и индивидуалниот сектор ја наметнува потребата од донесување на посебни програми и соодветна регулатива за развој на оваа соработка, од што ќе произлезат и конкретни обврски што треба да ги преземат организациите на здружен труд во согласност со Уставниот амандман XXI од Уставот на СРМ.

Инвестиционото кредитирање на индивидуалните производители преку земјоделско-индустриските комбинати не ги дадоа очекуваните резултати, покрај другото и поради зафатеноста на стопанствата со сопствените финансиски тешкотии, неликвидноста и слично. Констатациите на работните групи се уште една потврда дека судбината на кредитирањето на индивидуалните земјоделци не смее да зависи од моментните финансиски резултати на земјоделско-индустриските комбинати. Оттука и потребата да се реализира ставот индивидуалните производители да можат во иднина да добиваат кредити директно од банките.

6. Тешката економско-финансиска состојба во овие организации во значајна мера е резултат на неповолните економски услови на работење во земјоделството, влијанието на неповолните временски услови, особено во последните години кај некои комбинати, слабата акумулативна способност, преголемата задолженост, прелевањето на обртните средства во основни, за обезбедување на учество со неповолни банкарски и други кредити, покривањето на пречекорување, проширена репродукција, високите законски и договорни обврски и недостигот на трајни обртни средства.

Формирањето и распределбата на вкупниот приход, главно се врши на ниво на комбинатите.

Просечните лични доходи мошне заостануваат зад просечните лични доходи во Републиката и постигнатите лични доходи во гранката во рамките на земјата. Подобрувањето на економско-финансиската состојба во овие комбинати ја наметнува потребата од догорочно и континуирано решавање на сите отворени проблеми. Посебно загрижува тенденцијата на опаѓање на економичноста, продуктивноста и рентабилноста на работењето во последните години што ја намалува акумулативноста и репродуктивната способност на комбинатите и го лимитира натамошниот развој. Затоа организациите на здружен труд во областа на земјоделството ќе треба да вложат посебни напори за подобрување на сопствената неликвидност, а особено да ги подигнат економичноста, продуктивноста и рентабилноста на работењето, што ќе придонесе за општа стабилизација на стопанството.

Обртните средства по обем и структура во вкупното стопанство на СРМ, претставуваат сериозен проблем. Ваквата состојба, покрај одредени интервенции на заедницата, наполно се однесува и во областа на земјоделството. Мерките на заедницата преку конверзија на краткорочните кредити во долгорочни за трајни обртни средства и преку одобрувањето на средства од заемот за стабилизација на стопанството, придонесуваат за ублажување на состојбата. При решавањето на политиката за обртните средства во стопанството, треба посебно внимание да се обрне и на потребите на земјоделството, особено на оние кои се резултат на зголемено производство, преструктуирање на производството во услови на наводнување.

Меѓутоа, останува и понатаму задача на банките и здруженото стопанство проблемот на обртните средства ефикасно да го решат.

Инвестициите во земјоделството се одвиваат во поповолни услови во однос на вкупното стопанство. И покрај тоа тешкотиите во инвестирањето во одделни сектори во земјоделството (мелиорациите, долгогодишните насади, кредити за учество и др.) изразито се присутни. Поради тоа, деловните банки и надлежните републички органи треба да ги преиспитаат условите за финансирање на инвестиционите вложувања во одделните гранки на земјоделството и да предложат соодветни решенија.

Престојат натамошни вложувања во земјоделско-индустриските комбинати, вклучувајќи ги кредитите од Меѓународната банка, за кои е неопходно соодветно сопствено учество. Реалните можности за обезбедување на сопственото учество се минимални. Овој проблем е отворен и бара ефикасно решение.

8. Општата неликвидност во стопанството и мерките на стабилизација ги доведе земјоделско-индустриските комбинати во тешка економско-финансиска состојба, поради високите инвестициони вложувања, пречекорувања, непокриени инвестиции, загуби, ненамирени обврски и слично.

Затоа Републиката вложи посебни напори за ублажување на ваквата состојба, со тоа што ги ослободи од придонесот на личните доходи, интервенираше со значајно учество од средствата на заемот за стабилизација и заедничките резерви на стопанските организации со одлагање на стасаните ануитети, извршена е конверзија на краткорочните кредити во долгорочни кредити за трајни обртни средства, покриени се загубите, покриени се пречекорувањата, а во некои комбинати се одобрени нови кредити за трајни обртни средства.

Овие мерки на заедницата, што ја надминуваат можноста на Републиката, претпоставуваат дека истовремено земјоделско-индустриските комбинати ќе ги преземат сите нужни мерки за санирање на сопствената положба, со ангажирање на субјективните сили во комбинатите.

9. Во реализацијата на среднорочните програми за развој на земјоделско-индустриските комбинати, како еден од основните елементи за успешно работење во наредните години, покрај организациите на здружен труд, ќе треба уште поефикасно да бидат вклучени Извршниот совет, Стопанската комора и банките. Притоа, посебно да се акцентира остварувањето на Програмата за развој на сточарството и градинарството, кои во општествениот сектор не се доминантни и не претставуваат регулатор на пазарот.

Општа констатација е дека сè уште недоволно се обрнува внимание на донесувањето на развојни програми во комбинатите, особено долгорочни.

Имајќи ја предвид оваа состојба, специфичноста на оваа област како и улогата и местото на овие комбинати во општествениот сектор, неопходна е изработка на догорочен концепт за развој на комбинатите со активно учество на надлежните републички органи, Комората и специјализираните научни институции.

10. Проблемот на цените на земјоделското производство, во услови на политиката за стабилизација на пазарот, треба да биде, повеќе отколку досега, резултат на постојан увид и договарање од општините до федерацијата. Во таа насока, поттикнувањето на земјоделско-индустриските комбинати за поголеми пазарни вишоци ќе зависи, покрај другото, и од навременото меѓурепубличко договарање за единствени цени и премии како и усогласувањето на цените врз паритетна основа и трошочен принцип.

11. Пласманот на земјоделските производи во земјата и странство од страна на земјоделско-индустриските комбинати, директно или преку про-

метни организации, е оптоварен со низа отворени прашања од организационен и финансиски карактер, кои негативно се одразуваат врз нормалното и долгорочно работење и кооперирање. Во таа смисла, концептот што Извршниот совет и Стопанската комора го изготвуваат во врска со откупот и пласманот на земјоделски производи, треба што поскоро да биде предмет на усвојување од телата на Собранието на СРМ.

12. Општа констатација е дека во повеќето земјоделско-индустриски комбинати се застапени, речиси, сите земјоделски и сточарски дејности како и ориентацијата кон преработувачка индустрија. Вложени се напори и се постигнати одредени резултати во интеграционите движења во рамките на комуните. Меѓутоа, обемот на овие капацитети е ограничен и бара натамошно окрупнување и специјализирање на производството, кое треба да се постигне преку натамошно регионално интегрирање и производно-техничка соработка на пошироката општествена заедница.

Собранието на СРМ им препорачува на земјоделско-индустриските комбинати да ги разгледаат заклучоците и да преземат соодветни мерки за нивно спроведување и за тоа повремено да ја информираат општествено-политичката заедница.

II

Извршниот совет на Собранието на СРМ, Стопанската комора на Македонија, банките и заинтересираните општествено-политички организации треба да ги преземат потребните мерки за натамошно покренување на иницијативи за разрешавање на системските прашања и другите проблеми што ги надминуваат надлежностите на комбинатите, а се однесуваат на целокупниот аграрен комплекс како што се:

1. Сообразување на кредитната политика во правец на ублажување на условите за финансирање на одредени инвестиции во земјоделството во согласност со општествениот план за развој на СРМ.

2. Натамошно заокружување на системите за наводнување и материјална поддршка за преструктуирање на производството.

3. Обезбедување на обем на обртните средства според основните средства и обемот на производството, а во рамките на можностите на Републиката.

4. Обезбедување на средства за финансирање на сопствената репродукција на сточарството (подмладок).

5. Натамошна доследна примена на меѓурепубличките договори по однос на заштитните цени и регреси, доследна примена на трошочниот принцип и паритетот.

6. Зголемување на активноста на инспекциските органи за запазување на единствениот југословенски пазар.

7. Забрзано донесување и реализација на новиот концепт на организација за промет со земјоделски производи.

8. Обезбедување на ист третман при извозот на јагнешкото месо со јунешкото.

9. Ублажување на условите за увезената опрема, а посебно опремата која не се произведува во земјата.

10. Дефинирање на долгорочен концепт за развој на земјоделството до 1985 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-1937
13 јули 1973 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

**328.**

Врз основа на член 130 став 1 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на СРМ“ бр. 45/72) и член 32-ж став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување на казните лишување од слобода, мерките за безбедност и воспитните мерки („Службен весник на СРМ“, бр. 45/72), Извршниот совет донесува

## УРЕДБА

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ И ВИСОЧИНАТА НА ДЕЛОТ НА ПЕНЗИЈАТА НА КОИ ИМА ПРАВО РАБОТНИК ВО ОРГАН ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ И РАБОТНИК ВО КАЗНЕНО-ПОПРАВНА УСТАНОВА И ВОСПИТНО-ПОПРАВЕН ДОМ, КОЈ Е ПЕНЗИОНИРАН ПО ПОТРЕБА НА СЛУЖБАТА

Член 1

Во член 4 од Уредбата за определување на условите и височината на делот на пензијата на кој има право работник во орган за внатрешни работи и работник во казнено-поправна установа и воспитно-поправен дом, кој е пензиониран по потреба на службата („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр. 20/73 година), зборовите „од 1 јули“ се заменуваат со зборовите „од 1 април“.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 12-580/2
27. јуни 1973 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев,** с. р.

---

**329.**

Врз основа на член 36-б од Законот за организација на Југословенските пошти, телеграфи и телефони („Службен лист на СФРЈ“, бр. 35/65, 50/68, 51/68, 15/70, 58/71), Извршниот совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ НА КРЕДИТИ ОД СРЕДСТВАТА НА ШТЕДНИТЕ ВЛОГОВИ КАЈ ПОШТЕНСКАТА ШТЕДИЛНИЦА

Во Одлуката за давање кредити од средствата на штедните влогови кај Поштенската штедилница („Службен весник на СРМ“, бр. 12/73), се вршат следниве изменувања и дополнувања:

1. Во точката 3 ставот 2 се брише, а ставот 3 се менува и гласи: „Кредитите од претходниот став на оваа точка се даваат со рок на враќање од 10 години. Роковите на користење на кредитите и враќањето ќе ги утврдат со договор, Поштенската штедилница Београд и Претпријатието за ПТТ сообраќај — Скопје“;

2. Во точката 4, став 1 алинеја 1, зборовите „за купување на вагони“, се заменуваат со зборовите „за ремонт и реконструкција на железничката линија“; и

3. Во точката 6 ред 5, по зборовите „Военио т сервис“ се брише запирката и се додаваат зборовите „и Претпријатието за ПТТ сообраќај — Скопје“.

4 Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 12-1718/1
22. јуни 1973 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

---

**330.**

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја уставноста на Одлуката за доделување кредити за станбена изградба донесена од работничкиот совет на Фабриката за фрижидери и разладни уреди „Раде Кончар" во Битола, на седницата одржана на 8 септември 1971 година и Одлуката за измени и дополнувања на означената одлука донесена на седницата на работничкиот совет на фабриката одржана на 10 и 13 октомври 1972 година, по одржаната јавна расправа на 1 јуни 1973 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ ПОНИШТУВААТ Одлуката за доделување кредити за станбена изградба донесена од работничкиот совет на Фабриката за фрижидери и разладни уреди „Раде Кончар" во Битола на седницата одржана на 8 септември 1971 година и Одлуката за измени и дополнувања на означената одлука донесена на седницата на работничкиот совет на фабриката одржана на 10 и 13 октомври 1972 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во Фабриката за фрижидери и разладни уреди „Раде Кончар" во Битола на начин определен со статутот на фабриката за објавување на општите акти.

3. Уставниот суд на Македонија, по повод на поднесена претставка, со решение У. бр. 71/72 од 1 март 1973 година поведе постапка за оценување уставноста на одлуките означени во точката 1 на оваа одлука, а посебно за оценување уставноста на точката 5 од одлуката.

4. Во претходната постапка, како и на јавната расправа, Уставниот суд утврди дека оспорените одлуки пред донесувањето не биле разгледани од работните луѓе во фабриката.

Според ставот 2 на член 63 од Уставот на СР Македонија организацијата на работата и управувањето во работната организација треба да овозможат работните луѓе на секој степен и во сите делови од работниот процес што претставуваат целина, да одлучуваат што понепосредно за прашањата на трудот, уредувањето на меѓусебните односи, распределбата на доходот и другите прашања на својата економска положба.

Во остварувањето на оваа уставна одредба, според мислењето на Судот, општите акти на органите на управувањето на работните организации, пред нивното донесување треба да бидат изнесувани пред работните луѓе на разгледување. Бидејќи во конкретниов случај на работните луѓе во фабриката не им е овозможено непосредно да ја изразат својата волја во врска со начинот и условите за доделување на кредити за станбена изградба, Уставниот суд утврди дека означените одлуки не се донесени во согласност со начелото изразено во ставот 2 на член 63 од Уставот на СР Македонија, поради што одлучи да ги поништи.

5. Разгледувајќи ги одделните одредби од одлуката, Уставниот суд утврди дека во точката 5 од одлуката е определено кредит за станбена изградба да можат да добијат работници кои во фабриката имат непрекинат стаж над 2 години, дека ваков кредит може да добие само еден барател од исто домаќинство и за ист стан, како и дека кредит можат да добијат работници на кои не им е изречена мерката последна опомена во времето на една година пред поднесеното барање за кредит.

Според ставот 3 на точка 3 од Амандманот XVIII на Уставот на СР Македонија резултатот од трудот и личниот придонес на работникот за успехот и развојот на организацијата на здружениот труд, покрај другите основи и мерила утврдени врз начелата на заемност и солидарност, се основа и мерило при одлучувањето за употребата на средствата издвоени во организациите на здружениот труд за нивните заеднички потреби. Имајќи ја предвид оваа уставна одредба, како и фактот што работникот со самото стапување на работа во организацијата на здружениот труд станува нејзин рамноправен член и презема должности и стекнува права во работата и по основ на работата, Судот смета дека пропишаните критериуми за распределба на средствата за станбена изградба се противуставни. Според мислењето на Судот работникот со стапувањето на работа во организацијата на здружениот труд се здобива и со правото да учествува во распределбата на средствата што од доходот на организацијата се распоредени за заедничките потреби на работниците. Судот исто така смета дека во распределбата на овие средства имаат право да учествуваат сите работници, според тоа и работниците што се членови на едно исто домаќинство, бидејќи секој од нив со резултатите од својот труд лично придонесува за успехот и развојот на организацијата на здружениот труд. Најпосле Судот смета дека од распределбата на средствата за станбена изградба не можат да се исклучат работници на кои им е изречена мерката последна опомена затоа што изрекнувањето на оваа мерка не повлекува никакви последици врз правата на работникот што произлегуваат од неговиот труд.

Уставниот суд смета дека критериумите предвидени во точката 5 од одлуката можат да претставуваат само основи за приоритет при доделувањето на кредити од средствата издвоени за станбена изградба.

Со оглед на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 71/72
1 јуни 1973 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Перо Коробар**, с. р.

# ОПШТЕСТВЕНИ ДОГОВОРИ И САМОУПРАВНИ СПОГОДБИ

**118.**

За остварување на начелата за општествено насочување на распределбата на доходот и личните доходи, а врз основа на членовите 2, 4, 5 и 8 од Законот за општествено договарање и самоуправно спогодување за основите и мерилата за распределбата на доходот („Службен весник на СРМ", бр. 24/71 година, во натамошниот текст — Законот), Сојузот на синдикатите на Македонија, Стопанската комора на Македонија и Извршниот совет на Собранието на СР Македонија усвојуваат

## ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР

### ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА РАСПРЕДЕЛБАТА НА ДОХОДОТ И ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ ВО ОСНОВНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД ВО СТОПАНСТВОТО

Член 1

Со овој општествен договор се усвојуваат единствени основи и мерила за утврдување на односите во распределбата на доходот на дел за проширување на материјалната основа на здружениот труд и на дел за лични доходи и за другите примања на работниците во основните организации на здружениот труд.

Член 2

Доход за распределба во смисла на одредбите од овој договор претставува остварениот доход на основната организација на здружениот труд (во натамошниот текст: организацијата), намален за пресметаните договорни и законски обврски, а зголемен за износот на пресметаната амортизација над пропишаните стапки содржана во реализираните производи и услуги.

Член 3

Лични доходи во смисла на овој договор се средствата издвоени од доходот за распределба за лични доходи и за други лични примања на работниците во бруто износ врз основа на утврдените односи за распределба на доходот.

Делот од доходот за проширување на материјалната основа на здружениот труд во смисла на овој договор се средствата издвоени од доходот за распределба врз основа на утврдените односи за распределба на доходот, заедно со пресметаната амортизација над пропишаните стапки, содржана во реализираните производи и услуги.

Член 4

Основно мерило за утврдување на односите во распределбата на доходот за распределба во организацијата е индексот на доходноста.

Индексот на доходноста претставува однос помеѓу доходот за распределба по условно неквалификуван работник остварен во организацијата во пресметковниот период од тековната година, со остварениот доход за распределба по условно неквалификуван работник во стопанството на Републиката во претходната година односно во споредливиот пресметковен период од претходната година.

Член 5

Утврдувањето на бројот на условно неквалификувани работници се врши по следниве единствени пондерациони коефициенти:

| | |
|---|---|
| — неквалификувани | 1,00 |
| — полуквалификувани | 1,25 |
| — квалификувани | 1,50 |
| — висококвалификувани | 1,92 |
| — ниже стручни | 1,32 |
| — средно стручни | 1,73 |
| — више стручни | 2,30 |
| — високо стручни | 2,85 |
| — магистри | 3,15 |
| — доктори на науки | 3,50 |

Коефициентите од претходниот став се применуваат само за пресметување на условниот број неквалификувани работници на вработените и не можат да претставуваат основ и мерило за распределба на личните доходи.

За работни места за кои според постојните прописи се признава бенефициран работен стаж, пондерационите коефициенти од овој член можат да се зголемат за процентот на бенефицираниот стаж.

Квалификација односно степен на стручна подготовка во смисла на овој член се смета:

— степенот на здобиеното школско образование, односно стручна подготовка, здобиена односно признаена на начин утврден со закон или пропис донесен врз основа на закон;

— степен на оспособеноста за вршење работи на работното место на полуквалификуван (приучен) работник, односно призната подготовка според одредбите на општиот акт на организацијата.

Член 6

Во зависност од големината на индексот на доходноста, доходот за распределба во тековниот пресметковен период и по завршната сметка во организацијата ќе се распределува на дел за лични доходи на работниците во здружениот труд и на дел за проширување на материјалната основа на здружениот труд според следниве мерила:

1) за индекс на доходност 100 се применува најмалку просечната стапка за проширување на материјалната основа на здружениот труд остварена во стопанството во споредливиот пресметковен период од претходната година;

2) за индекс на доходност над 100 за утврдување на висината на бруто личниот доход по условно неквалификуван работник и односите за распределба на доходот се применува следнава скала:

| Во организацијата во која индекс на доходност по условно неквалификуван работник изнесува: | Висината на бруто личниот доход по условно неквалификуван работник во организацијата може да изнесува во споредба со бруто личниот доход по условно неквалификуван работник во стопанството на Републиката издвоен во споредливиот пресметковен период од претходната година, најмногу до следниве проценти: |
|---|---|
| 1 | 2 |
| од 100 — 110 | 100 + 0,90 за секој индексен поен на доходност над 100 до 110 |
| од 110 — 125 | 109 + 0,80 за секој индексен поен на доходност над 110 до 125 |
| од 125 — 150 | 121 + 0,40 за секој индексен поен на доходност над 125 до 150 |
| од 150 — 175 | 131 + 0,20 за секој индексен поен на доходност над 150 до 175 |
| од 175 — 200 | 136 + 0,16 за секој индексен поен на доходност над 175 до 200 |
| од 200 — 250 | 140 + 0,12 за секој индексен поен на доходност над 200 до 250 |
| од 250 — 300 | 146 + 0,08 за секој индексен поен на доходност над 250 до 300 |
| од 300 — 400 | 150 + 0,04 за секој индексен поен на доходност над 300 до 400 |
| преку 400 | 154 + 0,02 за секој индексен поен на доходност над 400 |

3) за индексот на доходноста под 100 за утврдување на висината на бруто лични доходи по условно неквалификуван работник и за односите за распределба на доходот се применува следнава скала:

| Во организацијата во која индекс на доходност по условно неквалификуван работник изнесува: | Висината на бруто личниот доход по условно неквалификуван работник во организацијата може да изнесува во споредба со бруто личниот доход по условно неквалификуван работник во стопанството на Републиката издвоен во споредливиот пресметковен период од претходната година, најмногу до следниве проценти: |
|---|---|
| 1 | 2 |
| до 75 | 94 |
| Преку 75 — 100 | 94 + 0,24 за секој индексен поен на доходност над 75 до 100 |

4) за индекс на доходност под 75 организацијата утврдува односи за распределба на доходот според критериумите и мерилата на општите акти на организацијата, при што личниот доход по условно неквалификуван работник не може да биде повисок од оној што би се утврдил со примената на мерилата од овој член за индекс на доходност 75.

Член 7

Организацијата која деловната година ја завршила со загуба и истата е санирана не ги применува одредбите од овој договор, со кои се регулира распределбата на доходот и личните доходи.

Висината на аконтациите на личните доходи ја регулира со спогодба со санаторите сè додека не оствари позитивен финансиски резултат.

Член 8

Службата на општественото книговодство — Централа за СР Македонија ќе ги утврдува и објавува за секој пресметковен период во „Службен весник на СРМ" следниве заеднички елементи:

— доход за распределба по условно неквалификуван работник во стопанството;

— просечен бруто личен доход по условно неквалификуван работник; и

— односите за распределбата на доходот во стопанството.

Републичкиот завод за статистика ќе го утврдува и објавува во „Службен весник на СРМ" просечниот степен на стручност во стопанството на Републиката, во претходната година (ПРо/Ро).

Член 9

Исплатата на аконтациите на личните доходи во организациите во текот на годината треба да се движи во рамките на деловните резултати и мерилата за распределбата на доходот во согласност со одредбите на овој договор и самоуправната спогодба.

Распределбата на доходот на дел за лични доходи и на дел за проширување на материјалната основа на здружениот труд ја утврдува секоја организација — потписник на самоуправната спогодба според резултатите од периодичните пресметки и завршната сметка (конечна распределба), со примена на мерилата од членовите 4—6 од овој договор.

Член 10

Делот од доходот кој според мерилата на општественото договор и самоуправната спогодба ќе се издвои за лични доходи и за други лични примања, работниците во организацијата го распределуваат во согласност со одредбите на самоуправната спогодба за меѓусебните односи, односно општиот акт за распределба на личните доходи во организацијата.

Член 11

Организацијата која со примена на мерилата од овој договор и самоуправната спогодба не може да го обезбеди бруто личниот доход исплатен по условно неквалификуван работник од претходната година може да отстапува од мерилото за распределба на доходот, но само до висината на исплатениот бруто личен доход по условно неквалификуван работник според завршната сметка од претходната година.

Член 12

Организацијата која исплатила поголема маса на средства за лични доходи отколку што ѝ припаѓа со распределбата на доходот по завршната сметка за тековната година, должна е пречекорениот износ да го надомести од делот на доходот за лични доходи во пресметковните периоди од наредната година, заклучно со утврдувањето на конечните односи за распределба по завршната сметка.

Сè до покривањето на разликата од претходниот став, тековниот личен доход по условно неквалификуван работник во организацијата не може да биде поголем од просечниот бруто личен доход по условно неквалификуван работник во организацијата исплатен според завршната сметка во годината што му претходи на пресметковниот период за кој е утврдено пречекорувањето.

Член 13

Организациите склучуваат самоуправни спогодби за распределба на доходот и личните доходи во рамките на гранката, групата и подгрупата на која ѝ припаѓаат согласно Правилникот за распределување на корисниците на општествениот имот според нивните дејности, што се распоредени во областите од 1—8 освен организациите што се регистрирани како установи („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/62 година... 13/65 година), вклучувајќи ги деловните банки и осигурителните организации.

Организациите склучуваат самоуправни спогодби за распределба на доходот и личните доходи во рамките на заедниците на основните организации на здружен труд и сложената организација на здружениот труд.

Кон овие спогодби можат да пристапат и други организации што се во состав на заедница на основна организација на здружен труд односно во сложена организација на здружен труд, а ѝ припаѓаат на соодветната гранка, група или подгрупа.

Организацијата не може да биде истовремено потписник на две или повеќе самоуправни спогодби.

Член 14

Организациите кои ги исполнуваат условите од членот 17 од Законот за утврдување и пресметување на вкупниот приход и доход во основните организации на здружениот труд („Службен лист на СФРЈ", бр. 71/72), односите за распределба на доходот можат да ги утврдуваат на ниво на заедницата на основните организации на здружениот труд, работната организација, односно сложената организација на здружениот труд.

Член 15

Организациите можат да склучат самоуправна спогодба со организации од други социјалистички републики и покраини, во согласност со одредбите од меѓурепубличкиот општествен договор.

До потпишувањето на меѓурепубличкиот општествен договор, организациите можат да склучат самоуправна спогодба, односно да пристапат кон спогодбата на работната организација од Републиката во која е седиштето на организацијата.

Организациите од претходниот став висината на најнизок и највисок личен доход, личните примања од средствата за заедничка потрошувачка и издатоците што паѓаат на товар на материјалните трошоци, ги усогласуваат во согласност со овој општествен договор.

Организациите од ставот 2 на овој член се должни да доставаат по еден примерок од самоуправната спогодба во СОК — филијалата, каде што е седиштето на организацијата и до Комисијата за општествено договорање.

Член 16

Организацијата што не ќе склучи или не се придржува кон самоуправната спогодба за распределба на доходот и личните доходи, средствата за личните доходи ги издвојува од доходот за распределба најповеќе до просечниот бруто личен доход по условно неквалификуван работник во организацијата според завршната сметка од претходната година.

Член 17

Најнискиот личен доход на работник за полно работно време и нормален работен учинок не може да биде помал од 70% од просечниот личен доход исплатен во стопанството во претходната година.

Член 18

Највисок личен доход претставува максималниот износ на личен доход што може годишно во просек да се исплати како личен доход на работникот по сите основи и мерила, вклучувајќи ги и личните доходи остварени во повеќе организации.

Наградите што се исплатуваат на работникот по основ на авторство, рационализаторство, новаторство и патенти не се земаат предвид при утврдувањето на највисокиот личен доход.

Највисокиот личен доход на работникот може да се движи во распон од 1 : 5 во однос на просечниот месечен нето личен доход исплатен во стопанството во претходната година.

Износите што од други организации се уплатени на име личен доход по сите основи во организацијата каде работникот е вработен на неопределено работно време, а ја надминуваат максималната висина утврдена со одредбите на овој член, се распределува со завршната сметка на организацијата каде работникот е вработен на неопределено работно време во дел за проширување на материјалната основа на здружениот труд.

Член 19

Со самоуправната спогодба организациите утврдуваат поблиски мерила за определување на висината на примањата од средствата за заедничка потрошувачка, со тоа што годишните примања по работник, вработен на неопределено време не може да бидат поголеми од следните износи:

1. Регрес за користење на годишен одмор на работниците може да се исплатува посредно или непосредно најмногу до 65% од износот на просечниот личен доход од претходната година исплатен во стопанството;

2. Јубилејни награди и други примања наменети за лична потрошувачка, кои се исплатуваат непосредно или посредно не можат да бидат по работник поголеми од едномесечен просечен нето личен доход исплатен во стопанството во претходната година;

3. За работниците кои одат во пензија може да им се исплатува отпремнина до висината на двомесечен износ од просечниот нето личен доход на работникот остварен во годината во која оди во пензија.

Член 20

Со самоуправната спогодба организациите на здружениот труд ги утврдуваат поблиску мерилата за определување на износот на примањата што ги товарат материјалните трошоци со тоа што поединечните износи на овие примања можат да изнесуваат најмногу:

1. Полна дневница за службено патување во земјата може да изнесува најмногу 130 динари, а доколку одделно се признаваат трошоците за ноќевање според приложена сметка, износот на дневницата без трошоците за ноќевање може да се движи најмногу до 90 динари;

2. Полна дневница за службен пат во странство може да се движи најмногу до износот пропишан за работниците во републичките органи на управата, а до колку се признаваат одделно трошоците за ноќевање, дневницата се намалува за 30%;

3. Дневниците на лица, странски државјани за време на престој во нашата земја, како и на наши граѓани чија висина е утврдена со меѓудржавните конвенции или склучените договори со странски организации, може да изнесува до висината утврдена во договорот со странскиот деловен партнер;

4. Надоместокот за користење на сопствено возило за службена цел може да се исплатува најмногу 0,87 динари по изминат километар, со тоа што паушално плаќање на овој надоместок не се дозволува;

5. Надоместокот за одвоен живот не може да изнесува повеќе од 40% од пресметковниот основ на личниот доход на работникот;

6. Надоместокот за теренски додаток не може да изнесува повеќе од 40% од пресметковниот основ на личниот доход на работникот до колку на објектот е организирана исхрана и сместување. Во случаи кога исхраната и сместувањето на работниците на објектот не се организирани, висината на надоместокот се утврдува со самоуправната спогодба;

7. Организацијата која има организирана општествена исхрана, или обезбедува општествена исхрана со топол оброк кај друга организација, може да партиципира во трошоците на исхраната до 150 динари месечно по вработен. Износот на партиципацијата не може да се исплатува во готово.

Член 21

Издатоците за дневници за службено патување во земјата, за користење на сопствено возило и за општествена исхрана, можат да се валоризираат секоја година до 50% од порастот на трошоците на животот во Републиката во претходната година.

Примената на валоризацијата од претходниот став може да се врши почнувајќи од 1. јануари 1974 година.

Член 22

За утврдување на најнискиот и највисокиот личен доход од членовите 17 и 18 на овој договор, како и за валоризација на трошоците од претходниот член, Републичкиот завод за статистика ги утврдува и објавува во „Службен весник на СРМ" следниве податоци:

— просечниот месечен нето личен доход исплатен во стопанството во претходната година;

— индексот на порастот на трошоците на живот во претходната година.

Член 23

За организации врз чие работење не влијаат пазарните услови и организациите во изградба можат да се склучуваат одделни општествени договори.

Член 24

Спроведувањето на овој договор, самоуправните спогодби и одделните општествени договори, го следи Заедничката комисија за општествено договарање во стопанството која се формира според одредбите на Законот.

Член 25

Комисијата работи на седници кои се одржуваат по потреба. Секој од учесниците има право да бара одржување на седница на Комисијата.

Комисијата полноправно работи ако на седницата присуствуваат најмалку по еден член именуван од страна на секој учесник.

Член 26

Седницата на Комисијата ја свикува и со неа раководи претседавач кој наизменично се избира секои 4 месеци.

Член 27

Комисијата особено:

1. го следи спроведувањето на овој договор и самоуправните спогодби и одделните општествени договори и за појавите и проблемите ги известува учесниците и другите заинтересирани организации и органи;

2. предлага на учесниците преземање мерки и акции за спроведување на овој договор;

3. предлага на учесниците измени и дополнувања на овој договор и подготвува нацрт на измени и дополнувања;

4. дава објаснување и мислење во врска со примената на овој договор и друга помош на организациите во постапката за склучување на самоуправните спогодби и одделните општествени договори, како и за нивното спроведување;

5. ги разгледува предлозите на самоуправните спогодби и одделните општествени договори и дава мислење за усогласување на истите со одредбите на овој договор и одредбите на Законот;

6. учествува во подготвувањето на одделните општествени договори во согласност со членот 23 од овој договор; и

7. врши други работи и задачи што ќе ги постават учесниците.

Член 28

Комисијата е должна да даде оценка за самоуправната спогодба во рок од 30 дена.

Член 29

Откако Комисијата ќе утврди дека самоуправната спогодба и одделниот општествен договор се во согласност со Законот и со овој договор, тие се запишуваат во регистарот што го води Републичкиот секретаријат за труд.

Член 30

До колку Комисијата оцени дека самоуправната спогодба, односно одделниот општествен договор, не е во согласност со одредбите на Законот и на овој договор, за спорните прашања ги известува предлагачите на самоуправната спогодба односно на одделниот општествен договор.

Член 31

Комисијата донесува деловник со кој се утврдува начинот на работата и донесувањето на одлуки, должностите и овластувањата на претседавачот и членовите, како и начинот на вршењето на работите од членот 27 на овој договор.

Деловникот за работа влегува во сила од денот кога ќе го потврдат потписниците.

Член 32

По заклучок донесен од страна на Комисијата од член 24 на овој договор, организациите имаат право на приговор.

Приговорот се поднесува до Комисијата од претходниот став, во рок од 30 дена од денот на приемот на заклучокот. На седницата при разгледување на приговорот може да присуствува организацијата.

Член 33

Административната и техничката работа на комисијата ја врши Републичкиот секретаријат за труд.

Член 34

Службата на општественото книговодство, врз основа на Општествениот договор и одделните општествени договори. по претходно мислење од Комисијата од членот 24 на овој договор, ќе утврди посебна методологија за искажување на потребните податоци од страна на учесниците во самоуправните спогодби за следење на спроведувањето на самоуправните спогодби, одделните општествени договори и овој договор.

Член 35

За примената на одредбите од овој договор, самоуправните спогодби и одделни општествени договори се грижи Службата на општественото книговодство и за сите отстапувања од нив ги применува одредбите од членовите 12 и 16 од овој договор.

Точноста на пресметките и показателите на организациите во примената на одредбите од овој договор, од самоуправните спогодби и од одделните општествени договори ги контролира Службата на општественото книговодство.

Член 36

Постапката за склучување на самоуправните спогодби се одвива според одредбите на Законот.

Самоуправните спогодби треба да се усогласат со одредбите на овој договор во рок од 90 дена од неговото влегување во сила.

Доколку во рокот утврден во претходниот став не се изврши усогласување на самоуправните спогодби, ќе се смета дека самоуправните спогодби не се потпишани и за тие организации Службата на општественото книговодство ќе ги применува мерките предвидени во членовите 12 и 16 од овој договор.

Член 37

Организациите, чие работење е од сезонски карактер, не се должни да утврдуваат односи за распределба по периодичните пресметки.

Член 38

Овој договор влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува:

— за делот што ја регулира распределбата на доходот од 1 јануари 1973 година;

— за останатиот дел од денот на влегувањето во сила на овој договор.

До усогласувањето на самоуправните спогодби за распределба на доходот и личните доходи и на општите акти односно на самоуправните спогодби за меѓусебните односи, организациите непосредно ќе ги применуваат одредбите на овој договор.

Член 39

Со влегувањето во сила на овој договор престанува да важи договорот за усогласување на распределбата на доходот и личните доходи во организациите на здружениот труд во стопанството, усвоен на 14 декември 1971 година и објавен во „Службен весник на СРМ", бр. 1/72 година.

16 јули 1973 година
Скопје

Претседател на Стопанската комора на Македонија,
д-р **Асен Симитчиев**, с. р.

Претседател на Извршниот совет на Собранието на СРМ,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

За Претседателството
на Сојузот на синдикатите
на Македонија,
**Павле Давков**, с. р.

---

**119.**

Врз основа на член 34 од Општествениот договор за усогласување на распределбата на доходот и личните доходи во основните организации на здружениот труд во стопанството што е објавен во овој „Службен весник на СРМ", а по претходно прибавено мислење од Комисијата, формирана по одредбите на член 11 од Законот за општествено договарање и самоуправно спогодување за основите и мерилата за распределба на доходот и на личните доходи и за општествено насочување на распределбата на доходот („Службен весник на СРМ", бр. 24/71), Службата на општественото книговодство на СР Македонија, донесува

# МЕТОДОЛОГИЈА

## ЗА ИСКАЖУВАЊЕ НА ПОТРЕБНИ ПОДАТОЦИ ОД СТРАНА НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО САМОУПРАВНИТЕ СПОГОДБИ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА САМОУПРАВНИТЕ СПОГОДБИ, ОДДЕЛНИТЕ ОПШТЕСТВЕНИ ДОГОВОРИ И ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД ВО СТОПАНСТВОТО

1. Со одредбите на член 30 од Законот за општествено договарање и самоуправно спогодување за основите и мерилата за распределба на доходот и на личните доходи, и за општествено насочување на распределбата на доходот („Службен весник на СРМ", 24/71) — во натамошен текст: Законот, како и со одредбите на член 35 од Општествениот договор за усогласување на распределбата на доходот и личните доходи во основните организации на здружениот труд во стопанството — во натамошен текст: Општествен договор, Службата на општественото книговодство е задолжена да се грижи за примена на одредбите од Општествениот договор, самоуправните спогодби и одделните општествени договори и да ги применува одредбите од чл. 12 и 16 од Општествениот договор. За таа цел, организациите на здружениот труд односно основните организации на здружениот труд од областа на стопанството-учесници во самоуправните спогодби, во натамошен текст: организации, се должни на надлежната организациона единица на Службата на општественото книговодство, каде се води нивната жиро-сметка, да ѝ доставаат определени податоци за утврдување на доходот за распределба и за начинот на распределбата на истиот, на дел за проширување на материјална основа на здружениот труд и дел за лични доходи и други лични примања.

2. Податоците од претходната точка, организациите ги доставуваат на Службата на општественото книговодство во роковите за поднесување на периодичните пресметки и завршната сметка на обр. РДо—4 — Пресметка за утврдување на доходот за распределба и распределба на истиот, на дел за проширување на материјална основа на здружениот труд и дел за лични доходи и други лични примања, во три примероци и на обр. РДо—5 — Пресметка за утврдување на елементите за распределба на доходот (амортизацијата над пропишаните стапки содржана во реализираните производи, степенот на стручноста, распределбата на доходот, исплатените лични доходи и други лични примања во реализираните производи), во два примероци. Обрасците РДо—4 и РДо—5 се отпечатени кон оваа методологија и се составен дел на истата.

3. Податоците во обр. РДо—5 под III, организациите ги внесуваат во соодветниот дел под а, б, в, г и д во зависност од индексот на доходноста.

4. Податоците во обр. РДо—4 и РДо—5 се внесуваат според дадените објаснениија на соодветните редни броеви, а врз основа на книговодствените податоци на организацијата — потписник на самоуправната спогодба.

5. Оваа методологија влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а се применува, според Општествениот договор, од 1. I. 1973 година.

Согласен за Заедничката
комисија
Претседавач,
**Милорад Антевски**, с. р.

Главен директор,
**Благоја Симеонов**, с. р.

РДо—4

_____
назив и место на организацијата — потписник на спогодбата

_____
жиро сметка

_____
шифра на дејноста

# ПРЕСМЕТКА

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ДОХОДОТ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ДЕЛ ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНА ОСНОВА НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД И ДЕЛ ЗА ЛИЧНИ ДОХОДИ И ДРУГИ ЛИЧНИ ПРИМАЊА, СПОРЕД ОДРЕДБИТЕ ОД ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА РАСПРЕДЕЛБАТА НА ДОХОДОТ И ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ ВО ООЗТ ЗА СТОПАНСТВОТО ЗА ПЕРИОД ОД 1. I ДО . . . . . 1973 ГОДИНА

| Ред. број | Елементи | Показатели | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1. | Остварен доход (ред. бр. 17 кол. 5 од Билансот на успехот односно од деловниот резултат) | xxxx | . . . . . |
| 2. | Договорни и законски обврски (ред. бр. 36 до 40 и ред. бр. 41 до 45 од Билансот на успехот односно од деловниот резултат) | xxxx | . . . . . |
| 3. | Остаток (ред. бр. 1 минус ред. бр. 2) | xxxx | . . . . . |
| 4. | Амортизација над минималните пропишани стапки содржани во реализацијата (податокот од обр. РДо—5 под I) | xxxx | . . . . . |
| 5. | Доход за распределба (ред. бр. 3 плус ред. бр. 4) | xxxx | . . . . . |
| 6 | Просечен број на вработените во организацијата на основа вкалкулирани саати на работа (ред. бр. 11 од Билансот на успехот — посебни податоци односно ред. бр. 34 од деловниот резултат) за односниот пресметковен период | xxxx | . . . . . |
| 7. | Степен на стручноста на вработените во организацијата во односниот пресметковен период (податокот од обр. РДо—5 под II) | . . . . . | xxxx |
| 8. | Просечен број на условно неквалификувани работници во организацијата во односниот пресметковен период (ред. бр. 6 х ред. бр. 7) | . . . . . | xxxx |
| 9. | Доход за распределба по условно неквалификуван работник во организацијата во односниот пресметковен период (ред. бр. 5 : ред. бр. 8) | xxxx | . . . . . |
| 10. | Доход за распределба по условно неквалификуван работник во стопанството во односниот пресметковен период во претх. година (податокот што го дава СОК) | . . . . . | xxxx |
| 11. | Индекс на доходноста (ред. бр. 9 х 100) / ред. бр. 10 = . . . . . х 100 / . . . . . = | . . . . . | xxxx |
| | **Распределба на доходот** | | |
| 12. | За проширување на материјална основа на здружениот труд (податокот од обр. РДо—5 под III, а, б, в, г и д) | . . . . . | . . . . . |
| 13. | За лични доходи и други лични примања (податокот од обр. РДо—5 под III, а, б, в, г и д) | . . . . . | . . . . . |
| 14. | Издвоени лични доходи и други лични примања во пресметковниот период (ред. бр. 46 и 47 од Бил. на успехот односно од деловниот резултат) | xxxx | . . . . . |
| 15. | Негативна разлика на повеќе издвоени лични доходи во пресметковниот период (Ред. бр. 14 минус 13 од овој образец) | xxxx | . . . . . |
| 16. | Позитивна разлика на повеќе издвоени лични доходи во пресметковниот период (ред. бр. 13 минус ред. бр. 14 од овој образец) | xxxx | . . . . . |
| 17, | Односи за распределба на доходот во споредливиот пресметковен период во претходната година во стопанството (податоците што ги дава СОК) | | |
| | а) Стапка за проширување на материјална основа на здружениот труд | . . . . . % | xxxx |
| | б) Стапка за лични доходи и други лични примања | . . . . . % | xxxx |
| 18. | Просечен бруто личен доход во споредливиот пресметковен период во претходната година во стопанството (податокот што го дава СОК) | . . . . . | xxxx |
| 19. | Просечен бруто личен доход во организацијата во пресметковниот период (ред. бр. 13 : со ред. бр. 8 од овој образец) | xxxx | . . . . . |
| 20. | Исплатени лични доходи и други лични примања во реализирани производи во пресметковниот период (податокот од обр. РДо—5 под IV) | xxxx | . . . . . |
| 21. | Негативна разлика — повеќе исплатени лични доходи во пресметковниот период (ред. бр. 20 минус ред. бр. 13 од овој образец) | xxxx | . . . . . |

**Напомена:**

1. На ред. бр. 7 — Степенот на стручноста се пресметува со два децимала
2. Износите во кол. 3 и 4 се искажуваат во цели износи без пари

Дата,

Раководител на сметководството,

Директор,

РДо—5

Назив и место на организацијата потписник на спогодбата

жиро сметка

шифра на дејноста

# ПРЕСМЕТКА

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЕЛЕМЕНТИТЕ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ДОХОДОТ НА ДЕЛ ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНА ОСНОВА НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД И ДЕЛ ЗА ЛИЧНИ ДОХОДИ И ДРУГИ ЛИЧНИ ПРИМАЊА

### I. Утврдување на амортизацијата над пропишаната стапка

1. За утврдување на амортизацијата над пропишаната стапка најнапред се изнаоѓа коефициентот на реализацијата (кр)

$$кр = \frac{\text{трош. на реал. произв. и услуги (групата на с/ката 70)}}{\text{распоред на трошоците (групата на с/ката 49)}} = \frac{\ldots\ldots\ldots\ldots}{\ldots\ldots\ldots\ldots} = \ldots\ldots\ldots$$

или

$$кр = \frac{\text{(ред. бр. 16 — ред. бр. 11 + (ред. бр. 12 и ред. бр. 13 од Бил. на успехот односно од дел. резултат)}}{\text{(ред. бр. 2 до ред бр. 9) од Билансот на успехот односно од деловниот резултат)}} = \frac{\ldots\ldots - (\ldots\ldots + \ldots\ldots)}{\ldots\ldots} = \ldots\ldots$$

2. Амортизацијата над пропишаните стапки, која се внесува на ред. бр. 4 на обр. РДо—4 се изнаоѓа, кога податокот на ред. бр. 9 кол. 5 во Билансот на успехот односно во деловниот резултат во пресметковниот период се помножи со коефициентот на реализацијата искажан на ред. бр. 1 под I од овој образец.

$$а = \frac{\text{Ред. бр. 9 од бил. на успехот} \times кр}{100} = \frac{\ldots\ldots \times \ldots\ldots}{100} = \ldots\ldots$$

### II. Утврдување на степенот на стручноста

Утврдувањето на степенот на стручноста се врши со пондерационите коефициенти предвидени во чл. 5 од Општествениот договор и бројот на вработените утврден според вкалкулираните саати во пресметковниот период.

| Ред. број | Квалификации — степен на стручна подготовка | Бр. на вработените според вкалк. саати во пресм. период | Коефициенти од Општ. договор | Вкупно 3×4 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | Неквалификувани | ..... | 1,00 | ..... |
| | Полуквалификувани | ..... | 1,25 | ..... |
| | Квалификувани | ..... | 1,50 | ..... |
| | Висококвалификувани | ..... | 1,92 | ..... |
| | Нижа стручна спрема | ..... | 1,31 | ..... |
| | Средна стручна спрема | ..... | 1,73 | ..... |
| | Виша стручна спрема | ..... | 2,30 | ..... |
| | Висока стручна спрема | ..... | 2,85 | ..... |
| | Магистри | ..... | 3,15 | ..... |
| | Доктори на науки | ..... | 3,50 | ..... |
| | Вкупно: | ..... | | ..... |

Степенот на стручноста што се внесува на ред. бр. 7 во обр. РДо—4 се добива кога податокот од кол. 5 под ред. бр. Вкупно се подели со податокот во кол. 3 под ред. бр. Вкупно.

$$сс = \frac{\text{кол. 5 под р. бр. Вкупно од овој обр.}}{\text{кол. 3 под р. бр. Вкупно од овој обр.}} = \frac{\ldots\ldots}{\ldots\ldots} = \ldots\ldots$$

За работните места со бенефициран стаж, колоната 3 се зголемува и за процентот на бенефицираниот стаж (чл. 5 став 3 од Општествениот договор).

### III. Распределба на доходот — утврдување на односите за распределба на доходот на дел за проширување на материјална основа на здруженот труд и дел за лични доходи и други лични примања

#### а) За индекс на доходноста 100

Организациите што на ред. бр. 11 искажале индекс на доходноста 100 вршат распределба на доходот за распределба најмалку според просечните стапки, со тоа што обезбедуваат за проширување на материјалната основа на здруженот труд најмалку според стапката што е остварена во стопанството во споредливиот пресметковен период од претходната година.

На ред. бр. 12 на обр. РДо—4, тие ја внесуваат најмалку просечната стапка што е остварена за проширување на материјалната основа на здруженот труд во стопанството, а што се искажува на ред. бр. 17 под а) на обр. РДо—4.

Со множење на износот искажан на ред. бр. 5 од обр. РДо—4 со стапките искажани на ред. бр. 12 под а) и б) на обр. РДо—4 се добива масата на средствата што од доходот за распределба е за проширување на материјалната основа на здруженот труд и што е за лични доходи и други лични примања, што се внесува во кол. 4 под ред. бр. 12 односно 13.

$$\text{Ред. бр. 12 кол. 4} = \frac{\text{Ред. бр. 5 од обр. РДо—4} \times \text{ред. бр. 12 од обр. РДо—4}}{100} = \frac{\ldots\ldots \times \ldots\ldots}{100} = \ldots\ldots$$

$$\text{Ред. бр. 13 кол. 4} = \frac{\text{Ред. бр. 5 од обр. РДо—4} \times \text{ред. бр. 13 од обр. РДо—4}}{100} = \frac{\ldots\ldots \times \ldots\ldots}{100} = \ldots\ldots$$

**б) За индекс на доходноста над 100**

1. Индекс на доходноста (ред. бр. 11 на обр. РДо—4) . . . . . .
2. За бруто лични доходи по условно неквалификуван работник според скалата во чл. 6 од Општ. договор за соодветната група, појдовна основа (кол. 2) . . . . . .
3. Разлика помеѓу индексот на доходноста во организацијата (ред. бр. 1 од овој образец) и појдовниот индекс на доходноста во скалата за соодветната група (кол. 1) . . . . . .
4. Утврдената разлика на ред. бр. 3 помножена за предвиденото зголемување за секој индексен поен во скалата на чл. 6 од Општ. договор за соодветната група
   ред. бр. 3 х згол. за индекс. поен = . . . . . х . . . = . . . . . .
5. Вкупна стапка за лични доходи и други лични примања (ред. бр. 2 + ред. бр. 4 од овој образец) =
   . . . . . + . . . . . = . . . . . .
6. Масата за лични доходи и други лични примања што се внесува на ред. бр. 13 кол. 4 во обр. РДо—4 се добива кога искажаниот износ на ред. бр. 18 во обр. РДо—4 кол. 3 се помножи со вкупната стапка за лични доходи и други лични примања на ред бр. 5 од овој образец и со податокот на ред. бр. 8 од обр. РДо—4

$$\text{БЛДом} = \frac{\text{ред. бр. 18 од обр. РДо—4 х ред. бр. 5 од овој обр.}}{100} \text{ х}$$

х ред. бр. 8 од обр. РДо—4 =

$$= \frac{\text{. . . . . х . . . . . х . . . . . =}}{100} \text{ х . . . . . =}$$

. . . . . .

7. Масата за проширување на материјалната основа на здружениот труд се внесува на ред. бр. 12 од обр. РДо—4 и претставува разлика помеѓу податокот на ред. бр. 5 од обр. РДо—4 и износот искажан на ред. бр. 6 под б) од овој образец
   Ред. бр. 5 од обр. РДо—4 — ред. бр. 6 од овој образец =
   . . . . . — . . . . . = . . . . . .

**в) За индекс на доходноста 75**

1. Масата за лични доходи и други лични примања што се внесува на ред. бр. 13 кол. 4 во обр. РДо—4 се добива кога податокот на ред. бр. 18 кол. 3 во обр. РДо—4 се помножи со процентот од чл. 6 под 3 од Општ. договор (94%) и со податокот на ред. бр 8 од обр. РДо—4

$$\text{БЛДом} = \frac{\text{ред. бр. 18 од обр. РДо—4 х 94}}{100} \text{ х ред. бр. 8 од обр. РДо—4 =}$$

$$= \frac{\text{. . . . . х 94}}{100} \text{ х . . . . . =}$$

. . . . . .

2. Масата за проширување на материјална основа на здружениот труд што се внесува на ред. бр. 12 на обр. РДо—4 ја претставува разликата помеѓу износот на ред. бр. 5 во обр. РДо—4 и износот искажан на ред. бр. 1 од овој образец
   Ред. бр. 5 од обр. РДо—4 — ред. бр. 1 од овој образец =
   . . . . . — . . . . . =

. . . . . .

**г) За индекс на доходноста од 75 до 100**

1. Масата за лични доходи и другите лични примања што се внесува на ред. бр. 13 во кол. 4 на обр. РДо—4 се добива на следниот начин:
   —се изнаоѓаат индексните поени над 75 (ред. бр. 11 од обр. РДо—4 — 75) = . . . . . — . . . . . =
   — индексните поени од алинејата 1 се множат со предвиденот број за секој индексен поен над 75 во чл. 6 под 3 во Општественио договор (0,24) . . . . .
   алинеја 1 х 0,24 = . . . . . х 0,24 =
   — предвидената стапка за индекс на доходноста 75 во чл. 6 став 3 од Општественио договор . . . . . .
   — вкупна стапка за лични доходи и други лични примања за индекс на доходноста од 75 до 100 алинеја 2 + алинеја 3 = . . . . . + . . . . . = . . . . . .
   — масата за лични доходи и други лични примања се добива кога износот искажан на ред. бр. 18 кол. 3 во обр. РДо—4 се помножи со вкупната стапка за лични доходи и други лични примања (алинеја 4) и со податокот на ред. бр. 8 во обр. РДо—4 . . . . . .

$$\text{БЛДом} = \frac{\text{ред. бр. 18 од обр. РДо—4 х ред. бр. 1 алинеја 4}}{100}$$

$$= \frac{\text{од овој образец х ред. бр. 8 од обр. РДо—4 . . . . . х . . . . . .}}{100} \text{ х . . . . . =}$$

. . . . . .

2. Масата за проширување на материјалната основа на здружениот труд што се внесува на ред. бр. 12 во кол. 4 на обр. РДо—4 ја претставува разликата помеѓу износот на ред. бр. 5 на обр. РДо—4 и износот искажан на ред. бр. 1 алинеја 5 од овој образец
Ред. бр. 5 од обр. РДо—4 — Ред. бр. 1 алинеја 5 од овој образец = . . . . . — . . . . . = . . . . . .

**д) За индекс на доходноста под 75**

1. Масата за лични доходи и други лични примања што се внесува на ред. бр. 13 кол. 4 во обр. РДо—4 се добива на следниот начин:
— податокот на ред. бр. 5 кол. 4 во обр. РДо—4 се множи со стапката утврдена во општиот акт на организацијата за лични доходи

$$\text{БЛДом} = \frac{\text{ред. бр. 5 од обр. РДо-4 x . . .\% за лични доходи според општ. акт на орган.}}{100}$$

$$= \frac{\text{. . . . . x . . . . . .}}{100} = \text{. . . . . .}$$

2. Овие организации не можат да издвојуваат поголема маса за лични доходи од износот што се добива кога податокот на ред. бр. 18 кол. 3 на обр. РДо—4 се помножи со предвидената стапка во чл. 6 под 3 од Општествениот договор (94) и со податокот на ред. бр. 8 во кол. 3 на обр. РДо—4

$$\text{БЛДом} = \frac{\text{ред. бр. 18 од обр. РДо—4 x 94}}{100} \text{ x ред. бр. 8 од}$$

$$\text{обр РДо—4} = \frac{\text{. . . . . x 94}}{100} \text{ x . . . . . =} \quad \text{. . . . . .}$$

**IV. Утврдување на исплатените лични доходи**

1. Исплатени лични доходи и други лични примања со придонесите од лични доходи (ред. бр. 4 и 5 кол. 4 од Билансот на успехот — посебни податоци односно од деловниот резултат) во пресметковниот период или долговниот промет на сметката 250 корегиран за евентуално книжени црни сторна . . . . . .
2. Зголемени за долговното салдо на сметката 150 на ден 1. I во тековната година содржани во готовите производи и недовршеното производство . . . . . .
ред. бр. 1 + ред. бр. 2 од овој образец = . . . . . .
3. Намалени за лични доходи на крајот на пресметковниот период што се содржани во готовите производи и недовршеното производство, и за исплатените лични доходи во пресметковниот период што се вкалкулирани во претходната година (исплатени во месец јануари за претходната година) . . . . . .
ред. бр. 2 се минус ред. бр. 3 од овој образец . . . . . .

**Напомена:** За организациите што немаат залихи на недовршено производство и готови производи (трговијата и слично) податокот на ред. бр. 20 на обр. РДо—4 се утврдува на ист начин, само со таа разлика што исплатените лични доходи во пресметковниот период не се корегираат со износот на личните доходи што се содржани во почетните односно во крајните залихи на недовршеното производство и готовите производи, бидејќи организациите не располагаат со такви залихи.

Дата, . . . . . Директор, . . . . . .

Шеф на сметководството,
. . . . . .

---

СЛУЖБЕНА ОБЈАВА

Врз основа на член 8 од Општествениот договор за усогласување на распределбата на доходот и личните доходи во основните организации на здружениот труд во стопанството („Службен весник на СРМ“ бр. 29/73), Службата на општественото книговодство — Централа во Скопје ги

о б ј а в у в а

следните единствени показатели за организациите на здружениот труд во стопанството за периодот јануари—јуни 1972 година:

1. Доходот за распределба по условно неквалификуван работник изнесува — — — — — — — дин. 11.952
2. Просечниот бруто личен доход по условно неквалификуван работник изнесува — — — — — дин. 7.326
3. Остварените просечни односи во распределбата на доходот изнесуваат:
— за лични доходи 61,3%
— за акумулација 38,7%

Број 220
19 јули 1973 година
Скопје

Пом. генерален директор,
**Драгољуб Пејоски**, с. р.

## СЛУЖБЕНА ОБЈАВА

СЛУЖБАТА НА ОПШТЕСТВЕНОТО КНИГОВОДСТВО, Централа во Скопје, врз основа на член 6 од Општествениот договор за усогласување на распределбата на доходот во организациите на здруженот труд и работните заедници во општествените дејности,

објавува

конечни заеднички елементи за 1972 година за утврдување на споредбениот доход во организациите во општествените дејности во СР Македонија

| Ред. број | Шифра на дејноста | НАЗИВ НА ДЕЈНОСТА | Просечни бруто издвоени лични доходи по запослен (ЛДБо) / Ро | Акумулација на дејноста по запослен (Ао) / Ро |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 911—00 | Дејност на школи | 24.282,00 | 2.110,00 |
| 2. | 911—70 | Виши, високи школи и факултети | 39.946,00 | 4.640,00 |
| 3. | 912—00 | Научна дејност | 29.719,00 | 6.088,00 |
| 4. | 913—00 | Културно просветна дејност | 25.561,00 | 3.820,00 |
| 5. | 914—00 | Уметничко-забавна дејност | 27.925,00 | 3.004,00 |
| 6. | 915—00 | Здравствена дејност | 28.211,00 | 4.844,00 |
| 7. | 916—00 | Социјална заштита | 24.567,00 | 5.611,00 |
| 8. | 917—00 | Фискултура | 16.576,00 | 2.374,00 |
| 9. | 011—00 | Општествени организации | 25.449,00 | 5.844,00 |
| 10. | 013—11,30 и 40 | Народна банка, СОК и Лутрија | 42.812,00 | 8.580,00 |
| 11. | 013—80 | Останати финансиски организации | 43.812,00 | 8.958,00 |
| 12. | 014—00 | Социјално осигурување | 32.768,00 | 4.248,00 |
| 13. | 015—00 | Органи на власта и управата | 27.342,00 | 1.432,00 |
| 14. | 016—00 | Останати општествени служби | 15.948,00 | 1.788,00 |
| 15. | 211—83 | Ветеринарни станици | 30.701,00 | 5.122,00 |
| 16. | 411—10 | Урбанистички заводи | 39.775,00 | 6.437,00 |

$\frac{ПРо}{Р} = 1,88$

# Огласен дел

## СУДСКИ ОГЛАСИ

ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

Пред Окружниот суд во Скопје е заведен спор по тужбата на тужителката Николовска, род. Јакимовска Милица од Скопје, ул. „Маршал Тито“ број 90, против туженот Николовски Веселин од Скопје, со непозната адреса, за развод на брак. Вредност на спорот 2.000 нови динари.

Се повикува туженот Николовски Веселин во рок од 30 дена по објавувањето на огласот да се јави лично во судот или да ја соопшти својата адреса. Доколку во одреденот рок туженот не се јави ќе му се определи старател.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 310/73.

---

При Окружниот суд во Скопје е заведен спор за развод на брак, по тужбата на тужителот Владимир Величковски, од село 'Ржаничино, Скопско, против тужената Јожефа Величковска, родена Лоренчиќ од село 'Ржаничино, сега со непознато место на живеење.

Се повикува тужената Јожефа Величковска, родена Лоренчиќ, во рок од 30 дена, сметано од објавувањето на огласот, да се јави во судот или да ја достави својата сегашна адреса.

Во колку во определениот рок од 30 дена не се јави или не ја достави својата точна адреса, ќе ѝ биде поставен старател, кој ќе ја застапува во спорот за развод на брак.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 883/72.

## КОНКУРСИ

Врз основа на одредбите на Основниот закон за изградба на инвестициони објекти и Правилникот за начинот и постапката за отстапување изградба на инвестициони објекти

**РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА ПАТИШТА — СКОПЈЕ**

распишува

ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

за отстапување на работите за изградба и реконструкција на патните правци:

1. Крушево — Демир Хисар од км. 0+000 до км. 26+000 чија ориентациона вредност на работите изнесува 32 мил. дин.
2. Младо Нагоричане — Прохор Пчински од км. 0+000 до км. 22+053, чија ориентациона вредност на работите изнесува — — — — — — 27 мил. дин.
3. Макази — Граница со Грција од км. 7+500 до км. 25+432, чија ориентациона вредност изнесува — — 20 мил. дин.

Рокот за извршување на работите е 30. XII. 1974 година, со тоа истите да отпочнат во 1973 година.

Понудите во запечатен коверат со ознака „понуда за јавно наддавање“ и коверат со документација (решение за регистрација на дејноста, список на механизација и стручни кадри, кои ќе бидат ангажирани посебно за секој објект, и полномошно за присутниот учесник при отворањето на понудите), можат да се достават по пошта или се предадат лично на комисијата на денот на отворањето на понудите.

Јавното наддавање ќе се одржи на ден 11. IX. 1973 година со почеток во 10 часот во просториите на Републичкиот фонд за патишта.

Заинтересираните учесници за наддавањето можат да се запознаат со условите и податоците потребни за составување на понудите, како и разгледување на техничката документација, секој работен ден од 7,00 — 14,00 часот во просториите на Републичкиот фонд за патишта. (1039)

Конкурсната комисија при Градежното претпријатие „Братство“ — Скопје

распишува

ПОВТОРЕН КОНКУРС

за директор на Работната организација (наименување — реизбор)

Услови:

да има завршено технички факултет (градежно-архитектонска насока) или економски факултет и 8 години работен стаж;

да има завршено средно техничко училиште (градежно-архитектонска насока) или средно економско училиште со 10 години работен стаж.

Кандидатите треба да ги исполнуваат и посебните услови, да не се осудувани за кривични дела наведени во член 55 од Основниот закон за претпријатијата, со судска одлука да не му е забрането вршењето должноста директор на претпријатие.

Молбите со потребните документи да се доставуваат до Конкурсната комисија на Г. П. „Братство“, ул. 124 бр. 16 — Скопје, во рок од 10 дена од денот на објавувањето на конкурсот.

Некомплетираните документи нема да се разгледуваат. (953)

---

СОВЕТОТ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

распишува

КОНКУРС

I. За избор на наставници во постојан работен однос во сите наставнички звања по предметите:

— Политичка економија I

— Економика и организација на претпријатијата (општ дел).

II. За избор на асистенти во постојан работен однос по предметите:

— Право (стопанско, облигационо и трудово)

— Економика и организација на претпријатијата

— Техника на надворешната трговија со девизен систем

— Економика на СФРЈ

— Математика за економисти

— Основи на статистиката

— Стопанска со демографска статистика

Условите за прием се регулирани со членовите 232 до заклучно со член 238 од Статутот на Економскиот факултет во Скопје, а поблиски информации можат да се добијат во Деканатот.

Пријавите се поднесуваат до Секретаријатот на Факултетот во рок од 15 дена од денот на објавувањето на конкурсот. (954)

---

Советот на Филозофскиот факултет на Универзитетот „Кирил и Методиј“ во Скопје,

распишува

КОНКУРС

— за еден наставник (во сите звања) по предметот методика на наставата по француски јазик;

— за еден лектор по германски јазик;

— за еден лектор по англиски јазик;

— за еден асистент при Катедрата за англиски јазик и литература;

— за два асистенти при Катедрата за романска филологија.

Пријавите таксирани со по 2 динари, останатите документи и научни и стручни трудови (во колку има такви), по еден примерок од истите, да се достават до архивата на Филозофскиот факултет во Скопје.

Конкурсот трае еден месец од денот на објавувањето во весникот „Нова Македонија“. (957)

---

Основното училиште „Илинден“ — село Брждани — Кичевско

распишува

КОНКУРС

за прием на наставници и тоа:

1. Еден наставник по математика и физика
2. Еден наставник по физичко воспитување со дополна на часови на определено време

Услови: Кандидатите да имаат завршено ПА соодветна група, потребни документи според Основниот закон за работни односи и уверение дека ја имаат регулирано воената обврска.

Конкурсот трае 15 дена од излегувањето од печат.

Некомплетираните документи нема да се земаат предвид при разгледувањето. (958)

---

Врз основа на член 31 од Статутот на работната организација на Градската матична библиотека „Вук Караџиќ“ во Гостивар, Конкурсната комисија за именување на директор, распишува

КОНКУРС

за именување (преименување) директор на Градската матична библиотека „Вук Караџиќ“ во Гостивар

Покрај општите услови, предвидени во Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд, кандидатите треба да ги исполнуваат и следните посебни услови:

— да имаат завршено висока стручна спрема со 2 (две) години работен стаж во библиотекарството, да имаат завршено виша стручна спрема и 3 (три) години работен стаж во библиотекарството и средна стручна спрема и 5 (пет) години работен стаж во библиотекарството.

— да поседуваат морално-политички и организациони способности.

Со молбата кандидатите треба да ги достават следните документи и тоа:

— доказ за степенот на школската наобразба,

— потврда за работното искуство — стаж,

— уверение да не е осудуван,

— уверение да не е под истрага,

— лекарско уверение, и

— работна карактеристика.

Личниот доход според Правилникот за распределба на личните доходи. Стан не е обезбеден.

Конкурсот трае 15 дена, сметано со денот на објавувањето.

Молбите со документите, предвидени во условите, се доставуваат до конкурсната комисија на Градската матична библиотека во Гостивар.

Некомплетираните молби со предвидените документи, Конкурсната комисија нема да ги зема предвид при разгледувањето. (955)

---

Советот на работната заедница на Органот на управата на Собранието на општината Охрид

распишува

КОНКУРС

за пополнување на следните работни места во Органот на управата и тоа:

1. Референт по урбанизам и инспектор,
2. Приправник — дипломиран економист,
3. Приправник — дипломиран правник.

УСЛОВИ:

Покрај општите услови од Основниот закон за работни односи („Службен лист на СФРЈ“ бр. 12/70), кандидатите треба да ги исполнуваат и следните посебни услови:

— за работното место под точка 1) завршен технички факултет — архитектонски оддел и 2 години практика;

— за работното место под точка 2) дипломиран економист,

— за работното место под точка 3) дипломиран правник.

Молбите со потребните документи за засновање работен однос и документите за стручната подготовка и практика да се доставуваат до архивата на Органот на управата на Собранието на општината Охрид.

Некомплетираните молби со бараните документи нема да бидат земени во разгледување.

Рокот за поднесување на молбите трае 15 дена од денот на објавувањето на овој конкурс во „Службен весник на СРМ". (956)

---

Врз основа на член 14, став 1 од Правилникот за работните односи во службите на Собранието на СР Македонија, Конкурсната комисија на Советот на работната заедница на службите на Собранието на СР Македонија, распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на работното место:

1. Стручен соработник во Просветно-културниот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

УСЛОВИ: Покрај општите услови кандидатот треба да ги исполнува и следните посебни услови:

— завршен економски или правен факултет со најмалку 3 години работно искуство по дипломирањето.

Личниот доход се определува според Правилникот за средствата на службите и распределбата на личниот доход на работниците во службите на Собранието на СРМ.

Молбите таксирани со 1,00 динар таксена марка и потребните документи (куса биографија, препис од дипломата за завршено соодветно образование и потврда за работното искуство) да се достават до Собранието на СРМ.

Некомплетираните документи нема да се земаат во разгледување.

Конкурсната комисија молбите ќе ги разгледува по завршувањето на конкурсот.

Конкурсот е отворен 15 дена од денот на објавувањето. (960)

---

Врз основа на член 86 од Законот за основното училиште и член 71 од Статутот на училиштето, Советот на Основното училиште „Чеде Филипоски" од село Врапчиште, општина Гостивар

распишува

**ДОПОЛНИТЕЛЕН КОНКУРС**

за пополнување на работните места за учебната 1973/74 година и тоа:

I. МАКЕДОНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК:

1. Еден наставник по македонски јазик со дополнување на одредено време за една година;
2. Еден наставник по физика и математика со дополнување на одредено време за една година.

II. АЛБАНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК:

3. Еден наставник по физика со дополнување на хемија на одредено време за една година;
4. Еден наставник по албански јазик со дополнување на одредено време за една година;
5. Еден наставник по биологија и хемија на одредено време за една година;
6. Еден наставник по музичко воспитување на неодредено време;
7. Еден наставник по одделенска настава во село Врањовце на одредено време.

III. ТУРСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК:

8. Еден наставник по турски јазик на неодредено време;
9. Еден наставник по турски јазик со дополнување на одредено време за 1 година;
10. Еден наставник по математика на неодредено време;
11. Еден наставник по математика и физика на неодредено време;
12. Еден наставник по француски јазик на неодредено време;
13. Еден наставник по музичко воспитување со дополнување на неодредено време;
14. Еден наставник по македонски јазик со дополнување на одредено време за една година;
15. Еден наставник по биологија и хемија на одредено време за една година.

**Услови:**

Кандидатите покрај општите услови според ОЗРО треба да ги исполнуваат и следните посебни услови и тоа:

— наставниците за одделенска настава да имаат завршено педагошка академија — отсек за одделенска настава или учителска школа. Наставник за одделенска настава може да биде и лице што завршило филозофски факултет — педагошка група;

— наставниците по предметна настава да имаат завршено педагошка академија или ВПШ — соодветна група или лица што завршиле соодветна група за образование на наставници на: факултет, висока школа а за музичко воспитување лице што завршило музичка академија или соодветно средно училиште;

— да поседуваат морални и општествени квалитети неопходни за остварување на целите на образованието и воспитувањето.

Уз молбата таксирана со 2 динари таксена марка, кандидатот треба да ги достави и следните документи:

— препис од дипломата за образованието,
— лекарско уверение,
— уверение за државјанство,
— извод на родените,
— уверение за регулирана воена обврска,
— уверение дека не е осудуван,
— уверение дека не е под истрага,
— работна карактеристика.

Конкурсот е отворен 15 дена од денот на објавувањето.

Молбите со некомплетирани документи нема да бидат земени предвид.

Личен доход според Правилникот за распределба на личните доходи на училиштето.

Молбите со сите потребни документи се доставуваат преку Заводот за вработување — Гостивар до Основното училиште „Чеде Филипоски" село Врапчиште. (959)

---

Врз основа на член 20 од Законот за судовите од општа надлежност („Службен весник на СРМ" 42/65), Собранието на Социјалистичка Република Македонија

**СООПШТУВА**

**ДЕКА ЌЕ ВРШИ ИЗБОР НА ЕДЕН СУДИЈА НА ОКРУЖНИОТ СУД ВО СКОПЈЕ**

Заинтересираните лица кои ги исполнуваат условите од член 40 од Законот за судовите од општа надлежност („Службен лист на СФРЈ" 7/65), своите пријави да ги достават до Собранието на СРМ — Комисија за прашања на изборите и именувањата во рок од 30 дена, сметано од денот на објавувањето на ова соопштение.

13. VII. 1973 година
Скопје

ОД СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## СОДРЖИНА

Страна

299. Закон за прекршоците — — — — — 833
300. Закон за средствата за работа на органите на управата — — — — — — — 857
301. Закон за републички референдум — — 863
302. Закон за општите начела за референдумот во општината, месната заедница, самоуправните интересни заедници и организациите на здружен труд — — — — — 866
303. Закон за Републичкиот завод за унапредување на домаќинството — — — — 867
304. Закон за воените инвалиди — — — — 867
305. Закон за здравствениот надзор над прехранбените продукти и над предметите за општа употреба — — — — — — — 874
306. Закон за здружување на индивидуалните земјоделски производители — — — — 880
307. Закон за изменување и дополнување на Законот за здравството — — — — — 882
308. Закон за изменување на Законот за Илинденските пензии — — — — — — — 883
309. Одлука за потврдување на Финансискиот план на Народната банка на Македонија за 1973 година — — — — — — — 883
310. Одлука за овластување на републичкиот секретар за финансии, во името на Социјалистичка Република Македонија да склучи договор со Социјалистичка Федеративна Република Југославија за преземање на обврски од Спогодбата за гаранција бр. 894 ЈУ — — — — — — — — — — 883
311. Одлука за давање согласност на Предлогот за ратификација на Оперативниот план за проект за јакнењето на интегралните служби за мајката и детето во Југославија, потпишан на 14 октомври 1972 година во Белград — — — — — — — — — 884
312. Одлука за давање согласност на Предлогот за донесување закон за обезбедување средства за отплатување на определени странски заеми чија противвредност е користена за финансирање на изградбата на објектите на територијата на СР Црна Гора — — — — — — — — — — — 884
313. Одлука за потврдување Статутот на Службата на општественото книговодство во Социјалистичка Република Македонија — — 884
314. Одлука за потврдување на Одлуката на Вишата школа за физичка култура во Скопје, за основање наставен центар за вонредно студирање во Битола — — — 884
315. Одлука за одобрување на катастарските скали — — — — — — — — — — — 885
316. Одлука за разрешување член на Извршниот совет и републички секретар за внатрешни работи — — — — — — — 885
317. Одлука за именување заменик на републичкиот секретар за законодавство и организација — — — — — — — — — 885
318. Одлука за именување членови на Управниот одбор на Републичкиот фонд за инвестиции во здравството — — — — — 885
319. Одлука за именување член во Советот на Центарот за странски јазици — — — — 886
320. Одлука за именување членови на Советот на Заводот за рехабилитација на деца и младинци — Скопје — — — — — — 886
321. Одлука за разрешување и именување членови во Советот на Центарот за професионална рехабилитација на младинци со оштетен слух — Скопје — — — — — 886
322. Одлука за разрешување и именување членови на Советот на Заводот за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци — Скопје — — — — — — 887
323. Одлука за разрешување судија на Окружниот суд во Скопје — — — — — 887
324. Одлука за избор на претседател и членови во Одборот за земјоделство и шумарство на Стопанскиот собор — — — — 887
325. Одлука за именување вршител на должноста републички секретар за внатрешни работи — — — — — — — — — — 887
326. Одлука за разрешување и избор на член во Комисијата за општествен надзор — — 888
327. Заклучоци за состојбата и проблемите во земјоделско-индустриските комбинати 887
328. Уредба за изменување на Уредбата за определување на условите и височината на делот на пензијата на кои има право работник во орган за внатрешни работи и работник во казнено-поправна установа и воспитно-поправен дом, кој е пензиониран по потреба на службата — — — — — 890
329. Одлука за изменување на Одлуката за давање на кредити од средствата на штедните влогови кај Поштенската штедилница 890
330. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 71/72 од 1 јуни 1973 година — — — 891

### Општествени договори и самоуправни спогодби

118. Општествен договор за усогласување на распределбата на доходот и личните доходи во основните организации на здружениот труд во стопанството — — — — 892
119. Методологија за искажување на потребни податоци од страна на учесниците во самоуправните спогодби за следење на спроведувањето на самоуправните спогодби, одделните општествени договори и Општествениот договор за организациите на здружениот труд во стопанството — — — — 896

**Објава** на Службата на општественото книговодство — Централа во Скопје за единствените показатели за организациите на здружениот труд во стопанството за периодот јануари—јуни 1972 година — — 900

**Објава** на Службата на општественото книговодство — Централа во Скопје за конечните заеднички елементи за 1972 година за утврдување на споредбениот доход во организациите во општествените дејности во СР Македонија — — — — 901

**Издавач: „Службен весник на СРМ“ — издавачко претпријатие, Скопје, ул. „29 Ноември“ бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 40100-601-128 кај Службата на општественото книговодство. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје**